Митрополит Струмички Наум

# Прирачна психоанализа

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2021

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима
Струмичка епархија

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата е издадена по повод 30-годишнината од изборот и востоличувањето на Неговата Сесветост г.г. Вартоломеј за Архиепископ Константинополски и Вселенски Патријарх – мојот надлежен Епископ и духовен Отец во времето кога престојував на Света Гора; чиј свет благослов ме покрива оттогаш до денес; Претстојател на Свет Синод на Црква – единствен надлежен за решавање на прашањето на административната Автокефалност на возобновената Охридска Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква, Јустинијана Прима.

Предисловие

# КАПКИ МЕД ОД САЌЕТО НЕБЕСНО, ЗА АДАМ ПАДНАТИОТ

За сите кои се прашуваат како може еден мирјанин да пишува поговор за беседите на еден духовник, да кажам – во право се, речиси не може. Како што рече еден познат духовник пишувајќи за својот уште попознат отец-учител: која е свеќата да сведочи за Сонцето? Но, сепак не е неможно. Утехата е во макар и слабиот пламен на свеќата, кој е сепак потсетник за постоењето на Сонцето. Добро е ако тој пламен воопшто постои, зашто може да се разнесува понатаму. Зашто со пламенот на свеќата е така: никогаш кога од него ќе се запали друга свеќа, тој (бидејќи има божествена природа) не станува „половина“ пламен, туку останува цел. И таа свеќа од којашто е земен пламен, и таа која зела пламен ќе горат со еден ист пламен. И ќе го сведочат постоењето на Сонцето.

Мојата задача е да го пренесам мојот слаб пламен на други, незапалени свеќи. Ако во тоа успеам, поговорот е успешен, зашто Словото е пренесено дури и за оние кои до сега не го разбирале. Затоа, не им пристапувам на беседите на Владиката Наум

ниту како теолог, ниту како духовник со опит (Јован Лествичник вели „Христов атлет“), зашто не сум ниту едното, ниту другото. Јас сум мирјанин кого духовните и верски поуки го интересираат, православен верник кој сака да ги приближи поуките на Светите отци до оние кои тоа ги интересира. „Преводот“ на Словото Божје и неговото толкување на световни јазици (пред сè на јазиците на филозофијата, науката и книжевноста) е сè што ми преостанува.

Па, да започнам со преводот на непознатото во она што е познато од световните знаења. Мислам на она *непознато* што се содржи во духовниот опит на Владиката Наум, а кој пак се содржи и произлегува од саќето на Светите отци кои се негови учители: и по лектирен пат, а повеќе преку непосредна поука, во оние години поминати на Света Гора и манастирите во Македонија. И бидејќи сум професор по книжевност, ќе почнам со пример од книжевноста.

Во најновата драма на мојот хрватски пријател, драмскиот писател Миро Гавран (еден од ретките во чии дела уште постои видлива христијанска трага), главниот лик, загрепчанецот Адам (ни името не е случајно), доживува страдање: ја фаќа сопругата во неверство со најдобриот пријател. И потоа, исчезнува. Сопругата и синот го бараат преку полиција, но не можат да го најдат. Откако ќе дадат оглас и во весник, добиваат повик од Риека: Адам живее таму, со една вдовица по име Лада, со која неодамна

се запознал. Но, чудното е во тоа што го сменил името: сега се вика Борис, и убеден е дека живеел во Париз, дека сопругата Жилиен неодамна му починала и дека по професија е детски лекар. Кога насилно го враќаат во Загреб, Адам, односно сега веќе Борис, не ги препознава ниту сопругата, ниту синот. По невролошко-психијатриски преглед, доаѓа дијагнозата: *дисоцијативна фуга*. Или: бегство од самиот себе, при што „бегалецот“ бега од својот идентитет, зашто е несреќен од него. Како одбранбен механизам креира (конфабулира) нов идентитет и навистина верува во него. Нема земна сила што ќе го убеди дека е Адам, а не Борис. Тој „пациент“ не сака да биде веќе она што бил, сака да стане некој друг и верува дека е друг.

Владиката Наум веќе со години, преку своите беседи постојано ни го говори истото: дека сме во колективна прелест (колективна „дисоцијативна фуга“), во постојана илузија дека „сме некој друг“: успешен политичар, успешен бизнисмен, славен уметник. „Затоа што, колку е поголема разликата меѓу она што некој е и она што си мисли дека е, толку е поголема прелеста“, вели Владиката. Владиката ни кажува дека не сме Борис, туку Адам. А Адам е паднатиот, оној кој треба да се соочи со својот пад. Со други зборови, Владиката нè опоменува да се вратиме кон својот изворен, христијански идентитет, а не да бегаме во партиски или национален идентитет, во славољубие (кариера), среброљубие (материјална благосостојба) и сластољубие (алкохол, droги, флертови). Тие три страсти го уништуваат христијанскиот идентитет, па дури и кога личат на среќа,

кога се јавуваат како *еуфорија*. Еуфоријата за Владиката е, исто така, знак на прелест, а прелеста за него е најстрашната болест на денешниот човек. Токму еуфоријата (којашто е замена за вистинската среќа) ни дава илузија дека сме некој друг, некој што е успешен (во општеството) а не *йаднаш човек* (во телото Христово, Црквата), кој треба да стане.

Адам од драмата го избира полесниот пат за да не страда: станува Борис. Така и ние, правиме сѐ да не погледнеме во своите души, да избегнеме да се соочиме со себе, да избегнеме признание дека сме за нешто виновни, да избегнеме преумување (метаноја, покајание). Правиме сѐ да обвиниме друг, да се оправдаме себеси (ужасната болест на самооправдувањето, која заедно со клеветењето денес е суштински дел пред сѐ на политичкиот modus vivendi, ама влегува и во најинтимните односи – бракот, на пример). За тоа обвинување и напаѓање на другиот, Владиката, кој будно следи сѐ што се случува не само во манастирите, туку и во општеството, вели дека е еден вид нео-фарисејство, зашто на некогашните фарисеи и денешниве „обвинувачи“ (а никогаш самообвинувачи!) заедничко им е: „тоа што постојано бараат грешка; но не баш кај секој, туку посебно кај оној на кого се фиксирани. Некој којшто го загрозува нивното славољубие и нивното високо мислење за самите нив. Тоа е комплексот на мува. Од целото цветно поле, ќе застане на некоја валканица. Не гледаат што е добро, не гледаат нешто да научат, туку го следат оној во кого лоцирале опасност и будно бараат негова грешка за да го

осудат и да прераскажуваат“. За тие модерни „дефектолози“ на туѓите души, од чии напади не е имун ни Владиката, тој вели: „Што е најчудно, најчесто тие што нè напаѓаат не нè ни знаат – не нè ни сретнале во животот, никогаш зло лично не сме им направиле – ниту кому било, а често не им е ни јасно зошто нè мразат или чувствуваат одбојност, или зошто се обземени од некаква предрасуда кон нас. Настрана тоа, туку не ни оставаат простор дека можеби негде грешат во врска со нас – што е, патолошки, најсимптоматично. Но, како што рече Господ: *Нека се изврши словото, напишано во нивниот Закон, дека Ме замразија без вина* (Јован 15, 25)“.

Така, ни осудата на другиот не ни е туѓа во напорот да се убедиме дека сме *големи луѓе* ако сме: *големи фудбалери, големи писатели, големи научници, големи министри*. А едното со другото нема никаква врска: да се биде голем уметник или голем професионалец, не значи по автоматизам да се биде добар, а камоли голем човек („широка душа“, што вели народот). Сите овие години Владиката Наум нè учи да се дехипнотизираме од илузијата дека сме *важни и големи*, да погледнеме во себе и да почнеме од почеток: со признание дека сме биле во масовната хистерија на колективната дисоцијативна фуга, дека сме му служеле преку задоволување на страстите на оној кому ни името не му се споменува и да го ставиме својот ум во процес на *исцеление*. Ама да се *исцелиме* по потешкиот пат, патот на Христос, а не да се *залечиме* по полесниот пат: патот на славата, парите и опијатите.

Веројатно затоа, специфичната *теозофија* (во новоплатонистичката смисла на овој збор) на Владиката Наум последниве години интензивно се сврте кон православната психотерапија. Таа разликува противприроден и природен начин на живот. Еве накратко како Владиката ги сумира сознанијата на оваа исклучително интересна православна дисциплина, која е пандан и соработник (а не непријател) на световната психијатрија: „Во противприроден начин на живот, на човек кој себеси се претставува како верник, спаѓаат три болни душевни состојби кои, од помалку лоша до најлоша, модерната психологија и христијанската психотерапија ги степенуваат и означуваат како: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопатија и социопатија) и религиозна психоза, односно демонизираност. Религиозна невроза му се случува на оној што не ги контролира своите мисли и чувства. Религиозно растројство на личноста му се случува на оној што не ги контролира своите зборови и дела – таквиот го карактеризира и голема бесчувствителност. Додека, пак, демонизираност му се случува на оној што, свесно или несвесно, ја исполнува токму демонската волја – таквиот го карактеризира крајна бесчувствителност“.

Природниот начин на живот, нѐ учи Владиката, исто така, е во знакот на „Тројството“ и подразбира духовно растење на три степени: *очистување на срцето од страстите* (со обичната, најчесто усно изговорена молитва), *просветлување на умот* (со дарот на умно-срдечната молитва) и *обожение* (со постојаната, непрекината благодатна умно-срдечна молитва).

Мирјаните не треба да очајуваат поради „недостижноста“ на вториот, а посебно на третиот степен (за повеќето од нас), и не треба да мислат дека се однапред „дискредитирани“ и лишени од спасение, само поради тоа што не се монаси. Владиката вели дека и монасите се соочуваат со исти, дури и со потешки, а не со „полесни“ пречки при духовниот раст, а посебно затоа што и тие се жртви на денешниот комодитет и модерен начин на живот: „Затоа, модерниот монах најчесто останува на првиот степен од духовниот развој, а утехата на просветлувањето ја добива пред упокојувањето. Тоа е. Некој треба и манастирите да ги одржува. Фала на Бог! Просветлувањето на умот со дарот на умно-срдечната молитва, во мое време – на Света Гора, го достигнуваше, отприлика, еден од десет. И сега е отприлика така. Фала на Бог! Обожените ги има, ама се анонимни. Фала на Богородица!“ Владиката не ги исклучува ни мирјаните во брак од овие подвизи, кои им се и ним оставени на располагање, во зависност од нивниот труд, богољубие и од тоа дали го сфаќаат бракот како манастир или како „општествено-економска заедница“: „Зошто овие духовни достигнувања најчесто ги поврзуваме со манастир, а не со брак? Не дека не се возможни големи достигнувања и во брак, но мислам дека многу е битно и прашањето дали некој дознава за монашки подвиг пред брак или откако влегол во брак“.

Владиката е тука врвен хуманист-оптимист: со години веќе нѐ храбри сите да појдеме најпрвин во исцелување на умот, во очистување на срцето од страстите, па дури, на едно место нѐ убедува дека

ниту „умно-срдечната“ молитва не е бауч кој се темели на некакви не знам какви „тајни“: сè е до нас и нашиот труд, односно до тоа колку длабоко (и колку време) се подвигуваме во молитвата. А мирјаните, нека си признаат, дури и да се „најголеми верници“ едвај да срочат едноминутно „Оче наш“ или полминутно „Господи Исусе Христе, помилуј ме“ во текот на денот исполнет со состаноци, празни муабети, озборувања, трачарења, правење грандомански планови за светла иднина (без Господ, се разбира), подгревање на сопствената или туѓа суета со ласкање (поради унапредување, подобро положение и подобра плата), обилни деловни ручеци на кои се озборува и омаловажува конкурентот и слични „слатки“ гадости со кои се отпаѓа од Христа. А отпаѓањето од Христа значи – духовно разболување, што некогаш води и кон душевна болест.

Адам од драмата *се разболе* затоа што: а) ја фати сопругата во неверство и почна да не верува во љубовта (за него таа стана синоним за блуд, сластољубие); б) затоа што под нејзин притисок (таа сакаше *славен* маж) напиша книга „Како да станете богат претприемач во транзициона земја“, во која ги подучи луѓето како со нечесни зделки да дојдат до сребреници. Од таа книга жена му на Адам очекуваше да стане бестселер кој ќе им донесе милион евра (Адам подлегна и на славољубието и на сребролубието на жената). Така, Адам ги „комплетираше“ трите страсти, трите чуми на современиот човек, за кои Владиката постојано пишува. И бара да *ги препознаеме* кај себе; ништо друго не е потребно за да се тргне по патот на исцелување на умот, да се

излезе од депресијата и очајот кои ги залечуваме (а не ги исцелуваме) со чудни лекови: задоволување на страстите. А со страстите е така: штом ги задоволиш, ги огладнуваш уште повеќе и стануваш роб на нивното сѐ потешко и полакомо задоволување. Основната пак особина на острастениот човек е дека *не е свесен дека е острастен*; како што и алкохоличарот, кога ќе го прашате дали е алкохоличар, ќе ви рече: „Не трескај глупости“. Или како што човекот во депресија е убеден дека не е во депресија и дека тоа што го живее е „нормална состојба за ова стресно време“. Еве го Владиката, овојпат со дијагноза (опис) на депресијата и очајанието: „Генералната состојба на оние кои го живеат противприродниот начин на живот е веќе депресија, т.е. очајание, само што тие не се свесни за таквата состојба. Таквите ги карактеризира живот на бегство од реалноста и тие не знаат дека дури и еуфоријата е очајание“, вели Владиката. А „бегството од реалноста“ и таа „еуфорија“ се постигнуваат преку среброљубие („работохолици“), сластољубие (алкохоличари, наркомани, блудници) и самољубие (кариеристи). И сето тоа – само да не се соочиме со себеси. И со Бог, Кој упорно чека, како едно мало зрно посеано во нас – да Го видиме и да се исцелиме, а не привремено да се залечиме. Тоа ни кажува сите овие години Владиката Наум, ништо повеќе и ништо пострашно!

Првиот чекор кон тоа исцелување е, според тоа, *да станеме свесни* дека сме *грешни*. Кој може да си каже себеси, наспроти сите световни постигнувања „Јас сум никој и ништо!“, тој се *освестил*. Или, како што вели Владиката: „Деца, доколку веруваме и знаеме дека ние сме никој и немаме ништо, а дека Господ Исус Христос ни е сѐ – и што сме и што имаме, тогаш свесноста за оваа наша состојба можеме да ја покажеме единствено со подвигот на постојано собирање и држење на умот во зборовите на молитвата, односно со концентрација на Неговото име во молитвата“. Ако Христос ни е сѐ, „и што сме и што имаме“, тогаш сме свесни дека сме добар чевлар, добар писател или добар владетел поради Него, а не поради нас; таа дарба не е наша, туку Негова (само трудољубивоста е наша); и ако Неговиот дар (дарбата) не го негуваме, може да ни биде одземен и даден на друг, кој ќе го цени, љуби, чува и негува подобро од нас. Ништо не е наша заслуга, о горди и возгордеани, вели Владиката низ сите свои беседи; упорно повторува, потсетува, сите овие години, само за да нѐ ослободи од прелеста и да нѐ упати кон подвиг. И ни порачува: „Освестениот подвиг ослободува од прелест: за заслуги, за високи позиции, за високо мислење за самиот себе – ослободува од гордост“.

А што е прелест? Прелест е она во кое живееше Адам *пред да се разболи*. Веруваше дека е голем професор по економија, кој може да им „помогне“ на бизнисмените со тоа што ќе ги научи брзо да се

збогатат, а всушност – да крадат и поткраднуваат од ближниот; веруваше дека жена му го љуби како што Христос се љуби во манастир (и бракот е манастир, за оние кои се подвигуваат во него). Значи, таа прелест имаше сила на *стварност*! Според Владиката, прелеста е најраширената болест на денешницава, и нема човек кој не боледува од неа, а во суштина е – прифаќање на лагата: „Прелеста е повреда на човековиот ум, како и на човековото срце, со лага. Односно, прелест е кога човековиот ум или срце во себе ќе прифатат лага. Прелеста е состојба во која, помалку или повеќе, најчесто несвесно, се наоѓаме сите ние – без исклучок. Најголема прелест е некој да мисли за себе дека не е во прелест. Освестувањето на овој факт е најдобра заштита од прелеста. Затоа, добро е да знаеме, покрај тоа – дека секако сме во прелест, и колку сме во прелест“. И навистина: кој денес, покрај мас-медиумските намерни стратегии на опрелестување на човекот може да тврди дека не е во прелест? Па прво, сите сме опрелестени од рекламите! Тоа е колективна прелест! Корпоративниот капитализам опрелестува преку маркетингот. Гледам фудбал, доаѓа реклама за пиво, толку добро дигитално изработена со разни фото-шопови, што пивото изгледа нестварно *рајски* во онаа замаглена, оросена чаша по која се лизга капка. Скокам, трчам острастен од *сликата* (во англиската семиотика сликата-знак се вика *икона*, icon) право во продавница, го купувам истото пиво, го ставам во иста смрзната чаша и... на која икона ѝ се поклонувам? Сигурно не на Христовата, туку на иконата на пивото! Не мислам дека

оној кој му се поклонува на Христа не треба да пие пиво, туку не треба да подлегнува на рекламата која му прави идол, *икона* од него. Семиологот Пјер Гиро тврдеше дека ние не пушиме цигари, туку *слики* (икони) на цигари. Ние денес се поклонуваме со повеќе вера пред „иконите“ на маркетингот одошто пред иконите на светците. Па, наместо да гледаме реклами коишто прават икони од производи, зошто тоа време да не го искористиме да се помолиме пред вистински, а не пред опрелестени икони? Зошто опрелестени? Еве зошто: кога ќе пробам од пивото, сфаќам дека се фрустрирам, зашто она пиво на сликата (рекламата) *изгледаше* поубаво од ова што го пијам. Како тоа!? Како може *сликата* на пивото да ми биде поубава од пивото само, како може сликата на реалноста да биде поубава од реалноста, како може она што човек го создал (слика) да биде поубаво од делата на рацете Божји!? Жан Бодријар е сосема во право со неговата теорија за поразителниот ефект на симулакрумите. Оваа корпоративна колективна прелест по ништо не се разликува од онаа од која страдаа Германците под нацистите: кога заврши Втората светска војна, поради масовната медиумска пропаганда, малку кој од обичните Германци знаеше дека постоел „Аушвиц“. За Евреите се сметаше (постоеше „слика“) дека се „лихвари и штетни“ и постоеше убедување дека биле праќани на општествено корисна работа по фабрики, а не дека биле убивани! И уште, колективната прелест на Германците се гледаше во таканаречениот „комплекс на жртвата“: по жестоките бомбардирања на германските градови пред крајот на вој-

ната, Германците беа убедени дека тие се жртва, а сојузниците се брутални агресори, кои го спречиле Хитлер да ги поведе не само Германците, туку и целото човештво кон поправеден свет и поправедно човештво! Каква прелест ли е тоа, во нечестивиот да се види спасител?

Ова се опомени дека прелеста може да остави ужасни, историски последици, посебно кога на некоја раководна позиција во општеството (или не дај Боже, Црквата) се наоѓа личност која наместо да се наоѓа најмалку на степен на просветление, не се наоѓа ниту на првиот степен (*очистување на срцето од страстите*), туку се наоѓа уште подолу, во степените на душевно разболување – религизона невроза, социопатија или психоза. Така вели Владиката. И уште додава дека човек не смее не само да води народ и држава, туку ниту да расправа за „јавни прашања" ако не е најмалку на степенот на просветление на умот, степен што го карактеризира умно-срдечната молитва: „Кога, пак, непросветлен христијанин ќе се заблуди во решавање на световни проблеми – политички, национални, од тоа само Господ може да излечи", вели Владиката. И уште поентира, говорејќи за денешните лажни пророци, кои се главните dramatis personae на сцената на тој (најчесто политички и религиозен) театар на илузијата (прелеста): „На денешните лажни пророци, посебно не им одговара теоретското и опитно познавање на степените на духовниот развој, како и познавањето на границите меѓу степените на духовниот развој. И, не им одговара теоретското и опитно познавање на степените на душевното разболување,

како и познавањето на границите меѓу степените на душевното разболување. Затоа што, тоа знаење на сите ни овозможува да се видиме каде сме, но ги отвора нашите очи, донекаде, да видиме и каде се другите. Посебно, да ги препознаеме лажните пророци".

Но, прелеста не е само лага; таа е и дете на страстите, заробеност на човекот од страстите и е трајна состојба на *острастениот човек*: „Прелеста е последица од заробеноста на нашите ум и срце од страстите; на умот од страста на славољубието, а на срцето од страста на среброљубието и сластољубието", вели Владиката. Ако од овие страсти страдаат оние кои се решиле на трајно туѓинување од светот и заминале во манастир, што останува за нас, мирјаните? Колку славољубиви знаете? На колкумина политичари цели тимови им работат на „имиџот", билдајќи им го рејтингот, создавајќи (им) слика за она што тие не се, а овие уште и се согласуваат со таа слика наменета за народот, па почнуваат со време и да веруваат во неа, заменувајќи ја стварноста за слика? Живееме во маркетиншка галаксија, семиотичка машина за мелење човечки души (како да меле месо за плескавици), а која работи на три главни канали: *политичка* реклама (промовира славољубие), *банкарска* реклама (банки со кредити од нула отсто камата – промовираат и развиваат среброљубие дури и кај сиромашните, коишто се лажат *дека имаат и кога немаат*) и *прехранбено-порнографска* реклама (сластољубие). Првото (политиката) развива прелест на умот, а другите две (банкарството и порнографијата) – прелест

на срцето, зашто според Владиката: „Има лажна состојба (прелест) на умот, но има и прелест на срцето. Првата прелест настанува поради прифаќање и усвојување лажни мисли, а втората од прифаќање и усвојување лажни чувства“. Едно од најчестите лажни чувства е кога меѓу мажот и жената љубовта се заменува со страст; порнографијата систематски работи на таа „замена“. Никој да им објасни на младите дека за страста е доволна и надворешна дразба и импулс, а љубовта е исклучиво *внатрешно чувство* кое не може да се предизвика однадвор. Ако педесет младичи седат во кафуле и помине провокативно (с)облечена жена, најверојатно повеќемина од нив ќе почувствуваат страст; но ќе се вљуби еден (ако се вљуби), што значи дека надворешниот поттик не е пресуден и доволен за раѓање на љубов. А нашиот медиумски живот е насочен само кон бомбардирање на луѓето со надворешни сензации кои разгоруваат страсти: голем попуст на ова, голем попуст на она, купете си ова, купете си она. Тоа во основа се противи на *подвигот* (што е централен поим во сите беседи на Владиката): подвигот не знае за *попуст*, уште помалку за *купување* заслуги.

Како и да е, сите тие модерни начини на реклама, сите тие мас-медиуми и комуникации, создаваат прелест и нè разболуваат нас, мирјаните: ретко кој не е во невроза или растројство на личноста. Смирен човек денес е редок како црн лебед. На ова време ли мислеше Ава Антониј Египетски, кога во IV век запиша: „Доаѓа време кога луѓето ќе полудат, и кога ќе видат некого кој не полудел, ќе го

нападнат, велејќи му: ти си луд, ти не си како нас“. Како да остане човек здрав во ова време? И зошто никој не сака да признае дека му е лошо, зошто секој упорно повторува „јас сум здрав, тој/таа е умоболен/на?“

А ако нешто нашиот Владика не поднесува, тоа е самооправдувањето, кое оди рака под рака со својата сестра – обвинувањето друг. „Прв, општ знак на прелест е кога проблемот го лоцираме надвор од себе“, вели Владиката, потсетувајќи нè дека вистинскиот христијанин секогаш прво вината ја бара кај себе. А нема ништо *надвор од нас*, зашто и светот што постои, велат световните филозофи-феноменолози на свеста, постои само „прекршен“ низ нашата свест, која е *внатрешна*, *душевна*, а не надворешна категорија. Така што, кога Владиката нè кори (а рака на срце, не штеди никого, дури ни оние кои му се симпатични) за обвинување друг и за себеоправдување, тој се повикува на една длабока хуманистичка, во основа платонистичка и неоплатонистичка (претхристијанска) филозофија, која-што наједноставно се изразува со пример: душата е стакло, прозорец. И ако тоа стакло не е чисто, и светот што низ тој џам се гледа ќе изгледа нечист, макар колку и да бил чист. Така е и со ближниот наш, братот: кај него лесно ги гледаме маните само затоа што можеби истите тие мани ги имаме и ние, па ни се познати. Еден крупен световен филозоф, Шопенхауер, додава: напротив, ако во братот има нешто возвишено, кое ние го немаме – нема да го видиме, затоа што немаме „фајл“ за тоа, кажано со речникот на информатиката денес. А Владиката е

непопустлив во дефиницијата: „Животот на оние што се самооправдуваат е задоволување на нивните страсти врз несреќата на ближниот, а животот на оние што се смируваат е соодветна жртва заради задоволување на основните животни потреби на ближните што страдаат“. Трето нема! И уште, ако самооправдувањето и осудувањето се брат и сестра, тогаш нивен родител е непроштевањето: „Духот на непростување води уште најмалку два духа со себе, дух на самооправдување и дух на осудување“, вели Владиката. А непроштевањето го дефинира вака: „Духот на непростување, кој се пројавува и во неспособноста да се побара простување, е еден од најблиските службени духови на најглавниот паднат ангел“.

Не претрчувајте лесно преку мислите на Владиката, зашто во секоја има скриено зрно што мислите дека се подразбира, а не се подразбира, туку бара толкување: едно зрно, цела нива раѓа! Во случајов, една таква микро-егзегеза бара и оваа навидум едноставна дефиниција на *непроштевањето*. Значи, духот на непроштевањето не е само во тоа дека вие не сакате некому да му простите нешто, туку многу повеќе во онаа *неспособност вие да побарате прошка*. А тоа во реченицата е ставено така за да биде речиси невидливо, како зрно меѓу крупно класје. Размислете, навистина: луѓето што ги сметаме за сурови (кои не простуваат) се такви *токму затоа што немаат способност тие да побараат прошка*. А зошто? Затоа што се суетни и горделиви. Затоа што сметаат дека се безгрешни. Граматички ќе ги познаете по тоа што сите реченици најчесто им поч-

нуваат со личната заменка „Јас“ (и тоа со голема буква, не само кога заменката е пишана, туку и кога е изговорена). Е тоа „Јас“ што се мести секогаш на првото место (а Владиката тврди дека секогаш треба да го заземеме последното место на трпезата Негова наречена живот, и да не се мрднеме додека Он не нè повика поблиску), тоа осоколено „Јас“ што веќе не ни чувствува дека е „јас“ (со мала буква), таа празна лична заменка од прво лице еднина – е болна. Дури и кога се обраќа на друг, реченицата ѝ почнува со „јас“: „Јас, да сум на твое место...“ Така, болни сме, а дури и не чувствуваме симптоми. Дури и да сме во најлошата, трета фаза – религиозна психоза, дури и да сме суптилно демонизирани (според Владиката и православната психотерапија – најлошата можна состојба кога човек директно и свесно му служи на нечестивиот), тоа може да биде целосно незабележливо за нас, а понекогаш и за околината! „Суптилната демонизираност нема речиси никаква врска со класична душевна болест (иако и така може да заврши) – дури таквите поединци може да се и исклучително интелигентни и функционални во социјалниот сетинг“, вели Владиката. А што значи тоа? Дека денес живееме и меѓу душевно болни со раскошна интелигенција!

Мене повторно ме влече на микро-егзегеза едно скриено зрно горе, во горната реченица: она „исклучително интелигентни“. Мислам дека Владиката тука сака да ни каже (премолчено) дека и нашето денешно сфаќање на *интелигенцијата* е исто така увод во прелест и болест. Веќе кажав дека политичката реклама работи на развивање на

самољубието (како прелест на умот) и кај политичарот, но и кај оние кои сонуваат да станат политичари (самољубиви). Но, самољубието денес подеднакво се развива и од нашето сфаќање на *образованието* и *знаењето*, на интелектот. Владиката би рекол, едноставно: *начитаноста*. Говорејќи за *просветленоста*, Владиката јасно става до знаење дека таа не е *просветеност*: само едно „л“ ги разликува, ама едното е небо, а другото земја: „Просветлен ум има само оној кој е носител на дарот на умно-срдечната молитва – од која и произлегува просветленоста. Секоја друга ’просветленост‘ е демонска. Демонската просветленост произлегува од *начитаност* (истакнатово – мое), од висока позиција, од човечка слава, од умисленост, од богатство итн.“ Оваа тема за „начитаноста“ и „знаењето“ е позната и во световната филозофија, особено во оној нејзин дел кој се занимава со филозофијата на злото: да се знае, не значи по дефиниција да се прави добро. Оној што знае, може своето знаење да го стави и во функција на злото, па со тоа знаењето, наместо да го унапредува човештвото, да стане оружје за негово уништување. Примерот со генијалниот научник фон Браун е веќе пример „од сликовница“: истиот ум што ги проектираше наведувачките боеви глави (V-2) со кои Хитлер го бомбардираше Лондон од далечина, подоцна го замисли и првото летало со кое човекот се спушти на Месечината! Затоа, едно е *просветеност*, а друго *просветленост*, и не треба едното да се меша со другото. Во богатата книжнина што ни ја оставиле Светите отци, стои и параболата дека знаењето без вера е

светлина, ама ноќна и Месечева: таа осветлува, но не може да стопли и да направи зрното (класичен библиски симбол) да пророти. Наспроти тоа, знаењето со вера е светлина што и осветлува и топли, и затоа дава род. Дури и во световниот збор *образование*, под коешто ние подразбираме само *начитаност*, коренот на зборот е „образ“: да бидеш образован не значи само да знаеш, туку пред сè да „имаш образ“. А тоа подразбира морално воспитување кое нужно подразбира *боголубие*, зашто човековиот образ е Божји: тој е *изобразен* по ликот Божји. Иако денес, може слободно да се каже: тој е *избезобразен* наспроти ликот Божји.

„Почетокот на прелеста е неверојатното одбивање на модерниот ’христијанин‘ да го стави умот во процес на исцеление, односно одбивањето да ги восогласи начинот на својот живот и подвиг со степенот од духовниот раст на кој се наоѓа, во анонимност“, констатира со жалење Владиката.

А од каде тоа *одбивање*?

Затоа што да се стави умот во процес на исцеление, значи откажување од *навиката*. А навиката е најстрашниот господар. Таа е убиство на желбата и љубовта. Навиката нè привлекува затоа што ни го олеснува животот, наместо да нè води кон подвиг, кој пак бара и желба и напор и страдање. Освен тоа, она што се прави по навика излегува од нашето поле на перцепција и не нè обврзува на себепреиспитување. Има луѓе што и не забележу-

ваат кога палат цигара, зашто тоа го прават од навика, не од желба. Виктор Шкловски, генијалниот ум на рускиот формализам, во *Воскресение на зборот* дава пример за таа навика која умртвува и создава автоматизирана перцепција на светот: една вечер, седел крај море со еден рибар, мештанин, и муабетел. За сето време брановите удирале во карпите на брегот. Му рекол на рибарот: „Колку убаво удираат". Тој го погледнал прашално и рекол: „Кој удира? Каде? Не слушам ништо необично". Примерот е одличен да ја објасни автоматизираната перцепција на светот, која е многу блиску до она што во беседите на Владиката се вика *бесчувствителност* и *пасивна социопатија*: „Модерниот човек е просто бомбардиран, преку електронските медиуми, за многу и најразновидни несреќи, најчесто со смртни последици, а тој, просто, нема ни време, ни знаење како тоа да го процесуира во себе, без притоа да претрпи поголеми негативни последици. Бесчувствителноста е една од лошите последици, која кај модерниот човек се појавува како пасивна социопатија. Што, накратко, значи пасивна социопатија? Тоа е кога човек активно не прави никакво зло никому, но истовремено е бесчувствителен за страдањето на луѓето околу себе и за сите останати за кои слуша дека многу страдаат; и не помага никому. Пасивната социопатија е најпроширената болест на новото време". И точно е: толку е раширена, што не ја ни забележуваме. Се сеќавам дека еднаш, во странство, во фоајето на еден хотел, седев со еден мој пријател, македонски писател: на ТВ одеше кратка вест дека полн автобус со деца се

урнал од мост во Индија. „Фала Богу не е кај нас“, рече, и во истиот момент јас знаев дека ниту верува во Бога, ниту е писател. Не може да верува во Бога кога за него е „среќа“ што несреќата погодила друг, а не него; а второ – писателите, после романтичарскиот поим weltschmertz (светска тага) – не можат да бидат нечувствителни. Светската тага подразбираше: ако некому му се случува трагедија макар и на другиот крај на светот, ми се случува и мене; космосот е организам, а не механизам (како и човекот), и сè е поврзано со сè; она што овде изгледа како последно треперење на крилјата на застрелан гулаб, некаде во вселената можеби значи судар и смрт на цели галаксии... Затоа, Владиката вели: „Единствен лек против оваа модерна пандемија е молитвата за целиот свет“. Солза над целиот свет.

Бесчувствителноста е на критичка мета кај Владиката и кај современите монаси, не само кај нас, мирјаните. За таа бесчувствителност е виновен комфорот: „Модерниот и комфорен начин на живот се одрази и на Света Гора. Кога јас дојдов во манастирот Григоријат, немаше ни парно затоплување, ни струја. А камоли, пак, мобилни телефони, компјутери, Интернет и телевизија. Сега, сето тоа го има, нешто е општо достапно за сите, а нешто само за поединци. Денешните генерации млади не би можеле ни да помислат да одат во манастир без да има некои од овие олеснувања; на пример, електрична енергија и парно затоплување“. Својата навидум „ригидна“ теза за тоа дека комфорот ги уништува чувствителноста и сострадането, како

и дека манастирите сепак не треба да бидат хотели од синџирот „Хилтон“, Владиката ја поткрепува и самиот со книжевен пример: „Ова убаво и накратко го има опишано американскиот писател Џефри Мајкл Хоф, велејќи: ’Тешките времиња создаваат цврсти луѓе. Цврстите луѓе создаваат добри времиња. Добрите времиња создаваат слабаци. Слабаците создаваат тешки времиња‘“.

Кога сме веќе кај темата „болести“ и „болно“, да кажеме дека Владиката, како и во некои претходни негови антологиски беседи, жестоко удира по сите кои се „номинални христијани“, како што знае да каже кога е благ. За него, неверието е исто што и поистоветување со партија, држава и народ: „Од каде произлегува лажното христијанство? Од неверието, пројавено како желба за земно царство, конкретизирано во поистоветување со државата, народот и политичката партија – како овоземна сигурност. Поистоветувањето со овоземното е одрекување од небесното, одрекување од Божјата несоздадена благодат, одрекување од Бог“, decided е Владиката. Сурово за повеќето од нас, ама точно.

Владиката Наум постојано и безмилосно разбива заблуди кај многу номинални христијани, и тоа го прави за нивно добро, иако ним не им е драго да го чујат тоа: „Постои и една посебна и многубројна категорија христијани кои, иако се наоѓаат во религиозна невроза, со некоја добронамерна идеја се трудат во духовниот подвиг (се исповедаат, постат,

се причестуваат, се молат, се покајуваат и плачат), дури достигнуваат и до делумно очистување на енергијата на умот, но поради неисполнување на вториот услов – послушанието, доживотно остануваат во една падни-стани состојба, во едно постојано мачење, без да ги вкусат плодовите од својот труд", а такви има и на разни положенија и во црквата, вели Владиката, со што го покажува еднакво својот критички став и кон неа како институција (човекова творба, во која е очекувано да има и грешки, но барем да бидат сведени на минимум!).

Понатаму, Владиката детектира уште една аномалија кај верниците, која ретко кој ја гледа, па дури сме и во заблуда дека тоа е *исправно*, а не *погрешно* гледање – на пример, сфаќањето на *чудото*: „Некои бараат чуда или знаци. Заборавaат дека чудото или знакот ја ограничува слободата на човекот и го *принудува да верува*, состојба која се коси со православната духовност. Односот со Бог треба да го градиме слободно и љубовно, а Бог знае точно кога и како да го дозира со знаци и чуда, кои најчесто се лични, а не јавни. Денес, најголемото чудо е сострадалноста". И погледнете колку скриени зрна мудрост на мал текстовен простор! Навистина, кога морето „јавно" би се отворило пред сите нас, па кој од нас нема да поверува!? Поентата на Владиката е: *секој може*, кога ќе биде сведок на чудо. Но подвигот е да веруваш и кога нема чуда! Чудото не ти остава слобода да веруваш по твој избор. Еве еден пример од книжевноста: сите велат дека кај Франц Кафка чудата се предадени „како да се нешто најнормално", а никој не објаснува зошто. Никој нема

храброст да изнесе тврдење дека Кафка, наспроти тоа што бил песимист и експресионист, токму со овој однос кон чудата покажува дека длабоко во душата бил религиозен, макар и несвесен за тоа. Кога неговиот лик Грегор Самса едно утро се буди престорен во бубачка, раскажувачот ни го соопштува тоа како најнормално нешто, како да се разбудил со главоболка. И токму затоа што не нѐ принудува да веруваме, и не го истакнува тоа како чудо, затоа и му веруваме дека Самса можел да се престори во бубачка! Тој раскажувач, едноставно, во својот расказ го тврди за чудото истото она што и Владиката Наум во својата беседа.

Или: заблудата дека на причест се оди за самиот чин да те „очисти“. Ама тоа не значи да се отиде валкан! Напротив, и ти, кога се причестуваш му даваш чистота на тој чин. А како? Лесно: „Не оди да се причестуваш со Светите Тајни Христови ако не си побарал прошка од братот свој, ако не си му одговорил со љубов или ако не си го покрил пред Бог злото што ти го нанел, затоа што наместо да се соединиш со Христос, тоа ќе ти биде излегување на суд и ќе отпаднеш од Него“. Страшно изгледа вака кажано, ама вистинито е: на учество во чист чин не може да се надева валкана душа, која и причеста ја сфаќа како *чудо* (она од горниот пасус) кое *инстант* ќе го очисти, без тој самиот да поработи малку на своите гревови, преку практична (дејствена) љубов: милосрдие, барање прошка...

Или: честата забелешка, на раб од богохулење, која се слуша од луѓе кои инаку се декларираат како верници, а се однесува на тоа дека Бог му дал

повеќе некому кој ниту се моли (како ние), ниту оди во црква (како ние). Владиката вели: „Да запаметиме: Бог е толку добар, што сите ние, и свештеници и лаици, и верници и неверници, имаме многу повеќе дарови Божји одошто ’заслужуваме‘, и во ’квантитет‘ и во ’квалитет‘; за да може овој свет, колку-толку, нормално да живее. Тешко нам, ако Бог ни судеше според нашите дела. (...) Кога би ни се отвориле очите да видиме со колкава благодат Бог ги покрива безбожниците во светот, за да можат нормално да функционираат, се плашам дека би постапиле како постариот син од евангелието за блудниот син[1]. Да имаме освестен подвиг. Да бидеме смирени. Сепак, Бог дојде болните да ги исцели, а не здравите“.

Владиката го боли лажното христијанство не само кај мирјаните, туку и кај „неговите“, духовниците. Самиот се соочил со тоа во неговиот личен христијански живот, откако имал можност да се најде на источникот на подвигувањето, на Света Гора, од каде го започнал своето „екстремно туѓинување“ (како да го читаме Јован Лествичник), својот личен подвиг, во чие теозофско средиште се наоѓа поимот на *заслужувањето*: „За ова да се достигне потребно е да се седне и на последното место, а тоа е екстремното одрекување од овој свет, односно заминувањето во манастир, во туѓа земја, меѓу туѓинци – чиј јазик не го разбираш и без никаква можност за некаква човечка промоција. *Но, кога ќе бидеш поканет, отиди и седни на*

[1] Види: Лука 15, 11–32.

*последното место, та оној што те поканил, штом дојде, да ти каже: 'Пријателе, премести се погоре!'* (Лука 14, 10). (...) Повикот е, пред сè, Божествениот дар на умно-срдечната молитва (па потоа повикот на Црквата и благословот од својот Епископ). И тогаш ќе седнеш на вистинското место за тебе. (...) Погоренаведеното е сосема спротивно од тоа да станеш монах во родната земја, со ветување дека ќе станеш епископ – без долгогодишен монашки подвиг и пород, без внатрешно духовно покритие на умно-срдечната молитва, и дотолку да „декомпензираш" од делузивен месијански порив, така што да сметаш дека со секуларни методи ќе спасуваш цела помесна Црква, или цела држава, или цел еден народ, или сето тоа заедно, и наместо добро, да направиш огромна духовна и општествена штета".

Владиката, според тоа, воопшто нема „влакна на јазикот" и кога говори за Црквата, која нужно ќе пропаѓа ако на нејзините пастирски позиции се наоѓаат луѓе со несоодветен степен на духовното возвишување: „Според Светите отци, оној кој е на степенот на очистување на своето срце од страстите може да биде ракоположен во ѓаконски чин; оној кој е на степенот на просветлување на умот со дарот на умно-срдечната молитва може да биде ракоположен во презвитерски чин; и оној кој е на степенот на обожение може да биде ракоположен за Епископ на Црквата Божја". И толку. Ни повеќе, ни помалку. Ако сакаме вистинска Црква, и ако сакаме да не влегуваме повторно во прелест и самозалажување.

Овие беседи, видливо импрегнирани со знаењата од православната психотерапија, го поставуваат и прашањето за депресијата. Притоа, се повлекува јасна разлика меѓу световното и религиозното сфаќање на депресијата: „Постои разлика во дефиницијата за депресија, т.е. очајание, од аспект на христијанската психотерапија во однос на модерната психологија. Од овој аспект, црно-бело кажано, секој момент надвор од молитва е очајание, односно депресија“. Како што се гледа, дефиницијата е многу строга – зашто сето она време што е поминато надвор од молитвата е – депресија и очајание, а непрестајна молитва имаат само *обожениѿе*, оние на третиот степен на духовен раст. „Како тогаш да го избегнат очајанието оние кои имаат аскетска умно-срдечна или оние кои имаат само обична, усна или умна молитва?“, се прашува и самиот Владика, зашто знае дека ова може да дејствува обесхрабрувачки на сите кои сакаат да се подвигуваат, па вели: „Остатокот од времето поминато надвор од молитва, на оние кои немаат непрестајна умно-срдечна молитва, Црквата им го покрива со послушанието. (...) Сѐ што е надвор од подвигот на послушанието влегува во областа на очајанието“.

Со тоа, доаѓаме до *нужносѿа* денес, секој кој сака да се доближува до Христос, да има свој духовен отец кој ќе го раководи и кој ќе го определи послушанието. За Владиката (и не само за него, тоа е темел на сето подвижништво) најопасна работа е

*самораководењето.* Владиката отсекогаш истакнувал дека *послушанието* и раководењето од духовен отец се основа на правилниот раст, барем до постигнување на вториот степен, кога послушанието не е веќе неопходно.

Зошто толку значење Владиката му придава на послушанието, кога знае дека тоа е она што најмногу ги иритира оние кои сè уште не поверувале, а ги интересира што се тајните Христови? Ги иритира затоа што во природата на човекот е да ја љуби својата слобода најмногу на светот, а сега,ваму, кога ќе поверува, му доаѓа некој („Кој може и да згреши, и тој е човек!“), па му вели: „Слушај ме мене!“ Така си размислуваат сите тие кои немаат доволно увид во православното богољубие, ама некој треба да им објасни (и тоа Владиката упорно, веќе четврт век го прави!): ако духовниот отец наведува на погрешно послушание, гревот оди кај него, не кај оној во послушание. Треба некој јасно да им каже дека не треба да ја повторуваат судбината на полковникот Аурелијано Буендија, симпатичниот револуционер од романот *Сто години самотија* на Габриел Гарсија Маркес. Да ве потсетам: нему слободата му беше највисок идеал; дигаше револуции и делеше човечка правда, убеден дека работи за Бога и за Неговата правда. Ги сакаше и Бог, и револуцијата: тоа значи и земната и небесната правда, а тоа значи – не разбираше ништо, зашто едното нема допирни точки со другото, зашто човековата правда е секогаш *неправедна*, а Божјиот суд секогаш праведен (дури и кога нам ни се чини – неправеден, зашто не оди во наша

полза, онака како што ние сме си го замислиле животот). Полковникот Аурелијано Буендија како книжевен лик се прослави со она свое одбивање на свештеникот кој дојде да го причести, во момент кога беше ранет и кога изгледаше дека ќе умре. Тогаш му рече да си оди, зашто тој верува во Бога, „ама обично си ги решава своите прашања директно со Бога, очи во очи“. Јас не знам поубав пример во книжевноста за тоа во каква прелест може да одведе самораководењето. Кога ја изговара оваа реченица, убеден дека е на „ти“ со Бога, полковникот всушност богохули, сметајќи се за светија; па и тие дури не се на „ти“ со Бога. А сепак, Буендија ни останува симпатичен лик: му проштеваме за ова, зашто го сожалуваме и гледаме дека во него има *голема* верба, ама тој *погрешно* верува; кога само таа верба би ја ставил во правилна насока, би се добил – примерен монах! Така е и во стварноста. Јас барем познавам десетина „полковници и полковнички Буендија“: тврдат дека веруваат во Бога, „ама на свој начин“ и дека си имаат „свој поим за Бога“. Тоа не е тажно; не е ни смешно; тоа е инфантилно. Никако некој на овие деца (кои како и сите други деца страдаат само од незнаење, не од расипаност) да им објасни дека *слободата* е прво и основно начело на верата во Христос, и дека тука важи: „Сѐ ми е дозволено, ама дали ми е сѐ потребно?“ Е, на тој втор дел од прашањето, „дали ми е сѐ потребно“ доаѓаат духовниот отец и нашето послушание, зашто тој отец, бидејќи го изврвел Патот (или дел од Патот) пред нас, може да ни помогне, да не трошиме време, да не лутаме

попусто (кога пред нас веќе многумина лутале и залутале и имаме искуство од тоа), да нѐ води. Па кој улав пилот денес, во магла, би одбил да спушти авион со радар и би ѝ рекол на аеродромската кула: „Не благодарам, знам сам, сам ќе се снајдам". Кој ако не *славољубивиот*?

Послушанието, затоа е смислено за да се изгони засекогаш *суетата*. И не само тоа, туку поважното е во тоа што послушанието е *срцевина* и на крштението и на молитвата. Еве го тоа место, со устата на Владиката кажано, да не прекажувам и прераскажувам:

„Послушанието е актуализација на благодатта на Крштението. Ако некој само се крсти и учествува во Тајните на Црквата, без да влезе во подвиг на послушание, тој нема да ја активира и благодатта Божја да му содејствува во очистувањето. Но, ако преку послушание ја активира Божјата несоздадена благодат кон содејство, тој секако ќе го очисти своето срце од страстите, доволно за во него да го забележи и изворот на истата благодат. Изворот на благодатта се нарекува и место на срцето. Енергијата на умот, пак, природно ќе биде привлечена кон местото на срцето, односно кон својата суштина, и во тој момент започнува аскетската умно-срдечна молитва. Дарот на молитвата на срцето е знак дека човекот преминал на степенот на просветлување на умот".

Кој не бил или не е во послушание – нема да научи да се моли вистински, вели Владиката. Ќе се фокусира на техника, како да свири виолина; ама дури и добрите виолинисти знаат дека додека

мислат на техниката, нема ништо од музиката и уметничкиот занес. Така е и со молитвата, јадрото, срцето на православието, основното оружје на секој Христов воин против злото: „Суштината на молитвата на срцето е покајанието, а не техниката на кажувањето. И сите техники да ги знаеме, ако покајание немаме, никогаш нема да ја имаме“, опоменува Владиката. Кој не се покајал, не научил да се моли, без штит и копје тргнал во војна со „легионите нечисти духови“ (милува да каже Владиката Наум), па ќе пострада прв. Работите се поврзани: кој нема да биде во послушание, нема да ја активира благодатта на Крштението, која е неопходна за стекнување на умно-срдечната молитва; кој неа не ја постигне, нема да си ја открие „вратата на срцето“ („местото на срцето“), или онаа точка во која се наоѓа срцевиот престол на умот, врвот на нашето единство со Христа. А кој нема да ја открие вратата на срцето преку таа молитва, и кој уште за време на животот нема да влезе во Царството Небесно, нека знае: ќе влезе низ таа врата целосно неподготвен кога времето веќе нема да биде во него, ниту тој во времето, зашто:

„Двапати, ние христијаните, влегуваме во Царството Небесно. Првпат, кога го откриваме местото на срцето, т.е. кога енергијата на нашиот ум се соединува молитвено со својата суштина во нашето духовно срце, т.е. кога го добиваме дарот на умно-срдечната молитва – затоа што Царството Небесно е внатре во нас[2]. И вторпат, кога се упокојуваме“.

[2] Види: Лука 17, 21.

Или, уште појасно – со молитвата ние сфаќаме дека Царството Небесно е овде, уште на земјата (ама не во општествата и „царствата земни“ како што веруваат социјалистите, нацистите, комунистите, либерал-капиталистите и сите други „-исти“ зашто се во суштина револуционери), туку *во нас, внатре*. А сите тие „револуционери“ го менуваат светот пред да се променат себеси: „Што се однесува до христијанскиот метод – прво се очистуваш, просветлуваш и восовршуваш себеси, а потоа со молитва, со љубовен збор и дело тоа им го сведочиш на другите и ги исцелуваш, а и тоа согласно позицијата што ја имаш во Црквата и општеството. (...) Се менуваме себеси, и само преку себеси – другите“.

Затоа, нема повисока цел од таа да се достигне *умно-срдечната молитва*. За неа Владиката ни вели, храбрејќи нè: „Размислував на кој начин да ви покажам колку, всушност, молитвата на умот во срцето е многу блиска до секој од нас и како да го направиме самиот подвиг во молитвата наше реално секојдневие“, па ни открива и нешто важно од личен опит, за сите кои сакаат да се молат со „полна“, лична и личносна (сите кои барате „слобода“ во верата, еве ви ја!), а не со формална и „општа за сите“ молитва:

„Внатрешното слово со коешто човек разговара внатре во себе и ја твори молитвата безгласно, попрецизно кажано, извира од срцето како наш духовен центар. Покрај тоа што во срцето се наоѓа суштината на умот, тоа е, значи, и изворот на внатрешното слово. Ако со внатрешното слово, наместо

кои било помисли, ја изговараме молитвата, ќе го направиме нашето срце и извор на *личната* молитва“.

Во таа, за мене една од клучните беседи, Владиката открива и други тајни околу молитвата. Затоа, таа беседа не треба да се *прочита*, туку да се *препрочитува* постојано. Клучната работа е да се расчисти со општораширената заблуда дека „умот е во разумот“, односно „во главата“; и да е таму, треба да го преселиме во срцето, каде нему му е единствено угодно и богоугодно: „Пројавувањето на Божјата благодат е моментот што прави да се отвори срцето, за умот да влезе внатре молитвено, препознавајќи го непрелестно местото на молитвата во срцето. Потоа следува аскетско престојување и задржување на умот, но сега, во Светињата на светињите во срцето, сѐ додека духовната топлина што притоа ќе се случи не го преобрази (одухотвори) целиот, во несоздадена светлина, подвижник на молитвата, кој постојано така гори“.

Кој тоа ќе го постигне, ќе се спаси. А кој овие беседи ќе ги чита, ќе се спасува. Само тоа ни останува денес, кога, како што вели Владиката со пророчки тон, во една од најубавите беседи („Како одат работите...“): „Ѓаволот, полека но сигурно, го гради апокалиптичниот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи таканаречените јавни личности или разни селебрити, како медиуми, односно преносители на неговата илузија, кои станаа урнек според кој целиот свет се сообразува. Колку поголема слава или позиција има јавната личност во овој свет и колку повеќе е оддалечена од Бого-

човекот Исус Христос, толку е поголема веројатноста дека демонот ќе ја искористи како свој медиум. Техничката поддршка за сето ова е овозможена од развојот на науката, посебно од областа на современите електронски, интернет телекомуникации. (...) Општество засновано само на страсти е општество на поделби, на конфликти, на непријателства, на војни – со еден збор: општество на незадоволени страсти“.

Ако и најдолгиот пат почнува со првиот чекор, тогаш потребен ни е само првиот чекор: *преумување*. Покајание. Кој ќе го направи, ќе ја види Целта. Ама и Целта ќе го гледа и варди него.

Владиката Наум, природно, во духот на нашата вера, не поднесува и не дозволува фалби: ништо на овој свет, а најмалку дарбата, е наша заслуга. Затоа, крајот нека биде пофалба на Словото што ни го предава, а само споменување на оној што ни го предава. Сепак, некој ги исцедил овие капки мед од саќето небесно, и ако ништо друго, ги собрал на едно место, во една лажица за нас: болните, паднатите и неисцелените.

Што имаме ние, читателите на овие беседи, *во* оној што ни ја подава таа лажица? Имаме: подвижник со личен опит и богато духовно искуство. Строг духовен раководител, некогашен ученик на Светогорските отци а сега учител по огнена (умно-срдечна) молитва. Досетлив и светлозрачен егзегет на Светото Писмо. Понекогаш, духовит беседник

за кој и овците од пастирското стадо посакуваат да станат кучиња-чувари, некои дури и пастири, а всушност – волци. Остар и беспоштеден критичар на суеверието и номиналното христијанство. Упатен медиолог и социолог – аналитичар на отпаѓањето од Христа преку социјалните мрежи, партизацијата, етнофилетизмот и поистоветувањето на христијаните со државата („царството земно“). Компетентен познавач на православната психотерапија и патиштата за напуштање на религиозната невроза и растројство на личноста. Критички настроен и за вистината гладен познавач на состојбите во Црквата, не само нашата, туку и на екуменско ниво. Трудољубив утешител на паднатите верници и на своите духовни чеда: по илјадапати ќе повтори нешто што мислиме дека го разбираме, а не го разбираме, зашто паѓаме на она што мислиме дека е очигледно и дека *веќе* го знаеме. Бдејач над страстите и самоопитен проучувач на начините на коишто демоните се обидуваат да нè турнат од тесниот пат на Вистината. „Непоправлив оптимист“ во борбата меѓу доброто и злото дури и надвор од портите на манастирот: човек кој верува дека секој од *нас* може да стане подобар, без разлика до која височина на подвигот ќе стигне, и затоа – неуморен духовен отец кој се саможртвува и раздава себеси и дење и ноќе на своите духовни чеда, „калемејќи светлина на мракот“, како што велеше Петре М. Андреевски.

Да завршам со почетокот (во духот на Воскресението, оти „крајот“ е всушност почеток): да се

вратам на ликот на Адам од онаа драма. Тој, бидејќи падна откако неговите најблиски паднаа, реши да избега во болест, во дисоцијативна фуга, па да стане Борис. Да ја имаше оваа книшка в рака, ќе сфатеше дека сè што требал да стори е да влезе во првата црква и да се помоли за себе, за Паднатиот Адам. За да може Подателот на сите блага и Утешителот да му подаде рака. И да го подигне како Адам, не како Борис.

проф. д-р Венко Андоновски

# ВОВЕД

Неколку години наназад, моето лично и професионално искуство го збогатувам читајќи ги беседите на Митрополитот Наум. Интересен и провокативен е неговиот пишан збор, длабоко теолошки, но со извонредна прецизност во психолошката анализа, подеднакво.

Неговото беседење, кое во својата природа е теолошко, подеднакво е и со извонредни познавања на човечката психологија. Тој врши психолошка вивисекција, слој по слој, на личноста и со прецизна аналитичност, до ниво на моќ на созерцание, открива длабоки вистини, пренесувајќи ја сферата на сакралното во секојдневното световно. На тој начин, овие беседи добиваат една друга димензија и ги прават привлечни за сите оние кои имаат очи да видат и уши да чујат[1].

Секоја една од овие, ќе си земам за право да ги наречам, теолошко-психолошки лекции, фрла нова светлина во толкувањето на сложените и заемни односи меѓу луѓето, општеството, самото битие, Бог. Сигурно и смело ги поместува границите и нежно ја брише меѓата, можеби вештачки создадена, меѓу она што ние, професионалците од доменот на мен-

[1] Види: Матеј 13, 16.

талното здравје, го дефинираме како психа, а теолозите како душа, и сѐ станува едно, испреплетено во хармонична целина.

Преку беседењето на Владиката се добива една поинаква слика за човекот и неговата егзистенција – одеднаш психолошкото станува само едно скалило што води во пошироката перспектива за конфигурацијата на неговите скриени, суптилни слоеви, оние вечните, духовните, каде започнува вистинското сознание. Човекот станува повеќе од неговите мисли, емоции, однесувања, перцепции, тој станува духовно битие. Се добива впечаток дека во неговото срце постои цел еден универзум, за кој Владиката вели дека е Царство Небесно, а патот до него не е психолошка контемплација, позитивни афирмации, персуазија, туку едноставно и просто умно-срдечна молитва.

Кога ние, психијатрите, говориме за организацијата на менталниот апарат, мислиме на неговите психички функции: свест, разум, мислење, интелигенција, волја, нагонски динамизми, кои заедно ја сочинуваат човековата психа. Наспроти ова, во оваа книга наидуваме на мошне интересно гледиште, коешто во доменот на православната антропологија го опишале отците на Православната Црква; и едноставно, запрепастувачко е нивното сознание и прецизниот опис, лишен од каков било емпириски, научен метод, а поткрепено со посветен аскетски, личен опит.

Во 19 век, австрискиот психијатар Сигмунд Фројд предизвикал вистинска револуција со неговото оригинално толкување на аспектот на човечката лич-

ност, психа и нејзината структура, која тој ја објаснил преку термините: ид, его и супер-его. Со тоа ги поставил темелите на цел еден нов правец, психоанализа, кој станал зародиш на модерната психијатрија и психотерапија.

Фрапантен ми беше податокот дека во 7 век, свети Максим Исповедник, монах, а не научник, уште помалку психијатар, со исклучителна прецизност пишува за трите сили на душата – словесниот ум, желбата и волјата.

### *Духовна теорија на личноста*

Психотераписките правци, кои произлегуваат од различните психолошки школи, имаат поединечни теории на личноста, преку кои секоја од свој аспект дава објаснување за психолошкиот развој на личноста, низ развојни фази со објаснување на нивната природа, особености, развојни предизвици и задачи.

Христијанската психотерапија, како сублимат на исихастичката школа, е базирана на две илјади годишното искуство од патристичкиот опит, од којшто произлегува практична духовна теорија на личноста.

Владиката, како жив пример на аскетско-исихастичката школа, со свој личен монашки подвиг од кој произлегува неговото внатрешно покритие, е носител на есхатолошкото и суштинско свештенство, а не само на формална академска наобразба во доменот на теологијата, психологијата и социологијата. Тој е првиот кој има направено систематизација на духовниот развој низ трите степени со

нивен прецизен и детален опис[2]. Така, оваа систематизација е базичниот модел на духовниот развој на личноста во христијанската психотерапија, за разлика од сите досегашни психолошки правци, кои вршат опис на развојните циклуси на човекот но на психолошко ниво. Со тоа, тој ги поставува темелите на Христијанската психотерапија. Како и останатите психолошки школи и психотераписки правци, истата има сопствена духовна теорија на личноста, со свој метод, теоретски поставки и пракса, и по својата природа е хуманистичка, позитивистичка, холистичка и длабоко релациона.

### *Релациониот аспект во христијанската психотерапија*

Психологијата, а особено релационата психотерапија, во најголем дел ја акцентира важноста на релацијата и нејзиниот квалитет. Базичната врска, атачментот, помеѓу мајката и новороденчето, несомнено е од витално биолошко и психолошко значење за личноста, а потоа и за сите следни интерперсонални врски на човекот со неговата околина и пошироко, трансперсоналните, оние за кои Владиката пишува со посебен акцент на важноста и насушната потреба од еден посуптилен вид релација, односот меѓу човекот и Бог, и односот меѓу духовниот отец и неговите чеда.

[2] Ilievski, N., Metropolitan of Strumica, "Basics of the Ascetical (Christian) Psychotherapy", *Contributions. Sec. Med. Sci.*, 36(1), MASA, 2015, стр. 165–173.

Улогата на духовниот отец – психотерапевт има две основни функции: лидерска и пастирска.

Во овој контекст пастирскиот однос како специфичен вид релација го отсликува аспектот во поврзувањето, со квалитет на водење грижа, кој според мене, во психолошка смисла, е најблизок на споредбата со релацијата меѓу добар родител и неговото дете.

Во еклисиолошка смисла, пастирот има улога на водач на паствата (стадото), што претставува еден вид лидерство, но не од позиција на моќ, туку во една подлабока смисла на антиномичност, со функција на служење, пожртвуваност, предводење, грижа и заштита, коешто треба да произлегува единствено и само од, како што потенцира Митрополитот, „внатрешно покритие – обожение“.

Која е разликата меѓу однос и поистоветување? Односот е жив и се гради, во него секој учествува со своите капацитети и кокреативно создава и обликува, додека пак, поистоветувањето е идентификување со веќе постоечките форми и облици, каде честопати и самиот објект на идентификување е некомплетен и ограничен. Во здравите релации се изградува личносен однос, со тенденција за континуиран раст и развој, и притоа се актуализираат севкупните личносни потенцијали. Спротивно, човекот на индивидуално и колективно ниво, претрпува дезинтеграција преку надворешни поистоветувања, со некомплетни и парцијални објекти, „овоземни форми на човечко организирање“: држава, нација, партија, кои Митрополитот ги акцентира како три основни пада на христијаните.

### *Личноста, менталното здравје и душевното разболување – психолошка и теолошка перспектива*

Моделот на клиничката психологија има поставено неколку базични аксиоми во однос на личноста и нејзиното однесување. Според него, личноста е единствена, има своја внатрешна структура и истата се развива преку процес на адаптација на барањата на околината, со најоптимално функционирање и постигнување на трајна стабилност. Нејзиното однесување е детерминирано и мотивирано.

Еден од основните постулати е дека развојот на личноста и нејзиното севкупно однесување се одредени од три извора на стимули, кои потекнуваат од трите аспекта на човековата личност: биолошки, психолошки и социјален.

Според православната психотерапија, постои и духовен извор, кој е во корелација со духовниот аспект на личноста. Тоа веќе го валидираат и современите научни трендови, кои го наведуваат духовното здравје како четврта димензија на севкупното, покрај трите претходно дефинирани димензии од СЗО.

Сите тие меѓусебно се преклопуваат и функционираат како единствена целина. Негирањето на духовниот аспект ја ускратува и осиромашува комплетната слика за личноста на човекот и неговата целовитост. Голема и провокативна е енигмата до каде е границата на психолошкото, а од каде започнува духовната сфера? Преку овие беседи некако суптилно продираме во таа зона и добиваме

одговор на многу прашања.

Учителите на христијанството, врз чиешто учење се базира православната антропологија, во однос на личноста и нејзиното устројство, дефинираат, главно, два начина на живот: природен и противприроден.

Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *боговподобување* или христијанско совршенство (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва). Спомнат е и видот, односно квалитетот на молитвата, бидејќи согласно тоа се одредува и степенот на духовниот развој на личноста.

Противприродниот начин на живот се одвива на три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски (архетипот на злото) помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).

Противприродниот начин на живот на една индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози.

Следствено на ваквата поделба, за секоја патолошка состојба во христијанската психотерапија постои и восогласено ниво на дејствување, коешто Владиката многу прецизно го опишува и систематизира: „оној што е на ниво на очистување може да му помогне на оној што го вознемируваат неврози. Оној што е на ниво на просветлување, покрај на невротичните лица, може да им помогне и на психопатите и социопатите. А оној што е на ниво на боговподобување (чудотворец – исцелител) може да им помогне, односно да ги исцели, покрај првите два вида, и психотичните лица“.

### *Дијагностички критериум и класификација на душевните болни состојби*

Највисок дострел во хуманистичкиот развој е постигнување на целосно битие. Од психолошки аспект тоа е себеактуализирано, реализирано и интрапсихички интегрирано, со комплетиран личен раст и развој. Сето ова наброено е индикативно за ментално здрава индивидуа.

Како едноставен индикатор за душевните психопатолошки состојби, Владиката ги посочува поделбите, кои доведуваат до внатрешен – субјективен, душевен, и надворешен – интерперсонален расцеп. Овие поделби тој ги дефинира според два критериума, внатрешен: доктринарно, персонално; и надворешен: национално, по јурисдикција и партиски. Според ова, душевните психопатолошки состојби не се само индивидуални, туку и пошироко – социјални категории.

Врз основа на оваа духовна анализа, пред сѐ, од „внатрешната суштинска поделба (дуализмот меѓу умот и разумот) произлегуваат сите деструктивни поделби“, затоа, а со цел да станеме индивидуално и колективно интегрирани и здрави, да го надминеме ваквиот дуализам – расцепот меѓу умот и разумот, со премин од душевност во духовност, односно да преминеме од противприроден во природен начин на живот.

Во христијанската психотерапија основен критериум, според којшто се разграничуваат степените на духовниот развој, кои се во доменот на природниот начин на живот, е умно-срдечната молитва. Тој критериум, како единствен и неприкосновен, го цитирам Владиката, „е поставен од Светите отци (не од мене)“. Тоа е и иницијалната точка од којашто започнува диференцијацијата меѓу природен и противприроден начин на живот.

Противприродниот начин на живот како надолна оска на разнебитување, односно психолошко-душевна деградација, има три степена на духовен пад. Христијанската психотерапија, според нивната градација, ги степенува и означува како: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопатија и социопатија) и религиозна психоза, односно демонизираност.

Особено се иновативни и различни најновите поделби на дијагностичките категории *йсихойашија* и *йсихоза*, кои ги направи Владиката. Имено, психопатијата ја опишува не само како клинички, туку како општествено-социјален феномен, од духовен аспект, а не во форма на патологизирање. Неговата

диференцијација на активна и пасивна социопатија е оргинална во однос на сите претходни клинички дијагностички поделби. Во однос на категоријата психоза, класификацијата несомнено е уникатна и единствена. Од аспект на христијанската психотерапија, се подразбираат четири состојби: „прва, декомпензација на его силите и механизмите на одбрана со губење на тест на реалноста, односно губење контакт со реалноста; втора, истото тоа, само поврзано со религиозни мотиви; трета, отворена и јасна демонизираност (демоноопседнатост); и четврта, суптилна демонизираност, како свесно исполнување на демонската волја. Со тоа што првите две состојби најчесто спаѓаат во класична душевна болест“.

Од ова согледуваме дека постои разлика во дефинирањето и поимањето на етиопатогенезата на душевните состојби меѓу современата психологија и христијанската психотерапија. Конкретно во однос на депресијата, како една од општопознатите и многу чести психички растројства, дефиницијата е уникатна и едноставна: „секој момент надвор од молитва“ или состојба на очајание. Од овој аспект се смета дека депресијата е „генералната состојба на оние кои го живеат противприродниот начин на живот“, што е уште поинтересно дека дури и на еуфоријата се гледа како форма на очајание.

### *Методот на петте контролни точки и метаноја*

Методот на петте контролни точки (прифаќање, благодарење, себеосудување, непокажување и молитва), за првпат динамски опишан и концептуализиран од Митрополитот, е современ пристап кој се користи во христијанската психотерапија и произлегува од специфично лично и духовно искуство, под надзор на духовен отец – психотерапевт.

Во класичните пристапи, справувањето со стресот се јавува на психолошко ниво, со активирање на психолошките одбранбени механизми: супресија, негирање, рационализација. Со ПКТ интрапсихичкиот процес и неговата динамика се префрлаат во доменот на духовниот селф, со феноменот на позитивна трансформација.

Овој процес на трансформација е познат како *метаноја*, во чија основа е аскетскиот подвиг на преобразување на страстите, со суштинско лично покајание. Според Митрополитот, „главната карактеристика по која се препознава покајанието е восогласеноста на начинот на живот со степенот од духовниот развој (*очистување*, *просветлување* или *обожение*) на кој човек се наоѓа“. Во таа духовна алхемија настанува суштинска и длабока промена на созданието со „несоздадените божествени енергии“. Но притоа, како што пишува Владиката „послушанието е conditio sine qua non – услов без кој не се може“.

„Вака почнува процесот на преобразување на севкупната човекова личност – на човековата душа,

односно на човековиот ум, на човековиот духовен разум, на човековата мисла, на човековите чувства, на човековото слово, на човековите дела и на самото човеково тело. И самото човеково присуство на одредено место станува присуство во сила. Човекот е присутен со својата преобразена сила и во она што го пишува.“

Исусовата молитва е централна точка на овој метод и инструментот преку којшто се исцелува битието низ трите нивоа од духовниот развој.

Преку молитвениот подвиг покрај емоционалната, создаваме и духовна свесност, тоа е егзистенцијална позиција со длабока свест за тоа што сме ние во однос на Бог.

Молитвената пракса ја култивира емпатијата на личноста и ја гради нејзината емоционална интелигенција. Преку молитвата се зголемуваат сензибилитетот, сочувството, емоционалната свесност и се гради нова духовна свесност со универзална и трансцендентална димензија на љубовта. Таа е искуство и феномен на човековата душа, која му овозможува постоење надвор од границите на субјективното, лимитираното, недоволното, себељубното (или егоистичното).

Дури и новите научни трендови имаат емпириски податоци од практикувањето на молитвата и другите духовни дисциплини. Имено, невротеологијата ги проучува ефектите од различните религиски и духовни пракси (медитација, молитва, ритуал и развој на митови) и духовни искуства, и врши мапирање на неврохемиските промени како нивни ефект.

Истражувањата во оваа област довеле до заклучок дека „интензивното, долгорочно контемплирање за Бог и другите духовни вредности се чини дека трајно ја менуваат структурата на мозокот што го контролира нашето расположение, го доведува до нашиот свесен поим за себе и ја обликува нашата сензорна перцепција на светот. Контемплативните практики ги зајакнуваат специфичните невролошки мрежи, што генерира мир, социјална свест и сочувство кон другите“[3].

### *Е̄гзис̄тенцијална versus ӣсихолошка дезинт̄е̄грација*

Во клиничката психологија и психијатрија, напати е деликатно да се направи дистинкција помеѓу психолошки здравото и болното, во однос на дефинирањето, и постојат повеќе модели според кои на менталното здравје може да се гледа како на просек, социјална функционалност, идеал... Во современата дијагностика се користи медицинскиот модел на дефинирање на психолошки болните состојби и за таа цел се користи МКБ.

Во основата на психичките растројства се когнитивните дисторзии, „мисловни грешки“, кои се база на егзистенцијалната позиција на личноста и го диктираат нејзиното мислење, чувствување, однесување. Во времето на првите учители од пустината не постоеле стручните термини на модер-

[3] Newberg A., Waldman M. R., *How God Changes Your Brain*, Ballantine Books, Kindle Edition, 2010.

ната психологија, но затоа постоел термин *помрачување на разумот*. Во ваква состојба на помрачување на разумот, човекот станува целосно неспособен рационално да расудува.

Но, дали истите се присутни само кај таа определена клиничка група? Дали е доволно да се говори само за психички растројства? Зарем не сме сведоци на едно глобално поместување на вредносниот систем со негативни последици не само по индивидуалното живеење, туку и далекусежните последици во социјалното миље, кое добива димензија на егзистенцијална криза, до ниво на егзистенцијална болест?

Според свети Максим Исповедник, постојат две категории на волја – *разумска* и *природна*[4]. Со изгубена разумска волја човекот не е во состојба да ги контролира мислите и желбите, нема кочница (цензура од супер-Егото над Ид-от) да се сопре во деструктивните намери. Без разумска волја човекот дејствува стихијно, по принципот на природната волја – стремење на природата кон тоа што ѝ е слично (примордијални пулсии од Идот – несвесното), кое со термините на психологијата одговара на состојбите на волево-нагонската дезинхибиција од различен степен (на пример: импулсивно, хазардно, хомицидално, суицидално поведение итн.), со сите социјални последици што произлегуваат од таквото однесување.

За ова Владиката пишува како за „глобален театар на илузијата“, во којшто не само психолошко,

[4] Види: Maximus Confessor, *Ad Marinum Presbyterum* (Migne PG 91, 280a).

туку, пред сè, единката претрпува „духовно разнебитување“, нејзиниот индивидуален референтен облик на размислување претрпува промени, се формираат „колективни несвесни гревовни шеми“, шемата на поистоветување со овоземните форми на човечко организирање, односно поистоветување со државата и нацијата, и нивните цели и интереси. Наместо тоа, со пастирскиот однос се градат здрави односи на сплотеност, хармоничен поредок и конструктивност, но пред сè, сведочење на Христос. Суштината на истиот не може да е подобро опишана преку зборовите на Владиката: „На Црквата ѝ требаат пастири што ќе го возобноват духовниот православен живот; кои во пракса и теоретски, со личен авторитет и пример, ќе го актуализираат вистинското Предание на Црквата; кои ќе се грижат за единството, како и за првенството по чест меѓу Поглаварите и Црквите; кои ќе го сочуваат достоинството (и црковната полнота) на локалната епископална Црква, како и пастирскиот авторитет и кредибилитет на помесната Црква. Пастири кои нема да се занимаваат само со дневна политика, евтин популизам, лажен патриотизам и опасен национал-шовинизам, туку пастири во кои сите ќе Го препознаваме Христос. Со еден збор, потребни ни се свети луѓе“.

### *За духовниот разум и исцелениот ум*

Кога зборувам со термините на клиничката психологија во однос на менталното здравје, најблизок до она што сакам да го изразам е хуманистичкиот

модел, според кој на душевното здравје се гледа како на идеал, а не само како на диференцијација на патолошко и здраво. Во неговата основа, покрај оптималното психолошко функционирање е и трагањето по трансцендеталните димензии до коишто може да се развиваат човечките потенцијали. Во овој контекст, психологот Маслов, го воведува терминот „себеактуализација“ (1970), или реализирање на максималните човекови потенцијали до највисоките граници на дострел.

Психотерапискиот процес ѝ овозможува на личноста надминување на психолошките и животни проблематики, и секако, понатамошен раст и развој со зголемување на персоналните капацитети. Често се наметнува прашањето: кој е тој највисок дострел во развојот, што личноста може да го достигне? Кој е идеалот кон кој личноста стреми? Кои се нејзините најголеми стремежи за идентификација?

Токму оваа книга отвора еден поширок видик кон тие највисоки нивоа што личноста може да ги достигне во својот раст и развој, со стремеж кон највисокиот афирмативен облик на егзистенција – „обратната перспектива“, како што ја нарекува Митрополитот, или перспективата на вечноста, и стекнувањето *духовен разум*, за што тој исклучително суштествено објаснува:

„Наша прва христијанска цел е да стекнеме духовен разум, односно прво да ја преобразиме енергијата на умот преку нејзината примарна функција – молитвено единство со Бог, односно со Неговата несоздадена енергија, така што еднаш веќе преобразената енергија преобразено да се однесува и во

својата секундарна функција – комуникацијата со овој свет“[5].

Со ова станува јасно дека духовната егзистенција е реалитет достапен за секого, но пред сѐ, детерминација во развојот на секое битие. Со ова веќе недоволно е да се зборува за лекување на умот, туку се наметнува предизвикот за постигнување на *исцелен ум*.

„Исцелен ум има човек кој енергијата на својот ум молитвено ја соединил со суштината на својот ум – која се наоѓа во неговото срце. Во библиско-антрополошка смисла, поклонувањето во дух и во вистина значи поклонување со исцелен ум.“[6]

Во рамките на христијанската психотерапија и православната антропологија воопшто, не станува збор за лекување на психата, што е принцип во класичната психологија или психотерапија, туку исцелување на душевната состојба на човекот, како што објаснува Владиката: „од начелно исцелителна, преку архетипна, до совршена – по подобие“, како три духовни состојби на природен начин на живот. Според православната патристика, Светите отци во христијанската психотерапија ги степенуваат како: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на умно-срдечната молитва, и *обожение*.

---

[5] Митрополит Струмички Наум, *Пастирски пристап или поистоветување*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2017, стр. 125.
[6] Митрополит Струмички Наум, *Христијански идентитет*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2018, стр. 88.

*Наместо крај... Воскресение*

Ова слово на Митрополитот Наум, по својата природа богословие, е исткаено со нежен сензибилитет и длабоко чувство за вистинската природа на човекот и неговите страдања, кои всушност, се страдањата на светот. Но, повеќе од сè е исполнето со длабока вера и надеж за идеалната визура на битието, во својот највисок дострел и предодреденост на неговото постоење – *боговподобување*.

Тој со топла татковска грижа се обраќа кон своите чеда и со кротка строгост прекорува, советува, предупредува, но најмногу од сè љуби, и на тој начин како добар пастир ја води својата паства, и во еден блескав момент осознавам, некако чувствувам што подразбира тој специфичен однос, кој тој го создава и гради, и која е суштественоста на таквата релација.

Ова мое излагање ќе го завршам со еден негов цитат, и наместо крај одбирам да верувам дека:

„Христовото Воскресение, во суштина, е љубовен одговор на човечкото зло, исто такво е и нашето вистинско учество во Неговото Воскресение. И никакво поинакво“[7].

д-р Ангелина Илиевска
специјалист психијатар, психотерапевт

---

[7] Митрополит Струмички Наум, *Пастирски пристап или поистоветување*, Библиотека Воведение, Велјуса, стр. 86.

# ПРИРАЧНА
# ПСИХОАНАЛИЗА

## ПРОЧИТАНИ

Која е нашата најголема грешка? Невосогласеноста на начинот на нашиот живот со степенот на душевната состојба во која се наоѓаме. Најголемиот дел од денешните христијани се наоѓаат во состојба на религиозна невроза – самораководење, озборување, осудување, нељубов кон ближните итн., во т.н. противприроден начин на живот, и самозадоволни, не се ни обидуваат да преминат во природен начин на живот и да зачекорат по степените на духовното растење: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* – преку дарот на умно-срдечната молитва итн.

Живееме како предавници Христови. Предавник Христов е оној што само формално – лажно и надворешно, свесно или несвесно, се претставува како христијанин. Предавници Христови се денешните лажни христијани – посебно „православните“. Оние, пак, кои вршат насилство и убиваат луѓе, без оглед на верата, се оние кои Го распнуваат Христос.

Од каде произлегува лажното христијанство? Од неверието, пројавено како желба за земно царство, конкретизирано во поистоветување со држа-

вата, народот и политичката партија – како овоземна сигурност. Поистоветувањето со овоземното е одрекување од небесното, одрекување од Божјата несоздадена благодат, одрекување од Бог. Тој што се поистоветува со овоземните форми на самочовечко организирање е предавник Христов и не може и да Го сведочи Христос во светот. Христијаните не смеат да се поистоветат со држава, народ и политичка партија; тие кон нив имаат само пастирски преобразителен однос.

Оттука произлегуваат и различните методи и цели, по кои, исто така, ги разликуваме вистинските од лажните христијани. Што се однесува до христијанскиот метод – прво се очистуваш, просветлуваш и восовршуваш себеси, а потоа со молитва, со љубовен збор и дело тоа им го сведочиш на другите и ги исцелуваш, а и тоа согласно позицијата што ја имаш во Црквата и општеството. Значи, не со протестантски активизам, туку со смирена исихија, и во личен однос. Внимавајте! Грешникот го љубиме, а гревот го мразиме – и тоа само во нас. Гревот во грешникот го гледаме како болест што треба да се лечи. Се менуваме себеси, и само преку себеси – другите. Основно христијанско начело е: проблемот е секогаш во мене – не во другиот.

Исто така, и целта се разликува. Целиш кон тоа со коешто си се поистоветил. Односно, или работиш за себе и сопствената партија, а кобајаги за државата и народот, или работиш за Христос и Неговото Тело – Црквата. Не можеме да им слу-

жиме на двајца господари![1]

Но, што вообичаено се случува? Предавниците Христови, облечени во религиозна наметка, напаѓаат нешто што е објавено за грев во Евангелието, но на неевангелски начин и за неевангелска цел; најчесто ги промашуваат и времето и местото на реакцијата. Она што обичниот човек не може да го препознае веднаш е неевангелската цел... Но, секогаш целта на нападот на поистоветените со световното е нехристијанска – таа е партиските и сопствените интереси. Обичниот човек не може веднаш да ја препознае целта на овој демонски феномен и паѓа во прелест, доколку некритички го следи.

Што е уште карактеристично за методот на лажните христијани? Каде што се чувствуваат силни – не признаваат, негираат, угнетуваат, протестираат и војуваат, а каде што се чувствуваат слаби – молчат, ако лично не се засегнати, или пискаат и плачат како најголеми кукавици и се самопрогласуваат за маченици, таму каде што се лично засегнати.

Запамтете! Две страни постојат – Христовата и овосветовната. Предавниците и убијците Христови се само две наличја, ама од иста појава, од иста страна – од овој паднат свет.

Предавниците се прочитани, и затоа ги молиме да не глумат дека се на Христовата страна. Политичките партии се, исто така, прочитани и предвидливи, ама тие не се наша тема. И забраните и

[1] Види: Матеј 6, 24.

одобрувањата се подеднакво добри услови за развој на гревот – тоа е најлесно. Само личното покајание, во Црквата, и сведочењето на Христовата љубов во светот – не се. Ама ова е најтешко, нели? Е па, тесен е патот...

Пресвета Богородице, спаси нè!

## КОГА ТЕ ВИДОВМЕ?

Зборовите на луѓето, одделени од левата и од десната страна на Христос, се исти: „Кога Те видовме?“[1] Гледаме исти зборови во сосема различен дух кажани. Едните во дух на самооправдување, а другите во дух на смирение. Зад духот што го носат нивните зборови стојат различни дела, различен живот. Животот на оние што се самооправдуваат е задоволување на нивните страсти врз несреќата на ближниот, а животот на оние што се смируваат е соодветна жртва заради задоволување на основните животни потреби на ближните што страдаат. Затоа и се вели дека одговорија како договорени, поради истиот дух во кој живеат и дејствуваат, поради истиот дух кој ги собира на едно исто место, заедно.

[1] Види: Матеј 25, 31–46.

## ПРОСТУВАЊЕ

Духот на непростување води уште најмалку два духа со себе, дух на самооправдување и дух на осудување. Значи, оној што не проступва има легион, има најмалку три нечисти духа во себе. За таквиот веќе велиме и дека е опседнат од нечистите духови. Од колку други зли духови ќе биде обземен некој, зависи и од големината на позицијата и улогата што ги има во заедницата. Духот на непростување, кој се пројавува и во неспособноста да се побара простување, е еден од најблиските службени духови на најглавниот паднат ангел.

Аскетското простување е знак дека не сме опседнати од паднатите духови. Срдечното простување, односно неспособноста да се лутиме некому, е знак на отворено и јасно присуство на благодатта на Крштението во нашето срце. Благодатта Божја, пак, природно ја привлекува енергијата на умот кон нејзината суштина во срцето при творењето на Исусовата молитва. Природно ја привлекува, а истовремено е натприроден дар на Богородица и Приснодева Марија.

## ФЕЈСБУК ПРАВОСЛАВИЕ

Православната вера се прославува единствено со правилен живот. Нема православна вера каде што нема правилен духовен живот. Што многумина христијани, вообичаено, превидуваат? Не го восогласуваат начинот на својот живот со степенот на духовниот раст[1] на кој се наоѓаат. Таму каде што не постои оваа восогласеност нема ни православен живот, ни православна вера, туку ерес во пракса, камуфлирана во православие.

На пример, оној кој нема барем просветлување на умот не може јавно да се занимава со световни теми, а никако, пак, со сложени теолошки теми. Световни теми се: политика, туѓи гревови и слично, а сложени теолошки теми се: ерес, раскол, екуменизам, свети канони, календар... Ве молам, деца, сфатете веќе еднаш, кога немате просветлен

[1] Според Светите отци, степенот на духовен раст се одредува според квалитетот на молитвата. Оној што молитвата ја кажува усно или внатрешно во умот, се наоѓа на првиот степен – *очистување на срцето од страстите.* Оној што молитвата ја кажува со умот во срцето, се наоѓа на вториот степен – *просветлување на умот.* Оној, пак, чија молитва непрестајно и благодатно тече, поттикната од Светиот Дух Господ во срцето, се наоѓа на степен на обожение.

ум, секоја тема што е надвор од вас е веќе сложена тема, и ако се занимавате со неа, вие, очигледно, не сте го восогласиле начинот на вашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓате, односно не сте посветени внатрешно на очистување на срцето од страстите, во послушание, смирение и анонимност.

Просветлен ум има само оној којшто е носител на дарот на умно-срдечната молитва – од која и произлегува просветленоста. Секоја друга „просветленост" е демонска. Демонската просветленост произлегува од начитаност, од висока позиција, од човечка слава, од умисленост, од богатство итн.

## СВЕСНОСТ

Деца, доколку веруваме и знаеме дека ние сме никој и немаме ништо, а дека Господ Исус Христос ни е сè – и што сме и што имаме, тогаш свесноста за оваа наша состојба можеме да ја покажеме единствено со подвигот на постојано собирање и држење на умот во зборовите на молитвата, односно со концентрација на Неговото име во молитвата.

Нема друг начин, освен овој подвиг, да покажеме дека сме свесни дека Господ Христос ни е сè – и покајание, и сострадална болка, и божествена љубов при молитвата, а дека ние немаме ништо и сме ништо. Плод на собраноста на умот во молитвата, со таа свесност, е дарот на солзите.

Што точно значи ова што ви го кажав, само молитвата може да ви покаже.

Затоа, и свети Григориј Палама нè поттикнува во подвигот на молитвата како единствен учител на молитвата. Колку сме никој и ништо, можеме да видиме само молитвено стоејќи пред Богочовекот Исус Христос и Неговата Мајка. Но, исто така, и колку сме сакани...

# НА КРСТОТ ТВОЈ СЕ ПОКЛОНУВАМЕ, ХРИСТЕ

Деца, разните страдања, при градењето на личносниот однос со Бог, нема да нѐ одминат; ако не поради недоволниот подвиг, тогаш секако поради нашите грешност и суета. Бог најубаво, наместо нас, со љубов го промислува процесот на нашето очистување. Затоа, главниот фокус не треба да ни биде на страдањето како такво, туку на нашиот личносен однос со Богочовекот Христос.

Од Бог допуштеното, душевно или телесно, страдање е реално, но сепак, паѓа во втор план, бидејќи преку прифаќањето и благодарењето за истото, тоа станува основа на возобновениот и надграден личен однос со нашиот Господ Исус, Кој е нашата единствена вистинска радост.

И самото страдање заради Христос, исто така, станува радосна тага, а не само тага, мака и бол.

Но, ако нашето внимание (фокус) се задржи, главно, на страдањето и не Го препознаеме Бог преку истото, тоа значи дека сме самољубиви, а нашиот духовен живот е сигурно некаква импровизација.

Да не се плашиме од страдањето заради Христос, туку да му се радуваме; тоа нѐ води во Воскресение.

## СВОЕВОЛЕН ИДЕНТИТЕТСКИ ПОДВИГ

Вистинското покајание се препознава во себежртвувањето – на Христос. Себежртвувањето е телесен и духовен, соборен подвиг. Силата и исполнувањето на себежртвувањето е Евхаристијата. Така, нема покајание, или аскеза, или подвиг, или себежртвување без Евхаристија; и обратно...

Ако сакаме и нешто свое вечно да сочуваме, исто така, го жртвуваме заради Господ Христос. Антиномично, нелогично, противречно, ама затоа – аскетски верно... Христијанинот е и повикан сѐ свое да жртвува, само и само за да го сочува својот соборно-аскетски христијански идентитет.

Човекот, кој живее во покајание, не се плаши од ништо. Христијаните се похрабри од стравот. Знаеме дека стравот, со помош на логиката, е мајстор да измисли теолошко самооправдување за делата со кои човек се одрекува од Христос Богочовекот. А извор на стравот е млаката вера.

Не е проблем падот во грев, туку кога не се принудуваме на подвиг и кога не се гадиме од себеси поради отпаднатоста од Христос. Уште полошо е кога не ни знаеме дека сме отпаднати...

## ПОКАЈАНИЕ

Да пишува некој за покајанието е како да се осмели да пишува за Богородица. Но, човек понекогаш самиот себе мора да се изложи на потсмев поради учителското место во Црквата.

Ќе ја објаснам, накратко, главната карактеристика по која се препознава покајанието.

Тоа е восогласеноста на начинот на живот со степенот од духовниот развој (*очистување*, *просветлување* или *обожение*) на кој човекот се наоѓа. Или, свесност дека не сум учител, туку ученик. Не сум заповедник, туку исполнител. Не сум судија, туку обвинет. Односно, смирение до пекол.

Што значи, апсолутно или целосрдечно послушание кон духовниот отец до доволно очистување и отворање на срцето за дарот на умно-срдечната молитва. Не и потоа.

Исто и, екстремно туѓинување и анонимност, барем до некој напреден стадиум на умно-срдечната молитва и просветлувањето на умот, и дарот на духовен разум за расудување на нештата.

Дарувај ни, Господи, барем аскетско, кога веќе е далеку од нас благодатното покајание.

# ЦВЕТНИЦИ

Зошто истите луѓе што Богочовекот Христос Го прославуваа при влезот во Ерусалим[1], по кратко, бараа од Пилат да Го распне наместо разбојникот Варава?[2] Затоа што луѓето, од самољубие, сакаат да учествуваат во Неговата слава, но не сакаат да учествуваат и во Неговото страдање.

Избирајќи Го и посветувајќи Му се со љубов на Господ Христос, ние влегуваме во судир меѓу безверието и верата, меѓу стравот и храброста, меѓу схоластицизмот и духовноста, меѓу учењето за создадените и несоздадените Божествени енергии, меѓу рационализмот и опитот, меѓу Варлаам и Григориј Палама, меѓу царството земно и Царството Небесно, меѓу предавството и лојалноста.

Затоа, само една поделба постои: меѓу нас кои сме Христови – од една страна, и оние кои Го предаваат и Го распнуваат – од друга страна. Многу убаво се отсликаа, самите себе, во црковно-административната пракса, при последните случувања, и предавниците и распнувачите – едните ја оневозможија Заедничката Чаша, а другите го оневозможија Телото Христово на едно место.

---

[1] Види: Матеј 21, 1–11.
[2] Види: Лука 23, 18–25.

Некои од оние Помесни Цркви, што ги затворија храмовите за богослужба, сепак, го направија тоа со расудување – немаше потреба од јавно противење на наредбите од световните власти и на масовната паника за состојба за која се знае дека е привремена. Што се однесува до нас, битно е дека и на оваа проба МПЦ – ОА се покажа достојна на своето Апостолско Преемство и Предание.

# РАСПНУВАЊЕ

Нели, деца, за да преминеме од противприроден во природен начин на живот треба да сме членови на Црквата и да сме под духовно раководство. И нели, ова беа два неразделно поврзани услови. И нели, послушанието трае до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва.

Има и такви „наши“ кои не веруваат во умно-срдечната молитва како критериум поставен од Светите отци (не од мене), според кој се разграничуваат степените на духовниот развој (*очистување*, *просветлување*, *обожение*), својствени за природниот начин на живот.

Затоа, немаат повод и поттик да влезат во целосрдечно послушание кон духовен отец, односно не ја распнуваат логиката на отпаднатиот од Бог ум на крстот од послушанието.

Значи, си остануваат во областа на падот, во противприроден начин на живот.

Со тоа, нивната душевна состојба може да се окарактеризира или како религиозна невроза, или како религиозна психопатија (или социопатија), или како комплетна демонизираност – легион.

И тука нема Крст Христов... И нема Воскресение... Нема ништо...

## НЕ ПЛАШИ СЕ, МАЛО СТАДО

Демонот сака само да нè исплаши, та самите да го направиме гревот, затоа што тој не може да нè присили да направиме грев. И во најлошото сценарио имаме власт, сила и слободен избор да останеме во доброто и да го одбиеме злото, а не, пак, во ова...

Бог не допушта искушението да биде поголемо од она што ние можеме да претрпиме, под услов правилно да го надминеме: со прифаќање, со благодарење, со себеосудување, со непокажување и со молитва.

И, времето на последните случувања го знае само Отецот, но зависи само од нас, од нашето покајание и љубов; а воопшто не зависи од некој што би сакал да го зацари синот на беззаконието. Сè додека има луѓе што Го сведочат Христос и сè додека има луѓе што се спасуваат поради тоа сведоштво, сè дотогаш овој свет ќе има смисла да постои.

Токму заради ова и Самиот Богочовек Христос нè теши: „Не плаши се, мало стадо, зашто волјата на вашиот Отец Небесен е вам да ви го дарува Царството Небесно“ (види: Лука 12, 32).

Христос Воскресе!

## ЛЕСНО ПРЕДВИДЛИВА РАЗВРСКА

И христијаните се луѓе со свои слабости. Но, за да го носат достојно името, треба и да се свесни за своите слабости, како и да се борат против нив. Без таквата свесност и подвиг, името христијанин би било само форма без содржина.

Ако целта на христијанството е *да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил* (Јован 17, 21), тогаш една од поголемите слабости би биле меѓусебните поделби.

И така, православните христијани се делат и внатрешно, во рамките на една помесна Православна Црква, и тоа доктринарно: на зилоти (старокалендарци), екуменисти и на оние што се држат до царскиот пат; по персонална припадност: на овој и оној духовник или владика; партиски: на оваа или онаа партија итн.

Се делат и според надворешни критериуми, и тоа по националност: Грци, Срби, Бугари, Руси, Романци, Македонци итн., и по јурисдикција: на оние што се за Српската, односно Руската Црква, и на оние што се за Цариградскиот Патријарх. Има

и такви што се самодоволни и не ги интересира кој и дали ги признава.

Сите овие и други поделби ќе отпаднат во времето на вистинскиот прогон. Тогаш ќе има само една поделба: на оние што, без оглед на кои било маки и загуби, ќе останат со Христос и Богородица, и на оние што, од самољубие, ќе Ги предадат. (Ова, отприлика, го разговарав, по повод најновите случувања, со еден митрополит од Грција.)

Ако е разврската лесно предвидлива, тогаш зошто така лесно се прифаќаат и се преценуваат повеќето од овие несуштински поделби, што е во корист само на ѓаволот, и зошто се заборава дека тие што ги потхрануваат (на штета на единството на Црквата) се профилираат во негови слуги? Или, можеби, овие поделби се јасни предзнаци...

Затоа, неопходно е од противприроден да преминеме во природен начин на живот и да ја надминеме нашата внатрешна суштинска поделба (дуализмот меѓу умот и разумот), од која произлегуваат сите деструктивни поделби, та „да застанеме смирено, да стоиме со страв“[1] во начелното Божествено Предание... и во молитвата која ги собира сите.

Христос Воскресе!

[1] Види: Архимандрит д-р Јустин Поповић, *Житија светих за новембар*, „8 новембар: Сабор Светог архистратига Михаила арханђела и осталих Бестелесних Сила Небеских“, Манастир Св. Ћелије код Ваљева, Београд, 1998, стр. 136; *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

# ПРИРАЧНА ПСИХОАНАЛИЗА

Многубројните деструктивни поделби меѓу православните, во рамките на една и иста Православна Црква, се индикатор на различни психопатолошки состојби. Поделбите се, самите по себе, дијагноза. Исто така, и социјалните мрежи се идеална платформа за експлицитно демонстрирање на сите можни болни душевни состојби. Односно, пројавените психопатолошки феномени, на разните лични профили од социјалните мрежи, сакале или не, претставуваат соодветна манифестација на индивидуалната психичка состојба, како свесна или несвесна индивидуална проекција.

Знаете дека православната психотерапија го дели начинот на човековото постоење во две категории, на: противприроден и природен начин на живот.

Во противприродниот начин на живот, на човек кој себеси се претставува како верник, спаѓаат три болни душевни состојби кои, од помалку лоша до најлоша, модерната психологија и христијанската психотерапија ги степенуваат и означуваат како: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопатија и социопатија) и религиозна психоза, односно демонизираност.

Религиозна невроза му се случува на оној што не ги контролира своите мисли и чувства. Религиозно растројство на личноста му се случува на оној што не ги контролира своите зборови и дела – таквиот го карактеризира и голема бесчувствителност. Додека, пак, демонизираност му се случува на оној што, свесно или несвесно, ја исполнува токму демонската волја – таквиот го карактеризира крајна бесчувствителност. Трите состојби можат да бидат и често се суптилни.

Во природниот начин на живот на христијанинот спаѓаат три духовни состојби кои, од начелно исцелителна, преку архетипна, до совршена – по подобие, Светите отци во христијанската психотерапија ги степенуваат како: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на умно-срдечната молитва, и *обожение*.

Аскетската умно-срдечна молитва е Божјиот дар што го одвојува вториот од првиот степен на духовниот развој, а благодатната, односно непрестајната умно-срдечна молитва е Божјиот дар што го одвојува третиот од вториот степен на духовниот развој.

Запаметете го и ова: која било појава од кој било степен на душевното разболување може да се забележи кај кој било од наведените степени на духовниот развој, и обратно; но сепак, клучните одредници на границите меѓу кои и да било од наведените степени остануваат непоместени, а најчесто и самите степени на кои се наоѓа човекот. На пример: кај обожениот може да се случи

лоша мисла, многу тешко лош збор, а речиси невозможно е лошо дело, ама сепак, може. Или, кај демонизираниот може да се случи добро дело, добри зборови за друг, како и навидум добра замисла за општо добро, ама тешко и крајната цел да е добра. Можни се и сите други комбинации на појави, од сите, на сите наведени степени – намерно и ненамерно. Тоа кај неопитните, кај оние што не ги разликуваат границите меѓу степените, секако ќе направи забуна, која може да се манифестира на различни начини (како озборување, осудување, соблазна или, пак, како пофалба, следење, воодушевување и сл.) кон лица и кон состојби кои тоа не го заслужуваат.

Јасно ли е сега, на пример, зошто толку често се случува светители да бидат осудувани, а лажни пророци да бидат следени. Или, зошто толку многу отсуствува расудувањето, денес, при чисти и јасни знаци за нештата. Или, зошто често се промашува големата слика, а од нејзините мали делови се проектираат големи лаги. Односно, зошто на луѓето повеќе им омиле темнината...[1]

Исто така, знаете дека, преминот од противприроден во природен начин на живот се случува само доколку човек стане жив член на Црквата – Воскреснатото Тело Христово (тоа е првиот услов), и доколку влезе во целосрдечно послушание, односно под духовно раководство на духовен отец (тоа е вториот услов). Значи, и послушанието е conditio sine qua non – услов без кој не се може.

---

[1] Види: Јован 3, 19.

Подвигот на послушание кон духовен отец трае сè додека не се достигне степенот на просветлување на умот – со дарот на умно-срдечната молитва, не и потоа.

Општопознато е дека, од различни причини – најчесто субјективни, вториот неопходен услов (послушанието) од духовниот православен живот, малкумина го исполнуваат; затоа – да не должам, ситуацијата е таква каква што е: прво, голем број христијани се наоѓаат во религиозна невроза, некои од верните и многумина од свештенството се наоѓаат во религиозно растројство на личноста (религиозна социопатија или психопатија), а за жал, некои од нив и во религиозна психоза (демонизираност). Во овие последните спаѓаат оние што, на пример, во време на подмолен прогон на христијанството, без некои сериозни канонски причини, не признаваат цела Помесна жива Црква, а што е најстрашно – ниту ги интересира решавањето на нејзиното прашање. А за одличен пример на социопатија би ги истакнал оние што шират апокалиптични вести, со кои, пак, ги плашат оние што се наоѓаат во религиозна невроза – како Апокалипсата да зависи од некој надворешен фактор, а не од нас; оние што јавно осудуваат и навредуваат личности, наместо, доколку имаат некој духовен основ (просветлување на умот), да критикуваат греховни состојби и дела; како и оние кои не сочувствуваат со страдањата на своите ближни и не им помагаат. Има и многу други несоодветни однесувања за показ...

Работите не се црно-бели, како што веќе напоменав, но ги објаснувам школски и накратко. На пример, постои и една посебна и многубројна категорија христијани кои, иако се наоѓаат во религиозна невроза, со некоја добронамерна идеја се трудат во духовниот подвиг (се исповедаат, постат, се причестуваат, се молат, се покајуваат и плачат), дури достигнуваат и до делумно очистување на енергијата на умот, но поради неисполнување на вториот услов – послушанието, доживотно остануваат во една падни-стани состојба, во едно постојано мачење, без да ги вкусат плодовите од својот труд. Понекогаш Бог и на таквите им дава некои посебни дарови поради посебните позиции и служби во Црквата, и што е најважно – поради самата Црква, но тоа не ја менува нивната состојба на религиозна невроза; и слично... Следствено, никој не треба овие дарови да ги сфати како основ за утеха, оти тоа би било прелест која би го запрела стремежот вистински да се допре до Бог. Инаку, ако некој правилно премине од противприроден во природен начин на живот и зачекори по патот на очистувањето на срцето од страстите, нема како а да не стигне и до просветлување на умот и дарот на умно-срдечната молитва. Господ не е неверен, туку верен, не се кае за Своите дарови, сака да стигнеме до мерата на полната возраст на Христовото совршенство, и волјата Негова е да ни го дарува Царството Небесно[2].

---

[2] Види: Рим. 3, 4; 11, 29; Ефес. 4, 13; Лука 12, 32.

Барањето на светиот апостол Тома да го допре местото на Христовото Тело прободено од копјето[3], не е ништо друго туку токму тој стремеж вистински да се допре до Бог, односно преку молитвениот опит на благодатна заедница со Бог во срцето – да Го познае Бог, а не само да слуша нечии проповеди за Него. Потоа немало потреба кој било друг да му сведочи за Бог, затоа што Тома самиот ќе стане Негов верен Апостол и сведок, до маченичка смрт. Ова за денешниот христијанин би значело, преку опитот на послушание кон духовниот отец да го оствари преминот кон вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот* со дарот на умно-срдечната молитва, односно преку распнување и смрт на паднатата логика (разум) на крстот од послушанието да достигне до воскресение на умот и гледање на несоздадената Божествена светлина.

Христос Воскресе!

P.S. Драг читателе, сето ова што го напишав нема за цел да навреди некого, туку должен сум да поучам, ако не поради тагата од постоечката ситуација, тогаш барем по службена должност; да не ми биде речено после – дадено ти беше, а не го сподели. Православната психотерапија е цела една наука, подложна на испитување и проверка; забележана од Светите отци на Црквата, со свој предмет на изучување, со свои задачи и цели, со своја методологија и систематизација, со свој јазик,

---

[3] Види: Јован 20, 19–31.

во една Божествена хармонија. Жално е некој да се труди да биде и да се нарекува христијанин, а да не ги знае и разликува барем основните поими на својот подвижнички живот.

P.P.S. Текстот е дел од студија, во серијата научни трудови, за меѓународен конгрес, подготвена под наслов: „Класификација и краток опис на душевните заболувања од аспект на христијанската психотерапија“.

# ДИЈАГНОЗА И ТЕРАПИЈА

Се појави потреба да разјасниме уште некои подробности. Секој еден христијанин, кој ќе ја дознае и разбере класификацијата на душевните разболувања според нивните степени, како и класификацијата на степените на духовниот развој; и кој ќе ги разликува, барем теоретски, одредниците на границите меѓу степените на душевното разболување, како и меѓу степените на духовниот развој; таквиот, не може а да не сфати, колку е битно да си ја знае состојбата и колку е битен подвигот на восогласување на начинот на неговиот живот со степенот на духовниот развој или со степенот на душевното разболување на кое се наоѓа. Едноставно, без точна дијагноза, нема ни точна терапија.

Јасно е дека секоја неподобност и невосогласеност на начинот на живот, или подвиг, со степенот на болната душевна состојба или со степенот на духовниот развој е прелест. Прелеста, голема или мала, дефинитивно го попречува душевното заздравување или духовниот развој. Што значи, ако некој душевно страда, таквиот ќе го прилагоди своето однесување со потребите за заздравување, кои пак, ќе бидат во согласност со

тежината и со видот на душевното страдање. Додека, пак, ако некој духовно расте, таквиот ќе го прилагоди своето однесување со потребите на духовниот напредок, кои пак, ќе бидат во согласност со стадиумот на духовната зрелост. Со други зборови, без точна терапија, нема исцеление.

Уште едно восогласување христијанинот треба да има предвид, а тоа е восогласувањето на начинот на неговиот живот и со местото и улогата што ги има во општеството или во Црквата. Секоја позиција и секоја улога во општеството, како и во Црквата, си имаат свои задачи и цели, свои привилегии, но и своја одговорност, кои е невозможно да се превидат. Секоја појава на невосогласеност и во овој дел, а во комбинација и со потребата од првото восогласување, е не мала прелест. Но, второво восогласување е просто невозможно без првото восогласување, затоа и не го обработуваме подетално, преку примери.

Пример за првото восогласување: ако некој се наоѓа на степен на религиозна невроза, а е сепак од оние со добронамерен подвиг (пости, се моли, се исповеда, се кае, се причестува), сепак, не може да си дозволи (кога веќе ги знае границите) да мисли дека го чисти своето срце од страстите или дека е некој просветлен или, не дај Боже, обожен. Затоа што, колку е поголема разликата меѓу она што некој е и она што си мисли дека е, толку е поголема прелеста.

Исто така, многу внимателни треба да се и христијаните, од претходно наведениот пример,

кои покрај добронамерниот подвиг имаат и некакви свештенички позиции во Црквата, а со тоа и некои посебни дарови (за проповед, за пишување, за советување, за организирање итн.). Таквите треба да знаат дека тие дарови се, пред сѐ, за надградување на Црквата, и ни случајно не смеат да си ги припишат на своите способности, затоа што ќе навлезат во областа на прелеста. Не смеат ни оние што се избориле за нив, а камоли оние што не...

Итн., итн., духовниот живот е многу едноставен за оние што се смирени...

Што се однесува до духовниот раководител, односно психотерапевт, треба да се знае дека: според учењето на учителите на Црквата, оној што е на степен на очистување може да му помогне на оној што го вознемируваат неврози; оној што е на степен на просветлување, покрај на невротичните лица, може да им помогне и на психопатите и социопатите; а оној што е на степен на обожение (чудотворец – исцелител) може да им помогне, односно да ги исцели, покрај првите два вида, и лицата со психоза, како и демоноопседнатите.

Кога зборуваме за психоза од аспект на христијанската психотерапија, подразбираме четири состојби: прва, декомпензација на его силите и механизмите на одбрана со губење на тест на реалноста, односно губење контакт со реалноста; втора, истото тоа, само поврзано со религиозни мотиви; трета, отворена и јасна демонизираност

(демоноопседнатост); и четврта, суптилна демонизираност, како свесно исполнување на демонската волја. Со тоа што првите две состојби најчесто спаѓаат во класична душевна болест, иако и кај нив може да се појави (или крие) демонизираност, додека суптилната демонизираност нема речиси никаква врска со класична душевна болест (иако и така може да заврши) – дури таквите поединци може да се и исклучително интелигентни и функционални во социјалниот сетинг. Суптилната демонизираност ја класифицираме како најтешка душевна болест, затоа што да му служиш свесно на демонот, народски кажано, а и од аспект на есхатонот, е исто што и да се мрднеш од умот. Отворената демонизираност е најлесна психоза за лекување.

Демонот може да се сретне на сите степени од душевното разболување, но и на сите степени од духовниот развој на личноста. Кај оние од степените на душевно разболување, преку помислите и однесувањето по навика (заробеност), се обидува да ги задржи во актуелната состојба и да ги повлече подолу, кон полоши состојби. На таквите воопшто не им помага да се на високи позиции во Црквата или во општеството. Кај оние од степенот на очистување на срцето од страстите ги напаѓа однатре, преку помислите, затоа што срцето им е сè уште заробено од страстите и затворено за умно-срдечната молитва. Кај оние од степенот на просветленост на умот – со дарот на молитвата на срцето, не може да ги нападне

однатре, па ги напаѓа клучно однадвор – преку луѓето, негови слуги, во обид да ги активира недопреобразените страсти на срцето. Кај оние од степенот на обожение, покрај надворешниот напад од луѓето, и самиот им се појавува и пробува да ги уплаши или опрелести, та самите да направат нешто лошо.

И уште ова: свесната демонизираност (демоноопседнатост) христијанската психотерапија ја класифицира во третиот степен на душевно разболување, додека пак, несвесната демонизираност (демоноопседнатост) ја класифицира во растројство на личноста, односно психопатија или социопатија.

Клучно во борбата со демонот е да освестиме дека: нашата борба не е против крв и тело, туку против духовните сили на злото од поднебесјето[1], како и дека ние сме секогаш виновни за сѐ, поради немањето сила на злото да одговориме со добро, односно поради нашата нељубов, односно поради нашата несличност со Богочовекот Исус Христос. Демонот секогаш се труди да се сокрие и, преку помислите, да нѐ убеди дека за сѐ е некој друг крив, а никогаш ние (посебно, не демонот – тој не постои), како и дека нашата борба треба да е против тој друг човек, кој е виновен, односно против крв и тело. Лесно се разликува првиот од вториот случај.

Христос Воскресе!

[1] Види: Ефес. 6, 12.

## ЗА БОЖЈИТЕ ДАРОВИ

Рековме дека има христијани кои, иако се наоѓаат во религиозна невроза, сепак, се трудат во духовниот подвиг (се исповедаат, постат, се причестуваат, се молат, се каат), но поради неисполнување на вториот услов – послушанието, доживотно останувaат во една падни-стани состојба, без да ги вкусат плодовите од својот труд. Понекогаш Бог и на таквите им дава некои специфични дарови поради посебните позиции и служби во Црквата, и што е најважно – поради самата Црква, но тоа не ја менува нивната состојба на религиозна невроза; и слично... Следствено, никој од нив не треба овие дарови да ги сфати како резултат на својот подвиг, оти тоа би било прелест која би го попречила нивното покајание и обраќање кон Бог.

Но, во поголема прелест може да падне оној што се „изборил" за дарот, оној што е веќе на некој од степените на духовниот развој, ако си помисли дека тоа е негова заслуга. Затоа што, од оној кому му е повеќе дадено, повеќе и ќе се бара[1]. Оти, некој може да се бори и цел живот, но

[1] Види: Лука 12, 48.

од Господ зависи дали ќе му даде нешто или не. Секако, Бог е добар и Тој ни дава многу и за малку; но најсериозно треба да сфатиме и освестиме дека дарот на Бог е несразмерен со тоа што ние го правиме, како што е несразмерна разликата меѓу Создателот и созданието. Посебно што, кога Бог ни дава дар, со него ни го дава целокупниот Домострој, со сите Негови страдања и маки заради нашето спасение, како и Есхатонот, а да не ги спомнуваме болката, тагата и подвигот на Богородица... Сè е во тој еден навидум мал дар Божји... Колку ли сме изгубени кога овој дар не го сфаќаме и живееме...

На пример, дар Божји е самата можност да се молиме: „Господи Исусе Христе, помилуј ме...“, „Пресвета Богородице, спаси нè...“

Најголемата опасност е чистењето на енергијата на умот. Без оглед дали е човек во религиозна невроза или се наоѓа на степен на чистење на срцето од страстите, или се наоѓа на степен на просветлување преку дарот на умно-срдечната молитва, тој не треба да изуми дека умот со својата очистена енергија гледа многу подалеку отколку што човекот реално е. Тоа е исто како некој оддалеку да го гледа врвот на планината и да си мисли дека е веќе таму стигнат. Замислете за колку голема прелест се работи. Нешто слично им се случува и на начитаните, но поради насобраното теоретско знаење, а не поради подвигот.

Чистењето на енергијата на умот и светлината што притоа го преобразува треба да се користи

за согледување на сопствената нечистотија, а нејзината сила за отстранување на таа нечистотија. Доколку знаењето од светлината на очистената енергија на умот се користи за судење и осудување на другите, процесот на очистување запира, а прелеста – состојбата на умот во лага, започнува.

И да запаметиме: Бог е толку добар, што сите ние, и свештеници и лаици, и верници и неверници, имаме многу повеќе дарови Божји одошто „заслужуваме“, и во „квантитет“ и во „квалитет“; за да може овој свет, колку-толку, нормално да живее. Тешко нам, ако Бог ни судеше според нашите дела. И жално е што ова не можеме да го видиме, а истовремено и не веруваме.

Кога би ни се отвориле очите за да видиме со колкава благодат Бог ги покрива безбожниците во светот, за да можат нормално да функционираат, се плашам дека би постапиле како постариот син од евангелието за блудниот син[2].

Да имаме освестен подвиг. Да бидеме смирени. Сепак, Бог дојде болните да ги исцели, а не здравите.

Христос Воскресе!

[2] Види: Лука 15, 11–32.

# ЗА ЖЕНИТЕ МИРОНОСИЦИ

## Освестен подвиг

Првиот опит од освестен подвиг може да се стекне само на првиот степен од духовниот развој, во подвигот на чистење на срцето од страстите, во целосрдечно послушание кон духовен раководител. Но, зошто само таму? Затоа што само преку подвигот на послушанието можат да се забележат резултатите, односно плодовите на духовниот развој.

Послушанието е актуализација на благодатта на Крштението. Ако некој само се крсти и учествува во Тајните на Црквата, без да влезе во подвиг на послушание, тој нема да ја активира и благодатта Божја да му содејствува во очистувањето. Но, ако преку послушание ја активира Божјата несоздадена благодат кон содејство, тој секако ќе го очисти своето срце од страстите, доволно за во него да го забележи и изворот на истата благодат. Изворот на благодатта се нарекува и место на срцето. Енергијата на умот, пак, природно ќе биде привлечена кон местото на срцето, односно кон својата суштина, и во тој момент започнува

аскетската умно-срдечна молитва. Дарот на молитвата на срцето е знак дека човекот преминал на степенот на просветлување на умот.

Даровите Божји се меч со две острици. Светлината и знаењето, како и силата на дарот Божји, може да се користат за понатамошно севкупно преобразување на човекот или, пак, знаењето што останува после таа светлина можно е да се злоупотреби и за судење и осудување на ближните. Првото однесување е освестен подвиг со резултати, а второто однесување не е. Затоа што, љубовта се смирува и надградува, а гордоста произлезена од знаењето – разградува.

Освестениот подвиг се познава по анонимноста (туѓинувањето, смирението) и константноста. Оној што од опит ги гледа плодовите на својот подвиг, тој се грижи подвигот да му биде константен и скриен. Зошто скриен? Затоа што подвигот завршува на третиот степен (*обожение*), и секој нормален, со освестен подвиг, се смирува и избегнува секакви позиции на власт, кои би го попречиле неговиот духовен развој. Затоа освестениот подвиг ослободува од прелест: за заслуги, за високи позиции, за високо мислење за самиот себе – ослободува од гордост.

Каде гледаме најголем пример за освестен подвиг? Кај жените мироносици. Речиси никаде Евангелието не ги спомнува, освен при нивниот себезаборав пред Христовите страдања на Крстот[1] – кога останатите ученици се разбегаа, и при дарот

---

[1] Види: Матеј 27, 50–61.

на личното сведоштво на Неговото Воскресение[2] – кога останатите ученици се сомневаа[3]. Точно каде што треба. Тоа се ситуации и време кои го покажуваат и потврдуваат нивниот степен на духовен развој, а тоа е степенот на обожение.

Жените мироносици се пример за монаштво и исихазам, и автентични носители на царското и есхатолошко свештенство.

Христос Воскресе!

[2] Види: Матеј 28, 1–10.
[3] Види: Лука 24, 1–11.

# ДЕПРЕСИЈА И НАДЕЖ
# ОД ПРАВОСЛАВЕН АСПЕКТ

Постои разлика во дефиницијата за депресија, т.е. очајание, од аспект на христијанската психотерапија во однос на модерната психологија. Од овој аспект, црно-бело кажано, секој момент надвор од молитва е очајание, односно депресија.

Но, непрестајна благодатна молитва имаат само обожените. Како тогаш да го избегнат очајанието оние кои имаат аскетска умно-срдечна или оние кои имаат само обична, усна или умна молитва? Затоа што, според претходната екстремна дефиниција, времето поминато надвор од молитва се смета за очајание.

Остатокот од времето поминато надвор од молитва, на оние кои немаат непрестајна умно-срдечна молитва, Црквата им го покрива со послушанието. Оние кои го чистат своето срце од страстите, го слушаат својот духовен отец; а оние кои се во подвиг на просветлување на својот ум преку дарот на умно-срдечната молитва, се во соодветно прилагодено послушание кон Црквата, кон Епископот на локалната Црква, односно кон јасно познатата Божја Волја.

Соодветното послушание (според степенот на духовниот развој), како што веќе знаете, ја активира благодатта Божја на Крштението и нѐ води низ степените на духовниот развој, а нѐ ослободува од нечистиот дух на очајанието, односно депресијата. Сѐ што е надвор од подвигот на послушанието влегува во областа на очајанието.

Ова е опис за очајанието, т.е. депресијата, од гледна точка на христијанската психотерапија, за природниот начин на живот. Додека, пак, кога говориме за очајание, т.е. депресија, во областа на противприродниот начин на живот (невроза или растројство на личноста), од аспект на христијанската психотерапија, мислиме на сосема друг, лош квалитет на живот и сосема друг вид очајание, т.е. депресија.

Генералната состојба на оние кои го живеат противприродниот начин на живот е веќе депресија, т.е. очајание, само што тие не се свесни за таквата состојба. Таквите ги карактеризира живот на бегство од реалноста и тие не знаат дека дури и еуфоријата е очајание. Кога таквите веќе ќе забележат и ќе почнат да говорат за депресија, тогаш најчесто веќе се случило отстапување на Божјата благодат од нив и светлината на животот што таа ја носи, а што е поврзано и со демонски напад. Дотука говориме за егзогена депресија како реактивна состојба, без физиолошка основа на страдањето. Постои и ендогена депресија, каде што причините за болеста се претежно физиолошки. Но, за сето ова другпат.

Основното нешто со кое некој, кој верува во Бог, би ја започнал борбата против депресијата, то ест очајанието, колку и ситуацијата да изгледа тешка, е животот со надеж – на дело. Таков начин на живот гледаме кај болниот човек од бањата Витезда[1]. Гледаме триесет и осум годишно трпеливо чекање, со надеж дека, сепак, ќе се појави Човек кој ќе го спушти во бањата, откако ангелот ќе ја раздвижи водата.

Трпение, со надеж на дело, може да постои само таму каде што при конкретно искушение доволно успешно функционираат петте контролни точки: прифаќање на она што се случува, благодарење за тоа – без оглед што е, себеосудување, непокажување, како и молитва – но не против искушението, туку како градење заедница со Бог.

Штом Христос се воплотил и се поистоветил со нас, тогаш нема причина за очајание. Тој секако се појавува во нашиот живот; и тоа повеќепати. Наше е само да ја препознаеме посетата.

Богочовекот Христос, индиректно нѐ посетува многупати, преку луѓе и случувања. Самиот Тој има кажано: „...ако на еден од овие Мои мали браќа им направите, Мене сте Ми направиле“[2]. Затоа, средбата со секој човек во нашиот живот е дар Божји и средба со Него. Истото важи и за сѐ што се случува, а е поврзано со нашиот живот; и тоа е знак од Него.

---

[1] Види: Јован 5, 1–16.
[2] Види: Матеј 25, 40.

Постојат и директни Негови посети, кои директно го засегаат нашиот живот. Само да гледаме да не е тоа болест и несреќа, односно „посета од неволен вид“ поради нашите гревови, туку да предизвикаме, преку подвиг на послушание, посета од волен вид – како растење низ степените на духовниот развој; а совршено како несоздадена Божествена светлина. „Посета од неволен вид“ е, всушност, кога Бог се повлекува заедно со Својата благодат и го остава човекот сам да се снаоѓа во светот, затоа што тој претходно на дело или со збор се одрекол од Него; сѐ додека повторно не Го побара. Но, тоа не е казнување, тоа е самоказнување.

И, да се вратиме кај исцелениот. Оние што не го разбираат духот на Новиот Завет, односно дека нема нешто создадено а да е посвето од човекот, му велат: *Сабота е и не треба да ја земаш својата постелка!* (Јован 5, 10). Но, тој им одговори како некој кој веќе има освестен подвиг во послушание: *Оној што ме излекува, ми рече: „Земи ја постелката своја и оди!“* (Јован 5, 11).

Христос Воскресе!

## КАКО СЕ СВЕДОЧИ ЧОВЕКОТ

Д*ојде една жена од Самарија, за да полни вода. Исус ѝ рече: „Дај Ми да пијам!“* (...) *Жената Самарјанка Му рече: „Како Ти, бидејќи Јудеец, бараш од мене, жена Самарјанка, да пиеш?“ – Оти Јудејците со Самарјаните не се мешаат* (Јован 4, 7–9). Господ нѐ учи да не паѓаме на провокација од типот на етничките поделби. Не е толку битно што си (Јудеец или Самарјанин, односно Македонец или Грк, или Бугарин, или Србин, или Албанец), колку дали си, пред сѐ, човек. (Нечовекот и за своите не е корисен, тој и своите ќе ги однесе во пропаст.) Наместо тоа, Тој прво ѝ ја буди верата во Него како човек – проста и едноставна човечка верба и доверба. И не само тоа, туку пробува да ѝ разбуди интерес и да ѝ покаже дека има нешто многу поважно од тие поделби. *Исус ѝ одговори и рече: „Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Оној што ти вели: ’Дај Ми да пијам‘ – ти самата би побарала од Него и Он би ти дал вода жива“* (Јован 4, 10).

Но жената, надоврзувајќи се на Неговата понуда, уште еднаш Го „проверува“, овојпат во една друга димензија од животот, воедно и лично провоцирајќи Го: *„Господи, Ти нема со што да нацрпиш, а кладенецот е длабок; од каде, пак, имаш*

*вода жива? Зарем си Ти поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде овој кладенец! И самиот тој пиеше од него, и синовите негови, и добитокот негов!“* (Јован 4, 11–12). Исто така, Господ нѐ учи да не паѓаме и на провокација од типот на формални религиозни поделби. И повторно се обидува да ѝ го разбуди интересот за нешто подруго и поголемо. *Исус ѝ одговори и рече: „Секој што пие од оваа вода, пак ќе ожедни; а кој пие од водата што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода, што ќе тече во живот вечен“* (Јован 4, 13–14).

Господ ѝ навестува дека е нешто повеќе од обичен човек и дека има нешто повеќе од обичен човек. Кога другиот ќе се увери дека си добар човек, што сака да помогне и што може да поучи, тој почнува да се отвора пред тебе, особено кога нема што да изгуби. Така и жената: *„Господи, дај ми таква вода за да не ожеднувам, ниту да идам овде за полнење!“ Исус ѝ рече: „Оди, повикај го својот маж и дојди тука!“ Жената одговори и Му рече: „Немам маж“. Исус ѝ рече: „Право кажа дека немаш маж; зашто петмина мажи си имала и овој што го имаш сега, не ти е маж; право рече“* (Јован 4, 15–18). Прво ја предизвикува да се отвори за комуникација и да излезе од себе, а потоа љубовно ѝ го открива нејзиниот внатрешен свет и ја враќа кон себе. Просто, воодушевувачки! Кога другиот ќе забележи дека неговата внатрешна состојба е откриена пред тебе, без да биде суден и осуден, тогаш тој уште повеќе се отвора, се отвора

и за суштинско прашање.

Жената се отвора за многу суштинско прашање: *„Господи, гледам дека си Ти пророк. Нашите татковци се клањаа во оваа планина, а вие велите дека во Ерусалим е местото каде што треба да се клањаме“* (Јован 4, 19–20).

Откако ја стекнува нејзината доверба, Богочовекот Христос ѝ ја покажува и вистинската вера: *„Жено, верувај Ми дека иде часот, кога ни во оваа планина, ниту во Ерусалим ќе се поклонувате на Отецот. Вие му се клањате на она што не го знаете; а ние се клањаме на она што го знаеме; зашто спасението е од Јудејците. Но иде време и дошло веќе, кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот со дух и вистина, зашто Отецот сака такви да бидат оние кои Му се клањаат. Бог е Дух и оние што Му се клањаат, треба да се поклонуваат со дух и со вистина“* (Јован 4, 21–24).

*Жената Му рече: „Знам оти ќе дојде Месија, наречен Христос; кога ќе дојде Он, сè ќе ни каже“. А Исус ѝ рече: „Јас сум, Кој зборувам со тебе“* (Јован 4, 25–26). Откако Христос гледа дека жената ја прифаќа вистинската вера, ѝ се открива и како вистински Бог.

Штом таа поверува во Него, почна и да Го сведочи: *Ја остави својата стомна и отиде в град и им рече на луѓето: „Дојдете, видете Го човекот, Кој ми кажа сè што сум направила. Да не е Он Христос?“ Тогаш тие излегоа од градот и тргнаа кон Него* (Јован 4, 28–30).

*И мнозина Самарјани од тој град поверуваа во Него по зборовите на жената, која сведочеше: „Ми кажа сѐ што сум направила“. Кога дојдоа, пак, Самарјаните при Него, Го помолија да остане кај нив. И Он остана таму два дена. И уште повеќе поверуваа поради словото Негово; а на жената ѝ велеа: „Сега веќе не веруваме од твоето кажување, оти самите чувме и знаеме дека е Он Спасителот на светот, Христос“* (Јован 4, 39–42). Верата во воплотениот Син Божји, во ветениот Месија, во Спасителот на светот, почнува да се шири. Најчесто, прво преку еден човек, а потоа и од личен опит, со лично присуство во сила, со зборови и дела во сила, од Самиот Него, во нашиот живот.

Колку е битно, кога Го сведочиш Бог, да си, пред сѐ, Човек, а не нешто друго. Пред сѐ, Божји човек, Христов човек, односно Христијанин, а не, пред сѐ, Србин, Грк, Македонец или Бугарин, и не, пред сѐ, поаш, еспецеовец или емпецеовец, или некој друг, сличен религиозен социопат. Едноставно е: само Христијанин може да шири христијанство. Религиозниот Србин може да шири само српство, не ни знае друго. Религиозниот Македонец, исто така.

Маскирајќи се и претендирајќи дека се нешто друго (национално и религиозно), луѓето го губат и Човекот во себе, а го исклучуваат и го губат и конкретниот Човек пред себе. Се маскираат, бидејќи го имаат изгубено својот вистински христијански идентитет, оној кој е според икона и подобие Божјо, оној кој им овозможува на сите да

им станат сè[1] – само некого за Христос да придобијат...; а немаат покајание. И тогаш губат сè... И Бог...

Затоа и никогаш не ги земавме сериозно заканите од таквите. И никогаш нема... Никогаш нема да гиземеме сериозно заканите од луѓе кои својата замислена состојба ја оправдуваат со состојбата во која замислиле дека ние сме, а со својот живот се одрекле од Богочовекот, односно Го развоплотиле Бог од Човекот, за на крај да не остане за нив ни Бог ни Човек.

Богочовекот Христос сепак Воскресна!

[1] Види: 1 Кор. 9, 19–23.

## ПРОБИВАЊЕ НИЗ ТЕМНИНАТА

Гледаме како Христос настапува како вистинска светлина и ги трга слоевите на темнина од жената Самарјанка, и ја воведува од светлина во светлина, додека не ја направи Свој автентичен сведок. И сето тоа, откако прво жената Самарјанка виде и препозна Човек во Него[1].

Ист е процесот низ кој Христос и нас нѐ води, преку духовното раководство од духовниот отец (откако претходно ќе препознаеме Човек во него), во Црквата, со тоа што, од наш аспект, се работи за пробивање низ темнината.

Пред да побара духовно раководство, секој човек во својот живот се среќава со темнината на неверието што треба да ја пробие. Оној што ќе се пробие низ таа прва темнина – продолжува по патот, оној што не – останува.

Но, бидејќи над вистинската вера, низ вековите, незабележливо се наталожиле и одомаќиниле уште неколку темнини, денес, оној што ќе поверува, ќе треба да се пробие и низ овие темнини; а тоа се: темнината на поистоветувањето со државата, темнината на поистоветувањето со на-

---

[1] Види: „Како се сведочи Човекот“, стр. 105–109.

цијата (народот) и темнината на поистоветувањето со партијата. Христијаните може да се поистоветат само со Христос, затоа што со секое друго поистоветување тие отпаѓаат од Христос и го губат христијанскиот идентитет. Затоа, оној што ќе поверува, ќе треба да излезе на светлината на пастирскиот пристап кон државата, нацијата (народот) и партијата.

Со темнината на поистоветувањето го исклучуваш другиот, различниот, а бидејќи се одрекуваш од христијанскиот идентитет, престануваш да бидеш преносител на Божјата благодат кон она со кое се поистоветуваш и придонесуваш за неговата пропаст. Она што го реков: нечовекот и своите ќе ги однесе во пропаст. Христијанскиот подвиг е сосема друг. Во светлината на пастирскиот пристап, христијанинот ги прегрнува сите, без да исклучува некого, и бидејќи е преносител на Божјата благодат, го преобразува и спасува сето она меѓу кое пастирски дејствува.

Зошто денешните „христијани“ не го разбираат напишаново и доживуваат криза (суд) додека го читаат? *А овој суд е затоа што Светлината дојде на светот, но на луѓето повеќе им омиле темнината отколку светлината, оти нивните дела беа лоши. Зашто секој што прави зло, ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат осудени неговите дела, оти се лукави. А оној што твори вистина, оди кон светлината, за да се видат неговите дела, бидејќи се по Бог извршени* (Јован 3, 19–21).

Секоја темнина си има свој демон кој се крие во неа, кој истовремено, со сите сили, преку помислите, се труди да ја одржи или да ја зголеми истата.

Од оние, пак, кои ги пробиваат овие првични темнини, мнозина само телесно стануваат членови на Црквата, крстени и причестени итн., но не ја откриваат тајната на послушанието, односно тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со местото и улогата што ги имаат во општеството и во Црквата; и во најдобар случај, душевно остануваат во темнината на религиозната невроза, со повремени проблесоци од светлината на природниот начин на живот.

Има и такви, кои откако ќе ја пробијат првата темнина – на неверието, и откако ќе станат членови на Црквата, под духовно раководство, при силното дејство на првата благодат, пробуваат да се одлучат за монашки живот и подвиг. Пред нив обично се појавува проблемот на пробивање на темнината која го дели монашкиот од животот во светот. Велам дека обично се појавува, иако има и случаи во кои не се појавува. Демонот знае точно кога и како да нападне, согласно профилот на подвижникот и согласно тоа што му е допуштено.

Ако веќе се појави, се работи за темнина, многу слична на онаа што свети Јован ја опишува во својата книга „Лествица“ како попладневен демон. Така, младиот човек, кој се наоѓа во посета

на манастирот, како што денот ближи кон пладне, ќе почувствува намалување на светлината во него, т.е. повлекување на благодатта Божја. Попладне, веќе ќе го опфати една темнина, пропратена од демонски помисли, која нема да се повлече сѐ до вечерта. Вечерта може да му се врати или вообичаената светлина, т.е. благодат, на животот, или ако се подвизувал, и поголема светлина од вообичаената.

Да не должам многу, оној што преку самоодрекување ќе ја пробие оваа темнина, односно ќе го победи нејзиниот демон, ќе влезе во уште поголема светлина и ќе може и да остане во манастир. Оној што, поради самољубие, нема да ја пробие таа темнина, се враќа дома. Очигледно, таа темнина се јавува како добар филтер за тоа кој останува, а кој си оди дома.

Постојат и други филтер-темнини, кои оној што се одлучува за монашки подвиг треба да ги помине, но за тоа следниот пат.

Христос Воскресе!

# НЕДЕЛА НА СЛЕПИОТ

Реков во минатата беседа[1] дека, покрај темнината на одрекувањето од овој свет, постојат и други филтер-темнини, кои оној што се одлучува за монашки подвиг треба да ги помине, за да излезе на светлината што ја носи духовниот развој на просветлувањето на умот, со дарот на умно-срдечната молитва.

Интересно е прашањето: на кој степен од духовниот развој се наоѓаат оние кои доаѓаат во манастир за да Му го посветат својот живот на Бог и оние кои веќе станале монаси?

Во моето дваесет и пет годишно искуство како духовен раководител, а и пред тоа, имам видено сѐ и сешто, било да се работи за монаси под мое духовно раководство, било под раководство на други. Имам видено и гледам монаси и искушеници на степените од душевното разболување (на пример, „инсолација“, етнофилетизам, партизација и др.) – но, поретко; имам видено и гледам монаси и искушеници на првиот степен од духовниот развој – најчесто; и имам видено и гледам просветлени и обожени монаси – некои од нив и веќе

[1] Види: „Пробивање низ темнината“, стр. 110–113.

прогласени светители на Православната Црква.

Бог е праведен. Сепак, на оние кои се одрекле од светот и световните работи им ветил стократно повеќе уште во овој живот, а плус и Царство Небесно: *Вистина ви велам: нема таков што оставил куќа, или браќа, или сестри, или татко, или мајка, или жена, или деца, или имот, заради Мене и Евангелието, а да не примил, и тоа сега, во ова време, стопати повеќе од куќи, и браќа, и сестри, и татко, и мајка, и деца, и нивје, а во идниот век – и живот вечен* (Марко 10, 29–30). Затоа и најчесто монасите – со чист христијански идентитет, ги наоѓаме на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. Ова духовно ниво монасите го имаат како дар од Бог. И, доколку не успеат, на млади години, да ги поминат останатите филтер-темнини, сепак, повеќето од монасите на крајот од својот живот ќе ја добијат утехата на просветлувањето на умот, со дарот на умно-срдечната молитва. Зависи од животот.

Кои се тие филтер-темнини што монасите треба да ги пробијат за да ја достигнат светлината на просветлениот ум – со дарот на умно-срдечната молитва, без која никој не може да се нарече вистински монах?

Прво, мора сериозно да го сфатат подвигот на послушание, односно подвигот на ставање на умот во процес на исцеление. За ова имам многу пишувано, но во конкретниот случај само би нагласил дека кон овој подвиг монасите најчесто пристапуваат со најдобра намера и тоа е она што ги

одржува безбедни во манастирот; иако не сите ја сфаќаат големината на овој подвиг.

Второ, монахот мора да го краси подвигот на постојано држење на умот во зборовите на молитвата. Како е можно да покажеш дека го сакаш дарот на умно-срдечната молитва, а посебно дарот на непрестајната умно-срдечна молитва, ако постојано не го враќаш умот во зборовите на молитвата, која исто така, се трудиш постојано да ја кажуваш; ако треба и усно?

Трето, и главно – за мене, е подвигот на екстремно туѓинување. Убаво си пишува таму: *кој остави...*, а не – кој не остави... Значи, ветувањето дека ќе добијат стократно повеќе, уште во овој живот, важи само за оние што оставиле. Модерниот монах сака да ги има сите средства за комуникација и информирање, сака сѐ да знае, сака сите да го знаат и сака да биде монах. Едноставно, тоа не е возможно.

Четврто, и главно – за Светиот Дух, е подвигот на заземање и седнување на последното место. Последното место е исто што и местото на срцето. Тоа е подвигот и дарот на Богородица. И кој тоа може да го опише?

Затоа, модерниот монах најчесто останува на првиот степен од духовниот развој, а утехата на просветлувањето ја добива пред упокојувањето. Тоа е. Некој треба и манастирите да ги одржува. Фала на Бог! Просветлувањето на умот со дарот на умно-срдечната молитва, во мое време – на Света Гора, го достигнуваше, отприлика, еден од десет.

И сега е отприлика така. Фала на Бог! Обожените ги има, ама се анонимни. Фала на Богородица!

Зошто овие духовни достигнувања најчесто ги поврзуваме со манастир, а не со брак? Не дека не се возможни големи достигнувања и во брак, но мислам дека многу е битно и прашањето дали некој дознава за монашки подвиг пред брак или откако влегол во брак. Причините се, значи, едноставни и практични, секој со својот избор го одредува и својот дострел – при подеднакви почетни можности.

И Самиот Господ, Богочовекот Исус Христос, откако ги намачка со кал очите на слепиот од раѓање – откако го подготви, го насочи кон бањата Силоам[2] – кон место на очистување, за да прогледа таму и за да се јават делата Божји врз него на тоа место, а не на некое друго. А и слепиот, се смири, послуша и отиде на посоченото место од Господ, како што и денес мнозина млади одат во манастирите – како духовни чистилишта, посочени од духовните отци на Црквата, по претходна подготовка.

Христос Воскресе!

---

[2] Види: Јован 9, 1–7.

# ПОВТОРУВАЊЕ

За Неделата на Светите отци од Првиот вселенски собор имав намера да пишувам за молитвата што ги опфаќа сите луѓе и секој човек што конкретно страда, ама за кого... Денешните христијани станале како мали бебиња на кои им треба млеко преку цуцла или, најмногу, топла кашичка, а не тврда храна. Затоа, денес ќе повторуваме...

Уште во минатата беседа[1], кога ги опишував темнините низ кои христијаните треба да се пробијат, се запрашав: зошто денешните „христијани" не го разбираат напишаново и доживуваат криза (суд) додека го читаат? И ми се одговори: *А овој суд е затоа што Светлината дојде на светот, но на луѓето повеќе им омиле темнината отколку светлината, оти нивните дела беа лоши* (Јован 3, 19).

А секоја темнина си има свој демон, кој се крие во неа, кој истовремено, со сите сили, преку помислите, се труди да ја одржи или зголеми истата.

Оние „христијани" коишто не ја пробиле темнината на поистоветувањето со државата, народот и партијата, да си знаат дека се наоѓаат во рели-

[1] Види: „Недела на слепиот", стр. 114–117.

гиозно растројство на личноста и дека се главни носители на растројството на државата и народот и на партијата со кои се поистоветиле. Иако тие за себе мислат дека се најголеми патриоти. Едноставно е: оној на кого Богочовекот Христос не му е на прво место, пред кој било и пред што било, ниту е Христов, ниту е христијанин, ниту е спроводник на благодатта на Светиот Дух во овој свет. Напротив... Значи, може да ме послушате веднаш, а може и, откако ќе видите дека сè ваше ви се распаѓа пред очи, да ме побарате да ви објаснам во што се состои злото на поистоветувањето, а во што доброто на пастирскиот пристап кон тоа што најмногу ви значи; и како преку пастирскиот пристап, тоа што го љубите, полека се преобразува и спасува. Православниот духовен живот е антиномичен, а пастирскиот пристап е најпродуктивен и единствен патриотизам.

Од оние, пак, христијани кои ги пробиваат темнините (на неверието и на поистоветувањето), мнозина само телесно стануваат членови на Црквата, крстени и причестени итн., но не ја откриваат тајната на послушанието, односно тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со местото и улогата што ги имаат во општеството и во Црквата; и во најдобар случај, душевно остануваат во темнината на религиозната невроза, со повремени проблесоци од светлината на природниот начин на живот.

Православната вера се прославува единствено со правилен живот. Нема православна вера каде што нема правилен духовен живот. Што е тоа коешто многумина христијани, вообичаено, го превидуваат? Токму восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и со местото и улогата што ги имаат во Црквата и општеството. Таму каде што не постои оваа восогласеност нема ни православен живот, ни православна вера, туку неосвестена ерес во пракса, камуфлирана во православие.

Пример за првото восогласување: оној кој нема барем просветлување на умот и кој нема такво послушание, не може јавно да се занимава со никакви теми, ниту со световни, ниту пак, со сложени теолошки теми. Световни теми се: политика, туѓи гревови и слично, а сложени теолошки теми се: ерес, раскол, екуменизам, свети канони, календар... Ве молам, сфатете веќе еднаш, кога го немате дарот на просветлениот ум – кој произлегува од умно-срдечната молитва, секоја тема и пракса што е надвор од овој внатрешен и скриен дар, а со која вие јавно се занимавате, ве вади надвор од вас, а вие, очигледно, не сте посветени внатрешно на очистување на срцето од страстите и во откривање на молитвеното место на срцето, во послушание, смирение и анонимност, односно не сте го восогласиле начинот на вашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓате; и нормално, отпаѓате од Божјата благодат.

Често се прашувам: што не ви е јасно тука и зошто се однесувате толку наопаку? Понекогаш си

мислам дека, теоретски, сè ви е јасно, но вие или воопшто не верувате дека постои или не верувате дека токму вие може да го достигнете дарот на умно-срдечната молитва, па не се трудите во таа насока. Другпат, пак, дека немате доволно интелектуален капацитет да сфатите што ви пишувам. Ама има и такви на кои им одговара овој поредок и хармонијата на православниот духовен живот да останат непознати, затоа што така полесно ја кријат својата падната состојба.

Просветлен ум има само оној кој е носител на дарот на умно-срдечната молитва – од која и произлегува просветленоста. Секоја друга „просветленост“ е демонска. Демонската просветленост може да произлезе од начитаност, од висока позиција, од човечка слава, од умисленост, од имотност итн.

Уште едно восогласување христијанинот треба да има предвид, а тоа е восогласувањето на начинот на неговиот живот со местото и улогата што ги има во општеството или во Црквата.

Секоја позиција и секоја улога во општеството, како и во Црквата, си имаат своја хиерархија, свои задачи и цели, свои привилегии, но и своја одговорност, кои е невозможно да се превидат. Секоја појава на невосогласеност и во овој дел, а во комбинација и со потребата од првото восогласување, е не мало промашување. Но, иако второво восогласување е просто невозможно без првото восогласување, сепак, овојпат ќе наведам еден пример, колку теоретски да се разбере.

Пример за второто восогласување: ако некој е лаик во Црквата, без оглед на општествената позиција, и исто така не е ни важно на кој степен душевно или духовно се наоѓа, не може да си дозволи јавно да противречи на слово на Епископ на Црквата, дури и ако во тоа слово има некоја грешка; или јавно да обзнанува некоја негова грешка на дело. Што треба да направи? Ако во словото на Епископот, или во некое негово дело, има некоја грешка, тогаш тој треба истата да му ја открие на својот духовен отец, а тој, пак, на својот Епископ. Ако истото го направат уште неколку христијани од други епархии, грешката на Епископот сигурно ќе стане тема и на некоја Синодска седница, каде што Епископот ќе биде замолен од страна на Светиот Синод да не ја повтори или да ја исправи грешката на дело или во следното свое слово. Ако е тој нормален, секако дека ќе ја исправи; и ова веќе се случувало. Тоа е нормалниот црковен начин, ако човек постапува согласно местото и улогата што ги има во Црквата и општеството. Има и варијации на тема доколку, на пример, Епископот ненамерно напише ерес, или намерно... или не послуша... итн., итн., ама сè, главно, оди прво преку духовниот отец.

Добро, сето ова е ако згрешил нешто. А, ако не згрешил? Си се запрашал ли, о човеку, кому се противиш? На Епископот? Не; знаеш убаво Чија икона е тој и на Чие место седи... И што мислиш, вака, до каде ќе стигнеш? Без покајание, без прошка...

Доколку не се освести и не се достигне ова восогласување за кое говориме, човековиот душевен

живот може да се нарече секако освен правилен, односно секако освен православен, а последиците од таквиот начин на живот најчесто се: неосновано високо мислење за самите себе, односно идеи на величина; или пак, суптилна состојба на умот што престојува во когнитивни дисторзии (контаминации – според трансакционо-аналитичката теорија на Ерик Берн); или, едноставно – гордост. Со други зборови, како што е веќе објаснето – бесовска прелест.

Прелеста, поголема или помала, дефинитивно го попречува душевното заздравување или духовниот развој. Затоа, ако некој душевно страда од некаква прелест, таквиот треба да го прилагоди своето однесување со потребите за заздравување, кои пак, ќе бидат во согласност со тежината и со видот на душевното страдање. Додека, пак, ако некој духовно расте, таквиот треба да го прилагоди своето однесување со потребите на духовниот напредок, кои пак, ќе бидат во согласност со стадиумот на духовната зрелост. Со други зборови, без точна терапија, нема исцеление и нема восовршување.

Затоа Отците и бараат духовниот живот да се случува во познание – освестено. Само тогаш и најоправдано може да го носи епитетот *православен духовен живот.*

Пресвета Богородице, спаси нè!

# ДАРОТ НА
# СВЕТИОТ ДУХ ГОСПОД

Го знаете сите евангелието за сејачот и семето[1]. Знаете дека имаше зрна семе кои паднаа покрај патот, на камен и во трње, и кои не донесоа плод. И, знаете дека имаше зрна семе кои паднаа на добра земја и дадоа добар плод: едни сто, други шеесет, а други триесет. И, го знаете Христовото објаснување за зрната семе посеани на добра земја: *А посеаните зрна на добра земја се оние што го слушаат словото и го примаат и принесуваат плод: едни триесет, други шеесет, а други сто* (Марко 4, 20). Тоа се оние луѓе коишто смирено се подвизуваат и кои, во свое време, носат плодови, според вистинитите Христови ветувања. И, тоа значи дека едните од нив го чистат своето срце од страстите, дека другите го просветлуваат својот ум преку дарот на умно-срдечната молитва и дека третите се обожиле и станале синови Божји по благодат и миротворци.

И претпоставувате дека секој еден од нас, што ги сее зрната од семето на побожноста, внимава

[1] Види: Марко 4, 3–20.

на два момента. Првиот и најважен е зрната да не се расипани или празни, што зависи од тоа дали говориме вистина и дали ја живееме таа вистина. Ако не говориме вистина – зрното е расипано, а ако не ја живееме вистината – зрното е празно. Дали говориме вистина и дали ја живееме таа вистина, пак, зависи од просветленоста на нашиот ум и дарот на умно-срдечната молитва. Со други зборови кажано, ако немаш влезено и допрено до своето духовно срце, нема да влезеш и нема да го допреш ни туѓото, па не знам каква вистина да зборуваш; напротив – можеш само да станеш наметлив и одбоен. Вториот е дали зрната паѓаат на добра земја. Вториот момент, не зависи толку од сејачот.

Тоа што зависи од сејачот е малку да ја подготви земјата на која паѓаат зрната. Во таа смисла примете го и моето толкување на ова евангелие: семето што паѓа покрај патот ги објаснува оние „христијани" што се поистоветуваат со нацијата, или народот, или племето и родот, на кои им припаѓаат по крв и по култура. Не може словото Божјо да донесе плод во оној што наместо со Христос се поистоветил со нешто друго, и затоа го изгубил својот христијански идентитет. Семето што паѓа на камен ги објаснува оние „христијани" што се поистоветуваат со државата во која се родени. Не може словото Божјо да го прими длабоко во себе и тоа да му донесе плод на оној што својата сигурност ја потпира на овој свет и неговите сили, а не во Бог. Семето, пак, што паѓа во

трњето ги објаснува оние „христијани“ што се поистоветуваат со некоја партија. Не може словото Божјо да донесе плод во оној чиј разум и тело се расеани по световните грижи за задоволување на своите телесни и душевни страсти. Тоа се трите темнини кои низ вековите незабележливо се напластиле и одомаќиниле меѓу „христијаните“, кои ако не бидат тргнати, напразно се сее семето.

Неверието и поистоветувањето, за мене, се една и иста темнина, затоа што имаат ист резултат – одрекување од христијанскиот идентитет. Затоа и кога пишувам ги ставам на исто рамниште, на пример: мнозина од оние христијани кои ќе се пробијат низ темнината на неверието и на поистоветувањето со државата, народот и партијата, само телесно стануваат членови на Црквата, крстени и причестени итн., затоа што не ја откриваат тајната на восогласувањето на начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и со местото и улогата што ги имаат во Црквата; и во најдобар случај, душевно остануваат во областа на религиозната невроза. Од овој пример уште гледаме и дека не е доволно и само формално да се стане христијанин, туку треба верните да ги краси и живот христијански, и тука, како клучна, се појавува улогата на духовниот отец – посебно во делот на восогласувањето на нивниот живот со тоа што треба да претставуваат. И, уште се подразбира дека духовниот отец нема задача национално да освестува, туку духовно да преобразува. Нема ништо полошо од пропагирање

лажен патриотизам во црквата. А, и различни се алатките за двете различни цели. За втората цел, алатка е самиот духовен отец.

Само оној духовен отец што ќе го сочува својот христијански идентитет, односно Божјата благодат во себе, а истовремено ќе покаже пастирска грижа, проследена од конкретни подвизи и жртви (на пример – монаштво), за нацијата (народот), државата и партиите (не, партијата!), меѓу кои делува, само тој ќе успее, како спроводник на благодатта, да го направи плодоносно сето тоа за кое пастирски се грижи, во слава Божја. Значи, на поистоветувањето му се спротивставуваме со пастирскиот антиномичен пристап. Се одрекуваме и од својот световен идентитет и, ако треба, и од сè свое, па дури и од својот живот, само и само за да го сочуваме Христовиот, односно христијанскиот идентитет, и во исто време, благодатно, светотаински, го преобразуваме и осветуваме и својот световен идентитет, и личен и народно-соборен.

А, што се однесува до соборноста на Црквата – нека не ве збунуваат луѓе неуки, загубени во лавиринтите на дуализмот! Сум ви рекол дека соборноста е, пред сè, аскетско-исихастичка, односно суштина на животот на човек кој своето срце го очистил од страстите и го добил дарот на умно-срдечната молитва, а потоа и црковно-евхаристиска. Ама од каде да го знае тоа тој што нема опит, т.е. неукиот? Очигледно е, по последните црковни случувања, дека соборноста на Црквата не се содржи толку во национално-администра-

тивната поделба и црковните јурисдикции, зависни од овосветската политика и демонскиот етнофилетизам, а посебно не во нивните формални врски и односи, туку, пред сè, во срцето способно да го собере и да плаче за целиот свет...

Ние сме тие кои треба да Го следиме Светиот Дух Господ и да сме украсени со Неговите плодови; Он сигурно нема да нè следи нас во нашите раскол-проекции, помесни поделби и нељубов. Затоа и Христос Богочовекот вели: по плодот (на умно-срдечната молитва, оти нема друг) ќе се препознаете меѓу себе, а не по видот на дрвото и големината на гранките (а не по големината на националните цркви и нивните јурисдикции, како и по нивната политичко-религиозна поврзаност)[2]. Нашата вера е во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква.

А, поопшто, *плодот на Духот е: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста. Против такви нема закон* (Гал. 5, 22–23). Е па... нема... И нема ни да има...

Ви пишувам, ако сакате да имате некаква врска со Светиот Дух на Црквата, инаку слободни сте да си терате како што сте си тргнале...

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

---

[2] Види: Матеј 7, 16.

## НИКОГАШ ЧОВЕК НЕ ГОВОРЕЛ ТАКА КАКО ОВОЈ ЧОВЕК

*Дојдоа, пак, слугите кај првосвештениците и фарисеите, и овие им рекоа: „Зошто не Го доведовте?“ А слугите одговорија: „Никогаш човек не говорел така како Овој Човек“.*

*Тогаш им одговорија фарисеите: „Да не се прелагавте и вие? Поверувал ли некој од началниците и фарисеите во Него? Но, овој народ, што не го знае Законот, е проклет“* (Јован 7, 45–49).

Еве уште едно евангелско четиво во кое јасно го забележуваме судирот меѓу словото на законот и духот на словото – во сила; меѓу формата и суштината; меѓу институцијата и харизматичната личност; меѓу формата на стариот завет и Духот на Новиот Завет; меѓу лажните пророци и Вистината Христос; меѓу секундарната и примарната функција на умот; меѓу дуализмот и исцеленоста; меѓу схоластицизмот и православниот духовен опит; меѓу болната логика и здравата мистика; меѓу затемнетоста и просветленоста; меѓу паднатата природа и Светата Тајна; меѓу номичноста и антиномичноста.

Ќе го истолкуваме малку антиномично:

Гледаме дека кога некој со слово во сила го допира човековото срце, тогаш човек престанува да дејствува според плановите на својот разум или зададените задачи или колективните несвесни шеми, и почнува да дејствува според своето ново, преобразено чувство и според својот разум – кој ги прифаќа новото чувство и новото сознание. Слугите одбиваат извршна наредба, и тоа во очи им го кажуваат на првосвештениците и фарисеите, без свесност за страв; како нешто најнормално да им пренесуваат. Гледате ли зошто ви велам дека прво треба преку умно-срдечната молитва да допреме до своето срце, па потоа преку преобразената и просветлена мисла, преточена во слово со сила, да допреме и до срцето на другиот?

И да немаш просветлен ум, можеш да проповедаш, ако имаш соодветен чин и послушание, но само свесноста за твојата непросветленост му дава смирен дух и тон на твоето слово и одредена продорност. Се лажат оние кои проповедаат од распалена крв и еуфорично понесен разум дека таа состојба не се забележува и дека кажаното ќе им трае. Популизмот, односно душевноста, е за кратка патека и за краток здив. За душевноста да даде некаков формален резултат потребни се емотивен момент, масовност и голема надмоќ на нејзина страна. Но, душевноста, и да е поврзана со тие услови, не може да даде резултат што суштински би сменил нешто. Што суштински им смени на првосвештениците, фарисеите и книжниците тоа што Го распнаа и убија Богочовекот Христос?

Јасно ли ви е сега зошто лажните пророци не успеваат и зошто, на тој начин, никогаш нема да успеат?

А денес, гледаме, доста се намножиле лажните пророци, ама изгледа и малку сличната на нив, или наивна, публика. Како ги препознаваме најлесно? Ја поткопуваат довербата во одлуките, како и во самиот Свет Синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија. Ја поткопуваат довербата кон нашиот Поглавар. Или, читањето на кажаното од нив предизвикува темнина, страв и збунетост; итн. Посебно, затоа што тоа го прават во време на војна против нас. Нормално, нема да успеат, но секој нека се чува од соучество во предавството на Јуда.

Но, да ги оставиме лажните пророци на Божјиот суд. Што треба да знаат верните христијани? Синодот, како и самата Црква, е составен од луѓе што можат да згрешат – значи, грешни луѓе, но сите заедно, на Светата Литургија се едно свето тело – Тело Христово. Неговите одлуки, кои понекогаш поединечно се тешко разбирливи, сепак, сите заедно, во свое време, си носат плод, затоа што, сепак, низ Црквата дише Светиот Дух Господ и Он се грижи за Неа, и никогаш не ја напушта. Па, во тоа и се содржи Тајната на Црквата. И на Самиот Свет Дух Му помагаме ако сите си го чуваме своето единство со, и доверба во, своите Епископи кои го сочинуваат Светиот Синод. Просто, единството на и со Светиот Синод не смее да се наруши, како и послушноста кон него. И, едно е

да го градиш тоа единство, а друго е да го растураш.

Лојалноста кон својот Епископ и Свет Синод, и подвигот за единство со нив, подразбира и игнорирање на лажните пророци: ниту ги следиме, ниту ги слушаме, ниту ги споделуваме нивните пораки, ниту им даваме поддршка, ниту пак, влегуваме во некаква дискусија со нив. Особено ако немаме личен критериум за проценка на нивната дејност, односно ако немаме просветлен ум – со дарот на умно-срдечната молитва. Значи, ако на кој било начин им даваме свесна или несвесна поддршка, ние и дополнително ги разболуваме, односно го храниме нивното религиозно растројство на личноста, т.е. религиозната социопатија. Лојалноста, довербата и Литургиското единство (можноста за Причест) со својот Епископ подразбираат и дека само од него очекуваме општи насоки за дејствување, и од никој друг, па колку и да е свет тој другиот. На пример, без благослов од нашиот Епископ не можеме да пренесуваме и правиме нешто што некои го побарале, да речеме, од Света Гора.

И денешните лажни пророци сакаат да се единствени толкувачи на словото на Законот, за кога ќе им биде потребно, да го спротивстават на духот на словото. Затоа што, самото слово може и различно да се толкува. Но, тие заборават дека словото во сила не се толкува – тоа е извршно: секој добронамерен човек го слуша словото, го прифаќа во своето срце со смиреност и го исполнува. На ова се однесува и светоотечката поука:

на едно слово може да му се спротивставиме со друго слово, но на делото не можеме со слово. Духот на словото, пак, најмногу се содржи во запишаниот опит во делата на Светите отци. На лажните пророци не им одговара и познавањето на словото од запишаниот опит на Светите отци, затоа што во тоа знаење не можат да ги скријат својата отпаднатост, својата неопитност и својата лажност.

На денешните лажни пророци, посебно не им одговара теоретското и опитно познавање на степените на духовниот развој, како и познавањето на границите меѓу степените на духовниот развој. И, не им одговара теоретското и опитно познавање на степените на душевното разболување, како и познавањето на границите меѓу степените на душевното разболување. Затоа што, тоа знаење на сите ни овозможува да се видиме каде сме, но ги отвора нашите очи, донекаде, да видиме и каде се другите. Посебно, да ги препознаеме лажните пророци.

Сепак, тоа знаење ни е неопходно: само тоа ни овозможува да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата; само тоа знаење ни овозможува православен живот, односно живот во Вистината...

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# НЕДЕЛА НА СИТЕ СВЕТИИ

И*така, секој што ќе Ме признае Мене пред луѓето, ќе го признаам и Јас него пред Мојот Отец Небесен. А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Отец Небесен* (Матеј 10, 32–33).

*Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој милува син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој не гоземе крстот свој и не оди по Мене, не е достоен за Мене* (Матеј 10, 37–38).

*Тогаш Петар одговори и Му рече: „Ете, ние оставивме сè и по Тебе одиме: што ќе стане, пак, со нас?“ А Исус им рече: „Вистина ви велам, дека вие што врвите по Мене, при повторното раѓање, кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе им судите на дванаесетте Израилеви колена; и секој што остави куќа, или брат, или сестра, или татко, или мајка, или жена, или деца, или ниви, заради Моето име, ќе наследи стопати повеќе и ќе добие живот вечен. И мнозина први ќе бидат последни, а последните први“* (Матеј 19, 27–30).

Не знае човек што попрво да толкува од неделново евангелие.

Најмногу, внатре, превладува темата на самоидентификување, односно поистоветување со Богочовекот Исус Христос или со нешто друго, од овој свет. Тема на самоидентификување е и јавното признавање дека сме Христови или од Него одрекувањето. Иста тема е и кога што било или кого било во нашиот живот љубиме повеќе отколку Христос или го оставаме заради Христос. Иста тема е и одењето по Христос и седењето со Него, откако Он ќе седне на престолот на славата Своја.

Изгледа дека од темата на самоидентификување со Христос или, не дај Боже, со нешто од овој свет – па не знам колку и да ни значело тоа нам, нема бегање. Да, тоа е избор со кој се среќаваме во секој момент од нашиот живот. Во секој момент од нашиот живот, сите ние, со секоја своја мисла и чувство, со секој свој збор и со секое свое дело, или се самоидентификуваме како Христови или како Негови противници и предавници.

Ајде вака, најгрубо, да се потсетиме на учењето на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква за темата самоидентификување. За секој еден вистински христијанин, Богочовекот Исус Христос е на прво место – Него најмногу Го љубиме, Нему најмногу Му веруваме, за Него првенствено живееме, на Него најмногу се надеваме, Нему сме Му лојални и, пред сè, за Него сме подготвени целиот свој живот да го жртвуваме. Од Христос никогаш не се откажуваме! А поради Него од сè можеме да се откажеме! Можеме да се откажеме

и од деца и од родители, од народ и од татковина, од имот и од позиции, од здравје и комфор, и од самиот свој живот, ако некој нѐ постави во позиција да бираме Христос или што било од наброеното – или што било друго.

Ова си е точно вака. Дали некому му се свиѓа или не, дали некому му изгледа како фанатизам или не, православниот христијанин тоа не го интересира. И, се подразбира, во Христос веруваме православно, така како што Светите отци утврдиле во своите дела, а посебно како што утврдиле во светите догми на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, потврдени на Светите Вселенски Собори. И, православно Го исповедаме.

Погоре е прецизно објаснето, што се однесува на тема самоидентификување, односно поистоветување со Богочовекот Христос. Но, само човек, којшто заради Христос Богочовекот е подготвен и може да се откаже од сѐ свое, само тој и има најголема љубов и кон своите блиски, и кон својот народ и татковина, па дури и кон непријателите, затоа што Бог таквиот најмногу го преобразува, осветува и обожува со Својата несоздадена енергија – и овде веќе говориме за пастирски пристап кон луѓето, кон светот и кон сѐ што е создадено. Пастирскиот пристап е антиномичен – најмногу се откажуваш од некого или нешто и истовремено најмногу го љубиш. Монахот, кога заминува во манастир, па дури и во туѓа земја, да не го прави тоа затоа што ги мрази тие што ги напушта? Не, затоа што ги љуби. А, што се однесува до самата

Божествена љубов, таа е еднаква за и кон сите. Кој колку ќе ја има, зависи од неговата отвореност за Бог.

И, мислам овде да ја затвориме темата за патриотизам, особено со оние кои ништо не жртвувале за својата татковина (како, на пример, монасите што жртвуваат). Оти има и такви кои нешто жртвувале. Има и такви кои мислат дека жртвуваат, а не сфаќаат дека од Христос се откажуваат.

Оставањето кого било и што било заради Неговото Име е поврзано со ветување: *Ќе наследи стопати повеќе и ќе добие живот вечен* (Матеј 19, 29). Православниот христијанин, тоа ветување, апсолутно не го интересира! Фанатизам? Мислете си што сакате...

Ајде да видиме што значи уште ова: *И мнозина први ќе бидат последни, а последните први* (Матеј 19, 30). Оваа тема е поврзана со восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата. Нели, според Светите отци, оној кој е на степенот на очистување на своето срце од страстите може да биде ракоположен во ѓаконски чин; оној кој е на степенот на просветлување на умот со дарот на умно-срдечната молитва може да биде ракоположен во презвитерски чин; и оној кој е на степенот на обожение може да биде ракоположен за Епископ на Црквата Божја.

Бидејќи ова светоотечко начело, денес, ретко се почитува, затоа настанува несовпаѓање, односно

невосогласеност меѓу степенот на духовниот развој и соодветниот свештенички чин. Може да се случи човек кој воопшто не го ни чисти своето срце од страстите да стане Епископ. Значи, колку поголемо несовпаѓање, невосогласеност меѓу степенот на духовниот развој и свештеничкиот чин, толку и поголемо промашување, односно грев; и толку поголема можност за душевно разболување на тие што неподготвени се нафатиле на некој од свештеничките чинови. Затоа, мнозина први ќе бидат последни.

А како мнозина последни ќе станат први? Верните луѓе, кои немаат свештенички чинови, се многу поблиску до идеалот на критериумот воспоставен од Светите отци. Повеќето од нив се или на ниво на религиозна невроза, што математички би било промашување од еден степен, или се наоѓаат на степенот на чистење на своето срце од страстите – што е во согласност барем со тоа што немаат никаков свештенички чин. Нормално, тие не треба да бидат задоволни со таквата состојба, затоа што секој е должен, во смирение, послушание и анонимност, да напредува по скалилото на внатрешното, царско и есхатолошко свештенство (кое го имаат и жените – и пред сè, тие), без оглед на тоа дали Божјата промисла ќе го удостои и со надворешен свештенички чин. Само на тој начин – мнозина последни ќе станат први.

А за оние лаици кои не сакаат да го восогласат начинот на својот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат, како и со местото

и улогата што ги имаат во Црквата, па излегуваат од смирение, послушност и анонимност, и пробуваат да ги поучуваат другите, што да кажеме? Жали Боже... Па, зарем околу двесте монаси и искушеници на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија напразно смирено се подвизуваат во послушност и анонимност во манастирите? Зарем тие немаат што да поучат од жив опит? Некој овде многу греши.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# АНТИНОМИЧНОСТ

Антиномичност е теолошки израз за света противречност. Антиномичност, за мене, е синоним за светост. Како инаку да говориме за светоста, во комплетно антиномична вера, освен противречно? Светоста, вообичаено, во својата поблиска и подалечна околина, и предизвикува противречности (контроверзност).

Антиномична е верата во еден Бог, со три Ипостаси и една суштина; вера во Отецот и Синот и Светиот Дух, ама во единство кое не се заснова на едната природа, туку, пред сѐ, на беспочетната Ипостас (Личност) на Отецот, од Кого се раѓа собеспочетниот Син и од Кого происходи собеспочетниот Дух.

Антиномично е создавањето на духовниот и на материјалниот свет од ни од што претходно постоечко.

Антиномична е верата во Единородниот Син Божји, Кој вонвремено се раѓа од Отецот, и без да го смени начинот на Своето постоење, во време, се роди од Пресвета Богородица и Секогашдева Марија. И вистински Бог и вистински Човек. Две природи – несоздадена и создадена, неразделно,

неслиено, неразлучно и непроменливо соединети во Личноста (Ипостаста) на Богочовекот Исус Христос.

Антиномично е воплотувањето од Свет Дух; верата и во мајчинство и во девственост, содржани во една личност – во Мајката Божја Марија, Пресвета Богородица и Секогашдева. Верата во Онаа што не е божица, а е поважна од тоа, Која нè спасува, не по природа, туку од Својата мајчинска позиција, односно поради нововоспоставените личносни односи.

Антиномично е верувањето во светоста на Црквата Божја; Литургиски собор на грешници, а по благодатта на Светиот Дух – Тело Христово. Истото она родено од Богородица и одуховено на Светата Педесетница.

Антиномична е Светата Литургија – Евхаристија на Црквата; каде што со сите светии, самите себе, еден со друг и целиот свој живот, преку лебот и виното, на Бог Му го предаваме, а Тој ни го предава Својот живот, т.е. несоздадената енергија Божја, во Телото и Крвта Христови; каде што Христовиот живот станува наш, а нашиот Христов; каде учествуваме во настани од Христовиот живот на кои не сме биле и во настани кои уште не се случиле – второто Христово доаѓање; каде заедничариме и на Тајната Вечера, и со првата Црква на Ерусалим, и со сите верни од сите времиња, како и со Есхатолошката Црква на Царството Небесно.

Антиномичен е дарот на свештенството; кога грешниот и непотребен слуга пред олтарот стои

и ги свештенодејствува Христовото пречисто Тело и чесна Крв, додека Христос е Тој Кој принесува и Се принесува, Кој прима и Се раздава.

Антиномично е и маченииштвото заради Христос и вистинската вера во Него. Милиони луѓе се откажале од својот овоземен живот заради Царството Небесно; од нешто видливо, заради нешто невидливо.

Антиномичен е и монашкиот пристап кон светот; се откажуваш, заради Христос, од сите оние, и од сето она што најмногу го љубиш, затоа што сакаш уште повеќе, вистински и свето да ги љубиш. Или, го оставаш, заради Христос, оној за кого најмногу се грижиш, затоа што веруваш и знаеш дека Бог многу подобро за него, од тебе, ќе се грижи. И слично. На овој маченички и монашки етос се темели и пастирскиот однос на христијаните кон светот.

Антиномично е и кога просторно и временски ограничениот човек станува благодатно секаде присутен, и во време и во простор. Антиномична е и ситуацијата кога обичен човек стекнува таква слобода пред Бог за да може да ја смени и Божјата Волја. За ова ни говорат житијата на светиите.

Антиномична е и љубовта кон непријателите, ама тоа е тврда храна и затоа подобро Самиот Христос нека си каже:

*Љубете ги непријателите свои; правете им добро на оние што ве мразат; благословувајте ги оние што ве навредуваат! На оној што ќе те удри по едниот образ, заврти му го и другиот; а на оној*

*што сака да ти ја земе горната облека, подај му ја и кошулата. Секому, кој ти бара, подај; а од оној што зема од тебе нешто, не сакај да ти врати!* (Лука 6, 27–30). *На оној што бара од тебе, дај му, и не го одбивај оној што ти сака нешто на заем* (Матеј 5, 42).

*Туку вие љубете ги непријателите ваши и чинете добро, и на заем давајте, не очекувајќи ништо. Така, ќе биде голема наградата ваша и ќе бидете синови на Севишниот; зашто и Он е добар кон неблагодарните и кон лошите. И така, бидете милостиви како што е милостив вашиот Отец* (Лука 6, 35–36).

*Сте слушале дека е речено: „Око за око, заб за заб“. Јас, пак, ви велам: да не се противите на злото. Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот* (Матеј 5, 38–39).

*Сте слушале дека е кажано: „Љуби го својот ближен и мрази го непријателот“. А Јас, пак, ви велам: љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат, за да бидете синови на вашиот Отец Небесен; зашто Он го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите, и праќа дожд на праведните и на грешните. Оти, ако ги љубите оние што ве милуваат вас, каква ќе ви биде наградата? Зарем не го прават тоа и митниците? И, ако ги поздравувате само браќата свои, што особено правите? Не постапуваат ли така и незнабошците? Но бидете совршени, како што*

*е совршен вашиот Отец Небесен* (Матеј 5, 43–48).

Антиномична е христијанската љубов кон својот народ. Чујте од великиот Апостол Павле: *Ви зборувам вистина во името на Христос, не лажам – тоа го сведочи мојата совест преку Светиот Дух, дека ми е многу жал и срцето ме боли постојано; оти повеќе би сакал јас да бидам одвоен од Христос за браќата свои, моите сродници, по плот, кои се Израилци, на кои и им припаѓа восиновувањето и славата и заветите и Законот, и службата кон Бог и ветувањата; нивни се и отците, од нив по плот е и Христос, Кој е Бог над сите, благословен во веки. Амин!* (Рим. 9, 1–5).

Антиномична е и состојбата на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија. Е, ова е толку лесно, што и првачe може да ви го каже. Го помина истиот пат до автокефалност како и сите помесни Цркви, дури и многу попоштено од другите – сепак, за разлика од нив, таа имаше веќе признат канонски статус на самостојност пред да прогласи автокефалност, но нејзината автокефалност истите тие, т.н. канонски Цркви официјално не сакаат да ја признаат. Црковната зрелост за автокефалност повеќе се препознава во самопрогласувањето – ама од состојба на самостојност, отколку кога некој ќе ти ја прогласи или ќе ти ја купи – од ништо. Ја обвинуваат за етнофилетизам истите тие што ја измислија, што се поболеа и што се парализираа од таа болест – само што нема кој сериозно да им каже дека нивното обвинение е проекција на духовно падна-

тите. Бараат почитување на канони истите тие што многу години поминаа под анатема поради прегазување на светите Канони. Бараат покајание, односно преумување, од неа, истите тие што не ни знаат дека преумување во суштина значи умно-срдечна молитва; додуша – ако им е за некое оправдување, кај нив не ни можеш да сретнеш некој жив што нешто кажува или пишува за умно-срдечната молитва. Се напрегаат да проповедаат нешто кај нас, тие што и дома ретко кој ги слуша. Сакаат да го обезбедат физичкото единство на православниот народ, а истовремено свесно го рушат духовното. Некои од нив Го негираат Духот во нас, и самите се ставаат во редот на чекање – за истерување нечисти духови. Нѐ прогласија за отсечена и исушена гранка, а нејзините плодови (монаштвото) сите Цркви ги користат. Цело време работат на наше разединување, а само го зацврстуваат нашето единство. Христос нѐ повикува да бидеме едно како што се Тој и Отецот[1], тие нѐ повикуваат да сме едно како нив – ама под нив. Говорат за соборност, а едни со други не сослужуваат. Не знае човек, дали да им помогне да се спасат или да се спасува од таквите? Толку се смешни, што треба да ги плачеш. Итн., итн., слободно дополнете, нивните глупости засега немаат крај. Просто, да се запраша човек што е подобро – да има заедница со нив или да нема? Поантиномично од ова – здравје! Ама, *сите што сакаат да*

[1] Види: Јован 17, 21.

*живеат побожно во Христос Исус, ќе бидат гонети* (2 Тим. 3, 12); така што, ништо ново. Но, да не превидиме, физичкиот прогон е бескрајно помал од „духовниот“ прогон и геноцид што се врши сега над нас. Толку ли не сфатија дека Истиот е Тој што вели: *Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 40), и тогаш и во нашиов случај? Па, уште и се прашуваат, зошто постојано страдаат? Односно, зошто сите заедно страдаме?

Ако некој се прашува дали во последниов пасус сум сериозен или се шегувам со некого, нека знае дека таква дилема нема; јас сум само антиномичен – со демоните. А оние, пак, што се под нивна контрола, самите си се јавуваат, отпосле.

Антиномичен е и нашиот одговор на сето она што ни го прават. Тоа што ни го прават го примаме како нивно прашање упатено кон нас: *нè љубите ли?* како испит на нашата духовна зрелост. Тука можевме и требаше да се покажеме повеќе; и тука не ги убедивме многу – не сите од нас и не на сите од нив. Секако, само од нив, пак, зависи што тие сакаат да видат во нас. Сепак, тука не беше под знак прашање нашата црковно-административна зрелост за автокефалност, тоа им го докажавме; барем во споредба со нив. Нејзиното признавање веќе стана прашање на време.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# УМНО-СРДЕЧНАТА МОЛИТВА – КРИТЕРИУМ ЗА ВИСТИНСКО МАЧЕНИШТВО

Слушнавте уште еднаш, како и многупати досега, што вели Богочовекот Исус Христос: *Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас Ме замрази* (Јован 15, 18). Еве уште една можност да се потсетиме дека подвигот на христијанството во овој свет е неразделно поврзан со подвигот на маченииштвото. Всушност, тоа е еден и ист подвиг. Единствено маченикот има целосно право да биде наречен христијанин, а „нема никакви други права“.

Што подразбираме ние, христијаните, под поимот *свет*? Свет се, пред сè, непреобразените страсти што постојат во нас; свет се гревовите што ги правиме; свет се демоните поврзани со непреобразените страсти и свет се луѓето кои, заробени од своите страсти, свесно или несвесно, им служат на демоните. Внатрешната или (и) надворешната војна што постојано ја водиме со светот или светот ја води против нас, односно напорот, страдањата и болките што ги претрпуваме притоа, за да останеме во љубовта на децата Божји кон

својот Отец Небесен и кон своите ближни, нас нè прават маченици.

Знаеме дека Бог не допушта искушение поголемо од нашите сили. Тоа значи дека на различните нивоа од духовниот раст ни се случуваат соодветни искушенија, но не заради пад (иако таа можност е секогаш многу реална; и се случува), туку заради наше покајание и духовно восовршување.

На првото ниво – *очистување на срцето*, кога нашето срце е сè уште заробено од страстите, на демонот му е допуштено да напаѓа однатре, затоа што има слободен пристап преку страстите, но само со интензитет на предизвикување помисли, чувства и желби. Секогаш кога нема да ги исполнуваме страстите и гревовите, односно секогаш кога се бориме да се ослободиме од помислите и желбите за нив, и кога страдаме во таа борба, стануваме соодветни маченици.

На второто ниво – *просветлување на умот* со дарот на умно-срдечната молитва, кога нашето срце е доволно очистено од страстите, демонот не може да нападне однатре, односно поради чистотата на срцето таквиот вид напад не му е доволен за да предизвика пад, и затоа тогаш нападот се случува преку луѓе што се робови на страстите, а под негова контрола. На ова ниво повеќе не сме дел од светот. *Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето* [немаше да ве напаѓа]; *но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази* (Јован

15, 19). Нападот преку луѓе е пореален и доволно силен за да го разбуди и поттикне недопреобразениот дел од страстите на срцето и да создаде услови за наш пад. Видливиот напад преку луѓе, иако на почетокот е насочен кон поттикнување на сите недопреобразени страсти во нас, на крајот, откако нема да успее, обично се сведува на јавно непријателство и омраза.

И секогаш, значи, кога демонот ќе нè нападне однадвор, преку луѓето што се негови слуги, затоа што не ќе има можност и сила да нападне однатре преку непреобразените страсти, и кога ние страдаме во таа борба, стануваме маченици. Што е најчудно, најчесто тие што нè напаѓаат не нè ни знаат – не нè ни сретнале во животот, никогаш зло лично не сме им направиле – ниту кому било, а често не им е ни јасно зошто нè мразат или чувствуваат одбојност, или зошто се обземени од некаква предрасуда кон нас. Настрана тоа, туку не ни оставаат простор дека можеби негде грешат во врска со нас – што е, патолошки, најсимптоматично. Но, како што рече Господ: *Нека се изврши словото, напишано во нивниот Закон, дека Ме замразија без вина* (Јован 15, 25).

Ова е неопходен стадиум низ кој мора да помине секој подвижник на умно-срдечната молитва, кој одговарајќи со љубов на секое непријателство, се удостојува со дарот на премин од просветлување кон обожение, а неговата молитва од аскетска станува непрестајна или благодатна умно-срдечна. Овде говориме за делотворна љубов која-

што ги преобразува луѓето, внатре од конкретната заедница, што може да имаат секаков однос кон нас – од симпатија до омраза, а не за некоја само теоретска, љубов од далеку, кон оние што веќе сме ги отфрлиле и од кои сме се одделиле – затоа што се чувствуваме повредени од нив, а наводно многу ни е грижа за нив и нивното спасение.

Веќе се назира што произлегува од досега кажаното – во една реченица: секогаш кога ќе успееме начинот на нашиот живот да го восогласиме со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, ние стануваме маченици. Тоа значи дека мачеништвото е, исто така, духовен подвиг, чија вистинитост може да се провери според плодовите што ги носи. Ако Бог преку Својата Промисла не ги дозираше на овој начин искушенијата, никој немаше да види ни восовршување, ни спасение.

Да заклучиме: оној што ќе пострада мачenички на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето*, во внатрешната борба со своите непреобразени страсти и демоните поврзани со нив, и ќе победи, ќе го стекне плодот на дарот Божји на аскетската умно-срдечна молитва. А оној што ќе пострада мачenички на вториот степен – *просветлување на умот*, во надворешниот напад од страна на луѓето – демонските слуги, и ќе победи со љубов, ќе го стекне плодот на дарот Божји на непрестајната умно-срдечна молитва и гледањето на божествената светлина.

*А ако, пак, некој војува, сепак венец не добива, бидејќи не се борел според правилата* (2 Тим. 2, 5).

Нормално, оној што нема да го восогласи начинот на својот живот и подвиг со степенот на духовниот развој на кој се наоѓа, нема ни да ги види плодовите на Светиот Дух, ниту пак, може да се смета за маченик. Може само да импровизира.

На пример, доколку некој, од параноидна егзистенционална позиција, тврди за себе дека е маченик, само врз основа на тоа дека луѓето судски го гонат или одлежал затвор, а истовремено ги нема соодветните дарови на Светиот Дух – како што е, барем, умно-срдечната молитва, односно просветленоста на умот, таквиот подобро да си го признае непромислениот грев или направениот криминал, на очиглед на црковната заедница или на општеството, отколку да негува таква делузивна идеја на величина за самиот себе, односно јавно да се самопромовира како таков; или, како таков, да го промовираат неговите заблудени следбеници.

Но, вообичаено, патолошкото однесување на таквите, како јавно клеветење, уценување, заканување, лажење, осветољубивост, агресивност, потценување, самооправдување, осудување, исмевање итн., како и општото пастирско промашување, е видливо за сите, освен за нив самите. Овој вид отцепеност од реалноста, оваа прелест, во зависност од позицијата на болниот во Црквата, се нарекува религиозна социопатија или психопатија, т.е. религиозно растројство на образот Божји во човекот. Онолку, пак, колку што болната состојба свесно се одржува и продолжува, толку се работи за демонизираност.

Наравоучение: православната психотерапија прави разлика меѓу искушенија што ни се случуваат затоа што душевно оздравуваме (*очистување на срцето од страстите*) или сме доволно здрави (*просветлување на умот*), од искушенија што самите си ги предизвикуваме додека душевно се разболуваме (религиозна невроза) или кога сме веќе душевно болни (религиозно растројство на личноста); меѓу искушенијата што им се случуваат на светите и искушенијата што ги прават демоноопседнатите.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# КОЈ СЕ ГНЕВИ, БЕЗ ПРИЧИНА, НА БРАТОТ СВОЈ

*Зашто ви велам, ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите, вие нема да влезете во Царството Небесно* (Матеј 5, 20).

Двапати, ние христијаните, влегуваме во Царството Небесно. Првпат, кога го откриваме местото на срцето, т.е. кога енергијата на нашиот ум се соединува молитвено со својата суштина во нашето духовно срце, т.е. кога го добиваме дарот на умно-срдечната молитва – затоа што Царството Небесно е внатре во нас[1]. И вторпат, кога се упокојуваме. Најсигурно е, уште во овој живот, да си го очистиме срцето свое од страстите, доволно за во него да се пројави благодатта Божја на Светото Крштение, а енергијата на умот, привлечена на тоа место, молитвено да се соедини со својата суштина и на тој начин да го обезбедиме нашиот конечен влез во него, однапред.

*Сте слушале дека им било речено на старите: „Не убивај! А кој убие, виновен е пред судот“. Јас, пак,*

[1] Види: Лука 17, 21.

*ви велам дека секој што се гневи на братот свој без причина, ќе биде виновен пред судот; а оној што ќе го нарече братот свој „празноглав“, ќе биде виновен пред врховниот суд; оној, пак, што ќе рече „будала“, ќе биде виновен за во пеколот* (Матеј 5, 21–22).

Дали тоа значи дека ако на братот се гневиш со причина, нема да бидеш виновен пред судот? Не! Со овие зборови Богочовекот Христос сака да ни каже дека никогаш не треба да се гневиме на нашиот ближен, т.е. на кој било човек. Слушнете го објаснувањето. Доколку примиме и прифатиме лоша помисла за својот ближен, која ќе ни ги смени нашите чувства (на пример – гнев) и расположение кон него, тогаш многу лесно можеме да згрешиме и со збор, и да го наречеме – *празноглав*, а на крај, може да се случи и да згрешиме на дело – нарекувајќи го *будала*, затоа што тој збор е тешка навреда, која може да предизвика остра реакција на дело од другата страна, а голема е веројатноста дека иста таква ќе следува и од наша страна. Еве зошто си виновен за суд, зошто за врховен суд и зошто за во пекол. Затоа што покажуваш симптоми на религиозна невроза (лоши помисли и чувства), на религиозна психопатија (лоши зборови и дела), кои можат да завршат со демонизираност, односно со ланец од враќање со зло за зло.

Како православниот христијанин одговара на стореното зло (со збор или на дело)?

Оној кој се наоѓа на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страс-*

*тите*, има сила да одговори на таков начин што, наместо човечката, ќе ја бара Божјата правда, т.е. дали неговите мисли, чувства, зборовите што би сакал да ги каже и делата што би сакал да ги преземе се подобни на Христовите или не се. Во таа проверка сигурно ќе утврди дека не се подобни или слични, и на тој начин ќе ја утврди својата вина, ќе се смири пред ближниот, ќе побара прошка и по молитвата кон Бог, ќе гледа како да се поправи.

Оној кој се наоѓа на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот* со дарот на умно-срдечната молитва, има сила да одговори на таков начин што во стореното зло ќе го види суштинскиот човеков копнеж и прашање – *ме љубиш ли?* и ќе најде начин, на стореното зло, да одговори со љубов.

Оној кој се наоѓа на третиот степен од духовниот развој – *обожение*, со слободата што ја има пред својот Небесен Отец, просто ќе измоли прошка од Него за оној што му нанел зло – *Оче, прости им, оти не знаат што прават* (Лука 23, 34).

Секој треба да го направи тоа за коешто има сила да го направи. Еве ви пример за тоа што се нарекува восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

*И така, ако принесуваш дар на жртвеникот и таму се сетиш дека брат ти има нешто против тебе, тогаш остави го дарот таму, пред жртвеникот, па отиди и најнапред помири се со*

*братот свој, а потоа дојди и принеси го дарот. Измири се со противникот твој навреме, уште додека си на пат со него, за да не те предаде на судијата, а судијата – на слугата и да бидеш затворен; вистина, ти велам: нема да излезеш оттаму сè дури не го дадеш и последниот кодрант* (Матеј 5, 23–26).

И така, не оди да се причестуваш со Светите Тајни Христови ако не си побарал прошка од братот свој, ако не си му одговорил со љубов или ако не си го покрил пред Бог злото што ти го нанел, затоа што наместо да се соединиш со Христос, тоа ќе ти биде излегување на суд и ќе отпаднеш од Него. Вистина, ти велам: нема да можеш да се вратиш додека не остане прав и пепел од твојата гордост, а тоа ќе се случи по соодветно страдање.

Гледате зошто ви велам, дека ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите, вие нема да влезете во Царството Небесно? Затоа што, Новиот Завет на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос, бара чисто срце и од лоша помисла, а камоли од лоши чувства, зборови и дела. Во суштина, бара љубов и кон непријателите. Нема друг начин да се достигне чистотата на срцето.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# КАКО ДА ЈА ДОСТИГНЕМЕ МОЛИТВАТА НА СРЦЕТО

Размислував на кој начин да ви покажам колку, всушност, молитвата на умот во срцето е многу блиска до секој од нас и како да го направиме самиот подвиг во молитвата наше реално секојдневие, па го срочив тоа што следи. Прво, во својата аскетска димензија, овој подвиг ни го овозможува православната вера; и второ, во својата благодатна димензија, овој подвиг ни го овозможуваат Светата Тајна Крштение во името на Отецот и Синот и Светиот Дух и причестувањето со Телото и Крвта Христови. Поконкретно, секој човек кој ќе се вчлени во Црквата, должен е да го стави својот ум во процес на исцеление, преку послушание кон духовен отец; со тоа се случува восогласување на начинот на неговиот живот со степенот на духовниот раст на кој тој се наоѓа. Овој степен се нарекува *очистување на срцето од страстите.* Кога духовното срце преку подвигот на послушание и молитва доволно ќе биде очистено, во него ќе се појави благодатта на Крштението. Местото каде што се појавува благодатта се нарекува „место на срцето“, а енергијата на умот, привлечена од убавината на благодатта, молитвено и природно се

соединува на тоа место со својата суштина. Оваа појава Светите отци ја нарекуваат умно-срдечна молитва, а степенот на кој се случува – *просветлување на умот*.

Но, да почнеме од почетокот на овој подвиг.

Внатрешното слово со коешто човек разговара внатре во себе и ја твори молитвата безгласно, по-прецизно кажано, извира од срцето како наш духовен центар. Покрај тоа што во срцето се наоѓа суштината на умот, тоа е, значи, и изворот на внатрешното слово. Ако со внатрешното слово, наместо кои било помисли, ја изговараме молитвата, ќе го направиме нашето срце и извор на личната молитва. Значи, ние треба да се трудиме со внатрешното слово постојано да ја кажуваме кратката молитва „Господи Исусе Христе, помилуј ме“, а вниманието (или енергијата) на умот да ни биде сосредоточено преку самите зборови на молитвата во Него, но истовремено и во изворот на молитвата, во срцето. На тој начин многу ќе се доближиме до она што Светите отци ни го посочиле како идеал, а тоа е собирањето на енергијата на умот во нејзината суштина во срцето, или таканареченото непрелестно кружно молитвено движење на умот.

За да го сфатите горекажаното и за да ви биде полесно за примена во пракса, треба да го разликувате благодатното отворање на срцето за умно-срдечната молитва, кое се случува на вториот степен – *просветлување на умот*, од аскетската пробивност и задржување на нашиот ум во негова близина, кое може да се достигне и на

првиот степен од духовниот развој. Благодатната отвореност на срцето за умно-срдечната молитва е дар Божји кој смирено, во подвиг, го очекуваме, додека пак, пробивноста и можноста за задржување на нашиот ум, колку што може поблиску до нашето срце, е дар Божји кој веќе го имаме – на првиот степен, при очистување на срцето од страстите.

Зошто е важно, согласно православната антропологија, да ја правиме оваа разлика? Зашто, сето тоа ни покажува дека и без благодатта да ни го отвори срцето за умно-срдечната молитва и без да ни е познато местото на срцето на тој начин, ние сепак, можеме да го држиме нашиот ум во областа на срцето, пред портите од Светињата на светињите, и смирено да го очекуваме ветувањето Господово: „Кој чука ќе му се отвори, како и кој бара ќе најде. Зашто, кој е тој човек меѓу вас, кој на својот син ако му побара леб, ќе му даде камен? Или, ако му побара риба, ќе му даде ли змија?“[1] Тогаш, колку ли повеќе Господ ќе им даде на оние што Го бараат Него Самиот! И, затоа што ова разликување ни ја покажува нашата лична одговорност за евентуално пропуштениот подвиг и за загубеното време. А, за ова нема оправдување.

Собраното кажување на молитвата внатре во срцето предизвикува соодветни ефекти, а пред сѐ, одреден вид топлина. Вниманието и топлината заемно се привлекуваат и се надополнуваат

---

[1] Види: Матеј 7, 8–10.

при собирањето на умот во срцето, и значајно ни помагаат да пребиваме во сеќавање на Бог. Прашањето е: дали е тоа природна или духовна топлина, и каков треба да биде нашиот однос кон таа топлина? Тоа е обична топлина, којашто доаѓа од крвта, а не некаква духовна топлина. Изговарањето на молитвата и топлината во срцето се единствено средства, а не она што се очекува. Како што и другпат сум рекол, ние, молитвено давајќи се, Го бараме само Него, а не некои од Неговите дарови. Ако главното наше внимание и желба ги пренасочиме од целта што се очекува, која е Христос Бог, кон средствата или пропратните појави, тогаш отпаѓаме од правиот пат, во област смртна, на прелеста, на гревот и на демонот кој нè демне.

Треба да се знае и следното, за да не се збуниме: кога ќе започнеме со овој начин на молитва, ќе наидеме на темнина и на безразличност, односно на затворена врата во срцето. Ова не треба да нè обесхрабри, туку напротив, ние треба и понатаму упорно да продолжиме, барем додека не ја почувствуваме природната топлина. Таа, заедно со солзите на покајанието (духовни молитвени движења), на кои се принудуваме, секако ќе биде и надеж дека ќе ја оствариме целта. Ваквиот вид молитва веќе може да се нарече аскетска умно-срдечна молитва, но само како техника на молење, пред вистинската, односно аскетско-благодатната умно-срдечна молитва, кога срцето навистина се отвора при пројавувањето на благодатта. Умот, од горд, расеан и затемнет, бидејќи се држи нерасеан преку зборовите на молитвата во срцето – во

Христос Бог, се смирува, се собира и полека се просветлува поради чистењето на неговата енергија. Со други зборови, овој вид молитва секому е достапен, и секој кој сака и вложи труд, може да го има. При овој вид молитва, некои духовници, за подобра концентрација кај местото на духовното срце, советуваат подвижникот да си ја стави на горниот дел од физичкото срце раката или благо да притисне на тоа место со еден прст; барем додека да се појави природната топлина.

Доколку човек има послаба концентрација, молитвата може да почне да ја кажува и усно, како што е случај во некои манастири од Света Гора, кои го држат преданието на светиот Старец Јосиф Исихаст и светиот Старец Ефрем Филотејски и Аризонски. Молитвата постојано се кажува усно сѐ додека умот природно не ја преземе и, оттука па натаму, важи тоа што претходно го напишавме.

За разлика од природната топлина, благодатната или божествената топлина се појавува и дејствува при она што го нарековме благодатно отворање на срцето за умно-срдечната молитва, кое се случува на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*. На овој степен од духовниот развој, срцето е доволно очистено од страстите и благодатта на Светото Крштение се projавува од него и го привлекува умот да се спушти во покажаното место. Ова е крај на аскетското пробивање и задржување на умот внатре пред срцето, пред портите на Светињата на светињите. Projавувањето на Божјата благодат е моментот што прави да се отвори срцето, за умот

да влезе внатре молитвено, препознавајќи го непрелестно местото на молитвата во срцето. Потоа следува аскетско престојување и задржување на умот, но сега, во Светињата на светињите во срцето, сѐ додека духовната топлина што притоа ќе се случи не го преобрази (одухотвори) целиот, во несоздадена светлина, подвижник на молитвата, кој постојано така гори.

Кај вообичаениот подвиг, вдишувањето и издишувањето при умно-срдечната молитва природно се восогласува со изговарањето на зборовите на молитвата; и тука не треба да постои никакво отстапување од нормалното. Од нагласено внимание при вдишувањето и издишувањето имаат потреба само оние монаси кои веќе го имаат дарот на молитвата, но во случај на криење на благодатта, односно во случај кога нејзиниот сигнал во срцето ослабува.

Сите знаеме дека на почетокот од нашиот духовен живот Божјата благодат отворено и јасно нѐ поткрепува во подвигот, и тогаш сѐ ни изгледа лесно – и молитва, и пост, и послушание, и љубов. И сите се здобивме со опитот дека таа потоа се сокрива од нас, или скриено нѐ поткрепува во подвигот, и понатаму сѐ ни изгледа безнадежно тешко. Слично нешто се случува и на степенот на просветлување. Благодатта знае толку силно да се пројави во срцето и толку силно да го привлече умот кон себе, така што без оглед на тоа што човек прави или што се случува околу него, молитвата однатре да тече. И, благодатта знае толку многу да се скрие што одеднаш многу важни ста-

нуваат и некои надворешни услови и помошни методи за остварување на умно-срдечната молитва, како што се: тишина, осамено и темно место, ниско седење, дишење восогласено со зборовите од молитвата и друго – на кои човек претходно не обрнувал внимание.

Многу треба да внимаваме и на основните услови: послушание во рамките на манастирскиот типик, којшто ни овозможува услови за екстремно одрекување од светот, односно монашко туѓинување – за монасите; и послушание кон духовниот отец во светот, поврзано со совесно извршување на своите обврски – за верните. Особено треба да внимаваме да не им судиме на луѓето и да не ги осудуваме – како оние што ги познаваме, така уште повеќе оние што никогаш во нашиот живот не сме ги сретнале. Првото го сторил фарисејот, а второто не знам како да го наречам. Да внимаваме на „последното место“, на смирението и анонимноста. И најважно од сѐ е – на секое зло да враќаме со добро, со љубов. За да ни биде дозволено да ја кажуваме оваа молитва треба и во мислите и во чувствата да сме измирени со секој човек, без разлика колкаво зло и да ни прави. Не може религиозен невротичар, а никогаш религиозен социопат да се занимаваат со оваа молитва. И тие си го знаат тоа. Дури и секој вид спомнување на овој вид молитва им е одбивно, и соодветно на својата состојба реагираат.

Го напишав текстот за да видите колку, всушност, аскетската умно-срдечна молитва, како техника на молење, е многу достижна и зависи само

од волјата и трудот на секој од нас – уште на првиот степен од духовниот развој. Ние од немање опит и од незнаење мислиме за неа како за којзнае какво чудо и, немајќи ја самите, не веруваме дека и другите можат да ја имаат. Сепак, ја имаат; и тоа, и како дар на отвореното срце, а не само како техника. Секако, ви говорам, пред сѐ, за верните на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија; Црква во сета своја полнота, на која не ѝ недостига ниту еден дар Божји. Токму од дарот на умно-срдечната молитва, кој постои во нашата Црква, ја црпиме силата да го одбраниме и да го сведочиме нашиот посебен пастирски идентитет и мисија.

Суштината на молитвата на срцето е покајанието, а не техниката на кажувањето. И сите техники да ги знаеме, ако покајание немаме, никогаш нема да ја имаме. И обратно, ако имаме вистинско покајание, а не знаеме некаква техника за задржување на умот во областа на срцето, ние ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва. А, под вистинско покајание секогаш подразбирам восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме; на првиот степен, тоа е барањето Божја правда во послушание и анонимност, а на вториот, тоа е љубовта и кон непријателите.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# СЛОВО ЗА ФАРИСЕИТЕ

*Во тоа време, една сабота, Исус минуваше преку нивјето, а учениците Негови огладнеа, па почнаа да кинат класје и да јадат. Фарисеите, штом го видоа тоа, Му рекоа: „Ете, учениците Твои прават што не треба да се прави во сабота“. А Он им рече: „Не сте ли читале што направи Давид, кога самиот тој огладне и оние што беа со него? Како влезе во домот Божји, ги изеде лебовите од жртвеникот, што не требаше да ги јаде ни тој, ниту оние што беа со него, а само свештениците. Или, не сте ли читале во Законот дека во саботен ден свештениците ја нарушуваат саботата и пак не се виновни? Но, Јас ви велам дека е тука Оној Кој е поголем од храмот; и, ако знаевте што значи: 'Милост сакам, а не жртва', немаше да ги осудите невините; зашто Синот Човечки е господар и на саботата“* (Матеј 12, 1–8).

Кој им е проблемот на фарисеите, тогашни, денешни и на сите времиња? Тоа што постојано бараат грешка; но не баш кај секој, туку посебно кај оној на кого се фиксирани. Некој кој ги загрозува нивното славољубие и нивното високо мислење за самите нив. Тоа е комплексот на мува. Од целото

цветно поле, ќе застане на некоја валканица. Не гледаат што е добро, не гледаат нешто да научат, туку го следат оној во кого лоцирале опасност и будно бараат негова грешка за да го осудат и да прераскажуваат. Да беше некој друг, а не Христос и Неговите ученици, немаше речиси ништо да речат. Да беше некој друг, немаше да се занимаваат. Напротив, ако тие беа гладни, и самите ќе кинеа и ќе јадеа; и никому ништо.

И нашиот Господ е чуден. Седи и им објаснува. А кому? Тие никогаш нема да разберат, а за Неговите нема потреба. Но, добро, нека си стои запишано; ним за сведоштво. Нема да можат да кажат – „не знаевме“.

Но, јас ви велам дека е тука оној кој го осветува храмот и кој целиот свет го прави храм Божји; и, ако знаевте што значи: *Милосш сакам, а не жршва*, секое место на вашето присуство ќе го направевте жртвеник на храмот и немаше да ги осудувате и отфрлате ближните, туку ќе ги спасувавте; зашто оној што е на место и обличје Христово има власт сѐ што ќе заврзе на земјата да биде заврзано и на небото, и сѐ што ќе одврзе на земјата да биде одврзано и на небото[1]. И вие немате власт нему да му судите...

Пресвета Богородице, по молитвите на преподобен Наум Охридски, спаси нас!

[1] Види: Матеј 18, 18.

# КАЖИ САМО ЗБОР

*А кога влезе Исус во Капернаум, се приближи до Него еден стотник и Го молеше говорејќи: „Господи, слугата мој лежи дома фатен и многу страда". Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам". А стотникот одговори и рече: „Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив; но кажи само збор и слугата мој ќе оздрави"* (Матеј 8, 5–8).

Римскиот стотник вели дека не е достоен. Но, неговото смирение, во овој случај, е само изговор за да не Го заморува и за да Го заштити Христос. Тоа е љубов на дело. Знае дека Он оди, проповеда, исцелува од болести, зафатен е, и за да Го поштеди од дополнителен напор, едноставно Му вели: *кажи само збор*.

Римскиот стотник е извонреден пример како треба да го заштитуваме нашиот духовен отец од непотребен труд, како да му оставиме време и сила да им помогне и на другите што страдаат. Човек треба да си го каже својот проблем накратко, но исто така, ако веќе верува во Бог, во силата на благословот на духовниот отец, треба тоа да го покаже и во можноста што ја остава за пристап до него и на другите што страдаат и имаат потреба.

Дека има вистинска вера и љубов во стотникот, препознаваме не само од љубовта кон Богочовекот Исус Христос, туку и од љубовта што ја покажува и кон својот ближен – тој не моли за себе, туку за својот слуга. Истото го покажува и со сочувството и осетот кон другите што страдаат.

Целото погореопишано однесување е сосема спротивно од болното врзување за духовниот отец, од несовесното трошење на неговото време, од љубоморното чување на него само за себе, како и од непријателството кон секој што ни се чини дека ни ја загрозува нашата позиција кај него.

Рековме: побожниот однос кон духовниот отец подразбира врзување за неговото слово, а не за него самиот. Преку неговото слово (послушание), пак, постојано ја градиме заедницата со Господ, а кога нашиот личносен однос со Господ ќе стане доволно непоколеблив, тогаш, преку Него, ќе можеме да градиме духовен личносен однос и со духовниот отец и со нашите блиски. Доволно непоколеблив однос се достигнува на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, кога Христос ни е пред сѐ, и ни е критериум за сѐ. Од друга страна, пак, таму каде што нема слово во сила, вообичаено доаѓа до, најблаго речено – душевно врзување за „духовникот“. Разликата е како од небо до земја.

Секој што, како стотникот, го заштитува и го штеди својот духовен отец, ќе биде прославен од Самиот Христос: *Вистина ви велам: ни во Израилот не најдов толку голема вера* (Матеј 8, 10).

*И му рече Исус на стотникот: „Оди си и, како што си поверувал, нека ти биде!“ И слугата негов во истиот час оздраве* (Матеј 8, 13).

Еве што значи збор (слово) во сила. Богочовекот Христос кажа само збор и слугата на стотникот во истиот час оздравува. Божјиот збор, т.е. зборот во сила е извршен: тоа го гледаме и при создавањето на светот и човекот од ни од што претходно постоечко[1]; тоа го гледаме и при многуте исцелувања болни[2]; и при умножувањето на лебот и рибите[3]; и при управувањето со природните стихии[4]; и при изгонувањето на демоните[5]; и при претворањето на водата во вино[6]; и при воскреснувањето на мртвите[7]; итн...

Исто така, извршен е и Литургискиот (Евхаристиски) збор, и тој е збор во сила; извор на слово во сила, кое повторно и повторно го обновува светот; затоа што Христос е Тој што принесува и Се принесува, Кој прима и Се раздава. Епископот вели: „ангел на мирот, чувар на нашите души и тела“, и секој човек е посетен, а секој демон отстапува – додека повторно не биде повикан. „Простување и разрешување“, и секој грев е простен – додека повторно не биде направен. „Сè што е добро

---

[1] Види: 1 Мој. 1, 1–31.
[2] Види: Матеј 8, 1–3; 8, 14–15; 9, 20–22; 12, 10–13; 15, 21–28; Марко 2, 3–12; 7, 31–36; Лука 13, 11–13; 18, 35–43; Јован 5, 1–9.
[3] Види: Матеј 15, 32–38.
[4] Види: Матеј 8, 24–26; Марко 4, 36–41.
[5] Види: Матеј 8, 16–17; 17, 14–18; Марко 5, 6–17.
[6] Види: Јован 2, 1–10.
[7] Види: Марко 5, 35–42; Лука 7, 11–16; Јован 11, 33–45.

и полезно за нашите души и тела“, и сѐ на добро се менува – додека ние не го промениме, по наше. „И направи го овој леб чесно Тело Христово, а што е во оваа чаша чесна Крв Христова“, и цел свет се осветува.

Божји збор, Литургиски збор, збор во сила има веќе и оној што го просветлува својот ум преку дарот на умно-срдечната молитва; оној чиј ум невидливо богослужи пред олтарот на неговото срце. Гледате ли зошто ви велам дека прво треба преку умно-срдечната молитва да допреме до своето срце, па потоа преку преобразената и просветлена мисла, преточена во слово со сила, да допреме и до срцето на другиот? Во присуство на човек удостоен со дарот на внатрешното и есхатолошко свештенство илузијата исчезнува, колективните несвесни шеми стануваат смешни, страстите се парализираат, демонот бега далеку, а неговото слово внесува несоздадена светлина, сила и надеж во срцето на ближниот.

Просветленоста не е голо знаење што гордее; таа е, пред сѐ, ум, слово и дела со сила и власт; значи, сила и власт на севкупното присуство. Словото во сила на просветлениот е извршно за добронамерниот човек. Секој добронамерен го слуша словото, го прифаќа во своето срце со смиреност и го исполнува. И, јасно е зошто постоењето и присуството на човек со власт и сила на слово ги распаметува славољубивите; и демоните и луѓето.

Но, ако правилно не веруваме и ако правилно не живееме, нашето слово ќе остане без сила и

ќе ни се случи истото што и на некои од Јудејците скитници, заколнувачи, кои почнале да го изговараат името на Господ Исус над оние што имале зли духови. Еве го тој евангелски извадок: *...И велеа: „Ве заколнуваме во Исус, Кого Го проповеда Павле!“ Тоа го правеа седумте синови на јудејскиот првосвештеник Скева. А лошиот дух одговори и рече: „Исус Го познавам и Павле го знам; но кои сте вие?“ И скокна на нив човекот во кого имаше лош дух, и откако ги совлада, покажа против нив таква сила што тие, голи и ранети, побегнаа од таа куќа. За тоа разбраа сите Јудејци и Елини кои живееја во Ефес и сите нив ги спопадна страв; и името на Господ Исус се величаше* (Дела 19, 13–17). Истото им се случува и на оние што некого мразат, а се обидуваат да се молат со името на Исус Христос.

Знаејќи го ова, треба да се покаеме, а не да се исчудуваме зошто светот не го прима безрезервно нашето сведоштво или слово; па дури и зошто не ни верува во потполност; зошто се случува да нѐ исмева, зошто често нѐ маргинализира и зошто дури понекогаш и нѐ прогонува. Не дека сме свети, туку напротив – затоа што немаме слово што го поткрепуваат дела, затоа што немаме преобразено слово, односно немаме слово во сила, а немаме ни послушание.

Кога ова се случува на некои од нас, како пастири, чиј глас словесното наше стадо, барем, го познава, го очекува и го разбира, на што ли се надеваат оние што со својот збор им служат на

туѓи интереси – само човечки, односно демонски? Отсекогаш сум се чудел... каква религиозна социопатија... каква бесчувствителност...?

Пресвета Богородице, спаси нè сите!

P.S. Ви благодарам на сите што ми го честитавте именденот! Пресвета Богородица да е со сите вас!

# УМНО-СРДЕЧНАТА МОЛИТВА – КРИТЕРИУМ ЗА ВИСТИНСКО БОГОСЛОВИЕ

Теологија без умно-срдечна молитва е повеќе технологија, т.е. умешност, односно техника на составување и вообликување на мислата и на зборот, отколку богословие, отколку Божјо слово; повеќе знаење што произлегува од начитаност и логика отколку знаење што произлегува од личносна заедница со Бог и своите ближни, во Телото на Воплотеното Слово, Црквата.

„Теолошката наука што се учи во школите и која стана научна дисциплина достапна за сите не ни овозможува познание на Бог. Познанието на Бог извира од животот во Бог, кој се раѓа во внатрешноста на срцето.“[1]

Како се објаснува претходно напишаното?

Штом срцето доволно ќе се очисти од страстите, се случува она што свети Григориј Синајски го нарекува актуализација на благодатта на Крштението. Односно, благодатта на Светото Крштение, која извира од доволно очистеното срце, ни

[1] Старец Софрониј (Сахаров), *За духот и животот*, Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 62.

го открива местото на срцето; а умот, неодоливо привлечен на тоа место, сака да остане таму, во заедница со Бог, внимателно и со плач следејќи ја вообичаената молитва „Господи Исусе Христе, помилуј ме“.

Вака почнува процесот на преобразување на севкупната човекова личност – на човековата душа, односно на човековиот ум, на човековиот духовен разум, на човековата мисла, на човековите чувства, на човековото слово, на човековите дела и на самото човеково тело. И самото човеково присуство на одредено место станува присуство во сила. Човекот е присутен со својата преобразена сила и во она што го пишува.

Преобразеното слово станува слово во сила, слово зад кое стои тежината на личниот аскетско-исихастички подвиг и дарот на Божјата благодат. Тоа слово станува Божјо слово, богословие. Затоа таквото слово има сила да допре до длабочините на срцето на добронамерниот човек што го слуша, да му донесе светлина на богопознание, надеж за спасение и сила за подвиг. *И словото мое, и проповедта моја, не се состоеше во убедливи зборови на човечка мудрост, туку во појава на Духот и силата* (1 Кор. 2, 4).

Некои луѓе, денес, на своја сопствена духовна штета ја мешаат светлината на вистинската теологија што произлегува од умно-срдечната молитва и од чистењето на суштината на умот со знаењето што произлегува од т.н. прво гледање на светлината, односно од умствената молитва и чистењето на енергијата на умот.

Првото ни се дава како дар на просветленост на умот и како светлина во која се водиме самите себе и оние пред кои Бог нè постави да нè следат, како дар на теологија и мистагогија; а второто ни се дава како светилка во процесот на очистување на срцето, како светилка која нè води по патот на вистинското послушание и согледувањето на сопствените гревови. Ако нејзината светлина (поточно, знаењето што потоа останува) ја употребиме за согледување, судење и осудување на туѓите гревови, и одозгора тоа го наречеме теологија, тогаш само Господ може да нè извлече од друштвото на демоните и од трагичната прелест на религиозната социопатија.

Еве зошто постојано инсистирам на подвигот на восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, како и со местото и функцијата што ги имаме во Црквата. Еве зошто постојано инсистирам на држење на умот во процес на исцеление преку послушание кон духовниот отец. Еве зошто постојано инсистирам на заземање и седење на „последното место“ и анонимност. Еве зошто постојано инсистирам на барање на Божјата Правда, а не на човечката.

Модерното христијанство паѓа токму на овие позиции: не сака да слуша за восогласување, го отфрла благиот јарем на послушанието, анонимноста е смрт за неговата суета, првата „светлина“ од очистената енергија на умот ја користи за судење и осудување на другите, односно за духовно самоубиство; и опиено е од барањето човечка правда.

Болно е од некој вид „инстант духовност“ – изгледа од читање книги; духовност без долг временски период поминат во саможртвен подвиг и самоодрекување – каков што, на пример, имаат монасите.

Последиците од ваквата „инстант духовност“ се трагикомични, но присутни. Ќе ви објаснам со еден пример, но не го земајте за сериозно, тоа е сепак, дребност во однос на другите големи зла. Денес, кога очигледниот, пред сè, внатрешен дуализам на оние што ги водат црквите се пројавува во вид на длабоки политички, етнофилетистички и црковни расколи; и кога речиси сите административно организирани помесни цркви полека заземаат страна во главниот и најголем раскол – меѓу Константинопол и Москва, кој сигурно се утврдува; кој беше само прашање на време кога ќе се случи (за кој дури не требаше ни просветлен ум за да се предвиди); и кој, како што знаеме од историјата, тешко дека во догледно време ќе се исцели (дај Боже да грешам); се појавуваат некои очајни теолошки аналфабети, што ништо црковно не значат и не претставуваат (дури ни за српскиот шовинизам), и говорат за некакво соборно православие, па дури и анализираат некои случувања во таквото. Со кој ум?

Откако Московскиот Патријарх Кирил еднострано ја прекина Евхаристиската заедница со Вселенскиот Патријарх Вартоломеј, веќе не може да стане збор за некое соборно православие какво што некои излажани умови си го замислуваат и

како што тоа досега функционирало. Истите тие заблудени умови сега тврдат дека тоа што се случува е само некаков внатрешен, домашен раскол меѓу Вселенската Патријаршија и РПЦ, додека пак, расколот меѓу СПЦ и Македонската Православна Црква – ОА бил „надворешен“ раскол. А во што е разликата меѓу двата раскола и зошто тие заземаат страна, со осудување и исмевање на Вселенскиот Патријарх (кој е многу добро информиран за сѐ), и тоа токму во моментот кога Вселенската Патријаршија одлучно го презема македонското црковно прашање за решавање и кога тој процес е пред самиот крај, тоа не го објаснуваат. А сето тоа што го објаснуваат, сублимирано, е лага, шепната од таткото на лагата. Тоа е таа плитка и злонамерна анализа на непросветлени и неповикани, самонаречени аналитички умови, а одамна прочитани; од која корист имаат само демоните и нивниот предводник ѓаволот, заради наивните, како и болните души, што преку нив ги ловат. Тоа се случува кога пророците на расколот се занимаваат со „соборност“.

Пророци на расколот се луѓе кои длабоко во себе копнеат за одржување на расколот во кој се наоѓаат и никогаш не сакаат да се реши; и тајно работат на тоа; затоа што знаат дека по решавањето би го изгубиле значењето кое само тие самите за себе си го имаат во своите очи – и кај сличните на нив, додека надворешно се прикажуваат како клучен фактор за решавање на некаков раскол, кој всушност е имагинарен – постои

само во очите на оние што сакаат да постои, но не и во Бог. Тоа е познат психолошки механизам на самоодбрана, а всушност потиснување на обратната проекција, од типот реакција формација. Со прости зборови – психолошка болест од ниво на социопатија. Тешко излечива. Сите сме грешни, ама некои се и болни. Затоа и реков да не се земаат сериозно.

Освен различните поводи и различните субјекти, нема суштинска разлика меѓу двата спомнати административни раскола. Истоветноста е во прекинот на вообичаената Евхаристиска заедница, која тука и таму, повремено, индиректно се одржува. Понекогаш се случува дури и директно – меѓу нив самите, ако не толку со сослужување, барем со заедничко причестување. А Светиот Дух, како што Си знае, пребива кај прогонетите и кај оние што се трудат расколот да се надмине. Битно, штом Вселенскиот Патријарх го решава нашиот случај, тоа е исто така, во најмала рака, внатрешен и домашен проблем; ако е воопшто – проблем. Иако, досега, веќе требаше да биде решен.

Имам напишано: заедницата на канонските национални цркви, што се поистоветуваат со овоземните форми на општествено организирање (држава, нација), и кои тежнеат кон овоземна централизација на власта – и надвор од државите во кои дејствуваат, се очигледно овоземна, лесно растурлива шема, но истовремено, и одлично се поставени за преземање од страна на антихристот. Допрва ќе видиме во кој правец ќе се развиваат нештата.

Таканаречените канонски национални цркви, што функционираат како една од овоземните шеми – наспроти Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, се и лоша илузија, преку која заблудените умови на некои нивни следбеници си ја прават својата сотириолошка – но многу демонска математика: дека само тие ќе се спасат, а цел свет ќе отиде во пеколот, а посебно клетите „расколници“. Која религиозна социопатија, о Боже? Каков антихристов дух?

Но, да не изумиме: гревот го мразиме, а оној што греши – го љубиме. Колку и да греши...

Пресвета Богородице, по молитвите на свети Јован Крстител, спаси нѐ сите!

# ПРВЕНСТВО ПО ЧЕСТ

*И кога дојде Исус во земјата на Кесарија Филипова, ги праша учениците Свои и рече: „За кого Ме мислат луѓето – Мене, Синот Човечки?“ Тие одговорија: „Едни за Јован Крстител, други за Илија, а некои за Еремија или за еден од пророците“. А Он им рече: „А вие, за кого Ме мислите?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог“. Тогаш Исус му одговори и рече: „Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, оти тело и крв не ти го открија тоа, а Мојот Отец, Кој е на Небесата. А Јас тебе ти велам: ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат. И ќе ти ги дадам клучевите од Небесното Царство, и што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на Небесата; а што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано и на Небесата“* (Матеј 16, 13–19).

Толкувано е ова евангелско четиво од Светите отци на Црквата. Цврстата основа на која Господ Исус ја гради Својата Црква не може да биде кој и да било човек, туку правилната (православната) вера во Него и Апостолското Преемство – како непрекинат дар на Светиот Дух Господ, Кој преку

овој дар, во Светата Литургија, го остварува соборот на верните како Воскреснато и Вознесено Тело Христово. Апостолските преемници – Епископите на Православната Црква, се и сведоци, и на гревот и на покајанието на луѓето, и затоа ја имаат власта да сврзуваат и разврзуваат состојби, на земјата и на небото. Но, ја имаат и обврската да ја водат Црквата со личен пример. И тука настанува целиот проблем.

Епископот по своето место и функција е врховен водач во Црквата. Но, поради отстапување од светоотечкото Предание за избор и поставување Епископи, односно поради немањето внатрешно духовно покритие кај носителите на овој висок чин – *обожение*, денес, во Православната Црква суштествува криза на ефикасно духовно и институционално лидерство. Кризата во лидерството, покрај останатите сфери од црковниот живот, се пројавува, главно, од една страна, како грешки (на кој било план) во дејствувањето на високиот клир на Црквата, а од друга, како недоверба на народот во свештенството генерално, како и во Црквата сфатена како институција. Сите овие неправилности имаат свои социјални и многу други несогледливи, лоши последици. Ќе видите подолу некои од нив...

Затоа, и покрај теолошки и канонски цврсто поставената позиција на Епископот во Црквата, ние сѐ уште не можеме да говориме за некое негово суштинско лидерство. Кога говориме за неговата позиција во Црквата, најчесто подразбираме

формално лидерство. Едно е авторитет на Епископ што произлегува само од значењето на институцијата што ја претставува, а друго е авторитет на Епископ што произлегува од внатрешното духовно покритие на неговиот чин со кој тој ја претставува институцијата.

Вистински водач е оној што привлекува и кого човек сака да го следи, а не оној што човек мора да го следи. Така, може да се заклучи дека: стекнувањето на највисоката позиција во Црквата не го обезбедува, самото по себе, и авторитетот на лидерството, ниту пак, немањето формален чин и позиција на власт во Црквата, самото по себе, подразбира неможност за духовно лидерство со авторитет. Напротив, кога во историјата на Црквата тие две позиции не се совпаѓале, секогаш харизматското имало поголем авторитет од институционалното лидерство.

Интересна е и позицијата на Првиот по чест меѓу Епископите. На секој нормален му е јасно дека на таква позиција без Божја Промисла не се стига, и на секој нормален му е јасно дека таквата позиција не смее да ја поткопува или руши, туку колку што може да ја поткрепува и штити. Така, доволно би било Првиот по чест да инсистира на избор на барем нормални луѓе за Епископи и неговата поглаварска позиција би била безбедна од пресудно влијание на човечкиот фактор. Во нашата црковна историја имаме барем еден доволно лош пример на избор од кој треба да се извлече поука. Затоа и Црквата Божја,

во нормални услови, одредила изборот на Епископи да се врши од докажани монаси, а не под влијание на други, субјективни интереси.

Кон Првиот по чест, Епископите треба да негуваат чувство на своевидно братско послушание, иако светите Канони не ја регулираат таа тема. Совршено би било кога Првиот по чест би бил што поблиску до внатрешното духовно покритие на неговиот висок чин – *обожение*, така што своевидната послушност на Епископите да соодветствува на неговиот духовен авторитет, а не толку на функцијата. Ова што го напишав го разбираат само оние Епископи што при својот духовен развој го виделе клучното значење на послушанието во севкупниот Божји домострој на Спасението, во Божјата Промисла. Сега ви станува појасно зошто изборот на Епископи Црквата одредила да се случува исклучиво од монашките редови.

Што се однесува до Првиот по чест, Го молам Бог да ви ги отвори очите за уште една вистина. Секој наш Архиепископ е свет поради бремето на духовниот геноцид што го носи и поради којшто страда, а кој се врши над неговата паства. Оваа вистина ќе важи сè до формалното признавање на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, од страна на другите Помесни Цркви. По признавањето, неговата лична светост ќе зависи од вообичаените критериуми поставени од Светите отци на Црквата. Дотогаш ќе нема такво овоземно обраќање, толку исполнето со вистина, како кон Архиепископот Стефан со: Ваша Светост...

Нема таков голем грев пред Бог каков што е духовниот геноцид што се врши над нашата света Црква. Да имаш власт да сврзуваш и да разврзуваш и на небото и на земјата, и наместо да спасуваш души – кои сакаат да се спасат, таа власт да ја користиш со намера за нивно вечно погубување, од лично суетни и од национал-шовинистички побуди – немам зборови. Тоа е толку голем грев пред Бог што поради него страда целото Православие. Најмногу страдаат оние православни народи што се директно одговорни за овој грев. Уште пред многу години напишав: „Ние, како и досега, ќе продолжиме да служиме Света Литургија, како на олтарот во материјалниот храм така и на олтарот на нашите срца, и ќе го повикуваме Името Господово. Како Црква нема да одговориме со зло на злото (ако некој украл или пере пари, или направи друго кривично дело, за кое правниот систем по службена должност гони, за тоа не одговараме). Ако таков одговор не добиеме и од другата страна, тогаш Господ ќе најде сигурно некакво решение, само што најверојатно тоа нема да биде поволно за никого. Историјата ни покажа дека само под игото на ропство, наметнато од иноверни, се препознававме како браќа. Но, тоа е решение за глупави“[1].

Многу им се исчудувам на глупавите, на робовите на колективните несвесни шеми: како им успеа воопшто да не помислат дека политиката

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Соочување со айсурдоѿ*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2007, стр. 147.

на демонстрација на сила, над послабиот, на регионален план, ќе се одрази еден ден и врз нив, од глобален план? И како им успеа воопшто да не помислат дека она што ни го прават нам – на духовен план, ќе им се случи и ним, и тоа таму каде што најмногу ги боли – на материјален план? Само социопати не размислуваат за последиците. Сега, зборот *глупави* ми личи дури како пофалба во однос на зборот *социопати*. Едно е да се згреши од глупавост, а друго е со умисла зло да се прави. Религиозниот социопат не чувствува дека кога еден дел од телото страда – целото тело страда, дека и тој самиот страда. Не се ни чудам дека: токму во моментот кога Неговата Сесветост Вселенскиот Патријарх Вартоломеј (свет човек – кој многу добро знае што значи кога е некој под прогон) почна да ги решава овие духовни неправди, во полза на целата Православна Црква, и со тоа им овозможи чесен и достоинствен излез од проблемите во коишто самите заглавија, тие се свртеа и против него: не било канонски да се спасат, канонски било да се погубат душите. Затоа, многу тажни работи ни се случуваат...

И, можеме да резимираме: на Црквата ѝ требаат пастири коишто ќе го возобноват духовниот православен живот; кои во пракса и теоретски, со личен авторитет и пример, ќе го актуализираат вистинското Предание на Црквата; кои ќе се грижат за единството, како и за првенството по чест меѓу Поглаварите и Црквите; кои ќе го сочуваат достоинството (и црковната полнота) на локал-

ната епископална Црква, како и пастирскиот авторитет и кредибилитет на помесната Црква. Пастири кои нема да се занимаваат само со дневна политика, евтин популизам, лажен патриотизам и опасен национал-шовинизам, туку пастири во коишто сите ќе Го препознаваме Христос. Со еден збор, потребни ни се свети луѓе. Тоа, ние денес го имаме во нашите новоизбрани епископи и браќа, Партениј и Григориј. Нека ни се за многу години! Нека ни е жив и здрав и нашиот домаќин Митрополитот Тимотеј! На многаја лета, владико свет!

Пресвета Богородице, по молитвите на светите Апостоли, спаси нè сите!

## ПРЕЛЕСТ НА УМОТ И ПРЕЛЕСТ НА СРЦЕТО

Прелеста е повреда на човековиот ум, како и на човековото срце, со лага. Односно, прелест е кога човековиот ум или срце во себе ќе прифатат лага. Прелеста е состојба во која, помалку или повеќе, најчесто несвесно, се наоѓаме сите ние – без исклучок. Најголема прелест е некој да мисли за себе дека не е во прелест. Освестувањето на овој факт е најдобра заштита од прелеста. Затоа, добро е да знаеме, покрај тоа – дека секако сме во прелест, и колку сме во прелест.

Прелеста е последица од заробеноста на нашите ум и срце од страстите; на умот од страста на славољубието, а на срцето од страста на среброљубието и сластољубието.

Почетокот на прелеста е неверојатното одбивање на модерниот „христијанин“ да го стави умот во процес на исцеление, односно одбивањето да ги восогласи начинот на својот живот и подвиг со степенот од духовниот раст на кој се наоѓа, во анонимност. Уште пострашна прелест е кога на тоа што го спомнав ќе се додаде и невосогласување на јавното дејствување во Црквата со позицијата што некој ја има во Црквата. А кога,

пак, непросветлен христијанин ќе се заблуди во решавање на световни проблеми – политички, национални, од тоа само Господ може да излечи.

Сето тоа се случува затоа што чистењето на енергијата на умот, кое го доживуваме како просветлување, а всушност е добивање на првата светлина и знаење, го користиме (знаењето) не за согледување на својата болна и отпадната состојба, и само за свое исправање, туку за судење и осудување на грешките на ближниот.

Просветлувањето на умот е светлина којашто произлегува од чистењето на суштината на умот, преку дарот на умно-срдечната молитва, и тоа е светлина која не ни дозволува да им судиме и да ги осудуваме нашите ближни – затоа што веднаш ќе нè напушти, а никој кој се здобил со таа светлина не сака да остане без неа.

Како што рековме, има лажна состојба (прелест) на умот, но има и прелест на срцето. Првата прелест настанува поради прифаќање и усвојување лажни мисли, а втората од прифаќање и усвојување лажни чувства. Оттука произлегуваат и гревовите направени со збор, како и со дела.

Двете состојби на прелест заемно се поврзани и се надополнуваат – се потхрануваат едната со другата. Прелеста на умот предизвикува лажни чувства, а прелеста на срцето – лажни заклучоци и помисли на умот. Прелеста може да го направи бесплоден нашиот подвиг за многу години.

Ако прелеста се случува на ниво на помисли и чувства – зборуваме за религиозна невроза, а ако таа се случува на ниво на јавни зборови и

дела – зборуваме за религиозна социопатија.

Како и да е, со свесно или несвесно одржување на прелеста остануваме и пребиваме во областа на душевноста, во областа на противприродниот начин на живот.

Прв, општ знак на прелест е кога проблемот го лоцираме надвор од себе. За секој паметен човек овој знак треба да е доволно предупредување. За религиозниот невротичар и за религиозниот социопат, Бог има подготвено други знаци – телесни. Тие, секако, проблемот го лоцираат надвор од себе, но тоа не го забележуваат.

За да се ослободи човек од прелеста на умот, како и на срцето, не треба да прифаќа лажни, демонски помисли, како и чувства. И нормално, треба да работи на очистување на своето срце од страстите, под надзор и во послушание на духовниот отец.

На пример, прелеста може да му почне од умот, со помислата дека Бог му е лут или дека го отфрлил поради гревот што го направил, а тоа би предизвикало чувство на депресија, очај, и би ја прекинало молитвата кај него. Или, пак, со помисла дека Бог е задоволен од него, што би предизвикало чувство на еуфорија, и повторно би бил прекинат православниот духовен подвиг, а посебно молитвата.

Може прелеста да почне и од срцето, односно од чувствата; на пример, некој ќе нè разгневи, па потоа започнува рој лоши помисли против него, на судење и осудување, така што прелеста се префрла од срцето во умот.

Можам да пишувам за многу вакви примери на почеток и развој на прелеста. На пример, не сфаќаме дека Христос пострада за секое место на земјата да го направи свето, и Свој храм и Свој олтар на кој Му служиме, и дека не постои некаква градација на светоста на местата, туку има само педагошки однос кон одредени места. Така, ако некој помисли дека влегол на некое „специјално" свето место и затоа го обземаат „специјално" свети чувства, да знае дека е во прелест.

Или, на пример, кога некој ќе си помисли дека Македонската Православна Црква – ОА е навистина во раскол и откако ќе ја прими таквата демонска прелест, само ни останува да гледаме и да се чудиме што зборува и што прави; оти таквите само Бог може да ги излечи од тешката религиозна социопатија во која западнале. Да не речам – демоноопседнатост.

Или, на пример, како појавата на одредена болест предизвикува обид за преразгледување на православната теологија во однос на примањето Света Причест и однесувањето во Црквата, а што е, всушност, обична проекција на страв и безверие. Со други зборови, прелеста на срцето ја поттикнува и прелеста на умот. Но, ни прва, ни последна болест. Итн., итн.

Бог нè љуби, и ние, исто така, треба Него – но и со свесност за својата отпаднатост од Него; и затоа, кога молитвено Му се себепринесуваме, тоа треба да го правиме само на подолу опишаниот начин:

„Од сите чувства на срцето, само едно, во неговата состојба на пад, може да биде употребено во невидливото Богослужење: тагата поради гревовите, поради падот и својата пропаст – наречено плач, покајание, скрушеност на духот“[1]. Со еден збор, само плачот, макар и принуден, може да биде прифатлив во молитвата, поради изгубената заедница со Богочовекот Исус Христос – и тоа би бил најправилниот начин на изразување љубов.

Повторно како критериум и овде се појавува дарот на умно-срдечната молитва. Пред неа да ја добиеме на дар, Бог ги прима само плачот и покајанието – како состојба на срцето и држењето на умот во адот (без очајување), или последното место и анонимноста – како состојба на умот, за време на невидливото внатрешно богослужење, односно за време на молитвата. Што друго може да прими Бог после, ќе види тој што ќе го добие овој дар.

Покајанието, плачот и смирението се знаци за правилноста на духовниот подвиг на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*. Нивното отсуство е знак за прелест и бесплодност.

Постојаната свртеност кон надвор, напуштањето на анонимноста и безуспешните обиди за јавното решавање на црковните, како и, уште полошо, световните проблеми, со запалена крв –

---

[1] Свети Игнатиј Брјанчанинов, *Темели на духовниот живот,* Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1998, стр. 72.

пред просветлувањето на умот и дарот на умно-срдечната молитва, го рушат покајанието. Ваквата состојба се нарекува прелест и многу лесно се препознава.

Постои свесно и несвесно опрелестување. Откако ќе прочитате и не послушате – станува свесно. Кој е дотолку малоумен свесно да се опрелестува, ајде да видиме?

Зашто, „оној што мисли за себе дека е бестрасен, никогаш нема да се очисти од страстите. Оној што за себе мисли дека е исполнет со благодат, никогаш нема да добие благодат. Оној што мисли дека е свет, никогаш нема да достигне светост“[2].

Пресвета Богородице, спаси нас!

---

[2] Истото, стр. 75.

# БЕСЧУВСТВИТЕЛНОСТ

Минатиот пат говоревме за прелеста на умот и за прелеста на срцето, така што, сега, се надевам дека можете точно да правите разлика меѓу едната и другата прелест[1]. Правењето разлика е битно поради фаќањето на моментот на почетокот на прелеста. Секој нормален христијанин што знае да го фати овој почеток, ќе знае и како да го спречи понатамошниот развој на прелеста.

Инаку, ако дозволиме прелеста да навлезе во нас, дали преку страстите на срцето (сластољубие и среброљубие) или преку страста на паднатиот ум (славољубие), таа потоа станува сеопфатна состојба која ги контролира и умот, и срцето, и душата, и телото на човекот. Прелеста може да се развие до илузија, како севкупна атмосфера во која човекот живее. Илузијата комплетно го одвојува својот роб од Божјата реалност и благодат.

Добар пример за таква демонска илузија, кај нас, се оние, малкумина, кои веруваат дека Македонската Православна Црква – ОА е во некаков

---

[1] Види: „Прелест на умот и прелест на срцето", стр. 187–192.

раскол, само затоа што се робови на колективните несвесни шеми, односно затоа што тоа на нечиј шовинизам и политика така им одговара. А дали е тоа и Божја Волја, тоа религиозниот социопат не го интересира. Во овој случај точно забележуваме како прелеста на умот постепено, но сигурно доведува до крајна бесчувствителност на срцето, а сето тоа заедно до демонска илузија – како севкупна атмосфера во која тие сироти луѓе живеат и дејствуваат.

На пример, без најмало чувство на грижа на совест, откако со прием на дваесетина луѓе прогласија дека се остварило некакво „единство“, на цел еден народ му забранија причест во нивните цркви (кој претходно беше во единство евхаристиско со нив), само за да ги остварат целите на својата психолошка војна. И, никој од нив не се прашува дали е тоа нормално – да „примиш“ во црква дваесет луѓе, а да „отфрлиш“ два милиона? За вера во Бог Кој Е Љубов, тука не може ни да стане збор... За ѓавол – да. А со ваквото „единство“ уште и се фалат... наместо да се засрамат за отсуството на општочовечки здрав разум и сострадалност.

Самата нивна постојана фиксација на нас е проекција на неосвестената несигурност на нивните позиции и потреба за заедница, за којашто алармира делот од здравата совест што останал кај нив. Ваквата нивна дилема „porc-épic“ и внатрешен субјективен сплитинг резултираат со понадворешнување на нивните многубројни, расце-

пени и болни внатрешни содржини кон надворешните „ни криви ни должни“ објекти. Ги бирав најблагите зборови за да ја опишам нивната душевна болест.

Бесчувствителноста е, пред сѐ, прелест на срцето. Кога некој, денес, пишува за бесчувствителноста, не може, а во помала или поголема мера, да не пишува и против самиот себе. Во следниот пасус ќе ви се појасни зошто. Сега, прво ќе го цитираме великиот свети Јован Лествичник: „Бесчувствителниот... е безумен философ, учител кој со своето учење се осудува самиот себе, адвокат кој ја застапува противничката странка, слепец кој учи како да се гледа“[2].

Бесчувствителноста е главна карактеристика на луѓето со растројство на Божествениот лик во себе. Таквите лица се општопознати како психопати и социопати. Но, се појавува поголема опасност и од активното растројство на личноста, а тоа е пасивната социопатија. Каква е пасивната социопатија, како таа настанува и што е лекот за неа, ќе се обидам да ви објаснам во редовите што следат.

Модерниот човек е просто бомбардиран, преку електронските медиуми, за многу и најразновидни несреќи, најчесто со смртни последици, а тој, просто, нема ни време, ни знаење како тоа да го процесуира во себе, без притоа да претрпи поголеми негативни последици. Бесчувствителноста е

[2] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 118.

една од лошите последици, која кај модерниот човек се појавува како пасивна социопатија.

Што, накратко, значи пасивна социопатија? Тоа е кога човек активно не прави никакво зло никому, но истовремено е бесчувствителен за страдањето на луѓето околу себе и за сите останати за кои слуша дека многу страдаат; и не помага никому. Пасивната социопатија е најпроширената болест на новото време. Нема човек кој, помалку или повеќе, не е зафатен од оваа болест. Јас би ја класифицирал според концептот дискаунт матрица – како највисоко ниво на дискаунт, односно игнорирање како заштитен психолошки механизам кој, од друга страна, всушност е потиснување; а тоа, пак, е сигурна основа за други психосоматски болести – само прашање е на време кога ќе се појават.

Единствен лек против оваа модерна пандемија е молитвата за целиот свет. Времето е такво што сите треба да се префрлиме на постојана молитва за цел свет, и тоа треба да ни биде единствената идеја секогаш кога ќе застанеме на молитва. Само тогаш нашата молитва ќе добие сериозност и покајание. Само таква молитва Бог слуша. Само на тој начин ќе развиеме лична сострадалност.

Кога застануваме на молитва со свесноста дека Христос ни е покајание и сѐ, тогаш сериозноста и покајанието произлегуваат од таа свесност, а кога се молиме за целиот свет, а посебно за оние кои конкретно страдаат, тогаш сериозноста, покајанието и концентрацијата ни доаѓаат, покрај од

Богочовекот Христос, и некако природно, од нашата човечност – што е најдобра варијанта. Но, ова е тема за другпат.

Исто така, битна е и конкретната помош на дело. Сум ви напишал, ако меѓу две одења во црква не сте нашле некого да му помогнете конкретно – а сте можеле, немојте ни да се причестувате; да не испадне, на крајот, нашата вера – како малиот христијанин си го замислувал „духовниот“ живот. Ако не се потрудиме конкретно да помогнеме, ќе останеме обични, религиозни, пасивни социопати.

На многуте информации за несреќи, кои несвесно и постепено нѐ прават пасивни социопати, можеме единствено да им се спротивставиме со молитва за секоја поединечно чуена несреќа, како и со конкретна помош – таму каде што можеме. Исто така, на пример, не треба да гледаме и филмски проекции и информативни емисии кои содржат насилство, затоа што несвесно ја зафаќаме ко божем страната на „доброто“, а последицата е повторно иста – пасивна социопатија. Истото се случува и кога безрасудно ги прифаќаме колективните несвесни шеми и ја заземаме личната, семејната, политичката, националната, „црковната“ и која било друга страна, наместо Христовата, а последиците се истите. Итн., итн.

Лошата навика е главниот проблем и во случај на пасивната социопатија и во многу други бесчувствителности, како – комфорноста, раслабеноста на подвигот, млаката лична молитва, безбожниот или безличен или игнорантски однос кон

својот Епископ (иако од односот кон Епископот им зависи целиот живот на луѓето – знаеле или не, сакале или не), безверниот и ладен однос кон Светата Литургија и Светата Причест (кога би ја служеле во полна благодат, не би можеле ни да ја довршиме) итн. На лошата навика ќе ѝ се спротивставиме со добра пракса.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЕКСТРЕМНО ОДРЕКУВАЊЕ – ЕКСТРЕМНИ ДАРОВИ

*Одејќи понатаму виде други двајца браќа: Јаков Заведеев и братот негов Јован, во кораб со Заведеј, таткото нивни, кои си ги кр̀пеа мрежите свои, и ги повика. И тие наеднаш го оставија коработ и таткото нивни, и тргнаа по Него* (Матеј 4, 21–22).

Еве ви сведоштво на екстремно одрекување од светот: ни ветување, ни објаснување, ни поздравување, ни извесност, ни ништо – само напуштање на светот и на сѐ во него.

*А потоа излезе Исус и виде еден митник, по име Левиј, кој седеше на митницата, и му рече: „Врви по Мене!“ Тој остави сѐ, стана и тргна по Него* (Лука 5, 27–28).

Истото го забележуваме и кај цариникот Левиј. Но, во неговиот случај, и семејството не знае каде оди, како во претходниот случај.

*Друг, пак, од учениците Му рече: „Господи, дозволи ми најнапред да отидам да го погребам мојот татко“. Но Исус му рече: „Врви по Мене, и остави ги мртвите да ги погребуваат своите мртовци!“* (Матеј 8, 21–22).

Тие, пак, што остануваат во светот веќе се сметаат за умрени.

*Исус му кажа: „Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото; па дојди и врви по Мене!“* (Матеј 19, 21).

Одрекувањето од имотот, ако некој го има, во полза на сиромашните, се подразбира; пред да се тргне по Христос.

*Кога ги подигна очите, виде како богатите ги пуштаа своите прилози во црковната каса; виде, исто така, и една бедна вдовица, која пушти таму две лепти, па рече: „Вистина ви велам, оваа бедна вдовица од сите повеќе пушти; сите овие дадоа прилози на Бог од својот вишок; таа, пак, пушти – сè што имаше за својот живот“* (Лука 21, 1–4).

Кога се одрекуваме од нешто, не Му е на Бог мило кога даваме од својот вишок, туку од својот недостаток – од последното. Тука се проверува нашата вера.

*И Петар почна да му говори: „Ете, ние оставивме сè и по Тебе одиме“. А Исус одговори и рече: „Вистина ви велам: нема таков што оставил куќа, или браќа, или сестри, или татко, или мајка, или жена, или деца, или имот, заради Мене и Евангелието, а да не примил, и тоа сега, во ова време, стопати повеќе од куќи, и браќа, и сестри, и татко, и мајка, и деца, и нивје, а во идниот век – и живот вечен“* (Марко 10, 28–30).

По некое време стигнуваме и до ветувањата. Ветувањата не се делот за кој се интересираат

децата Божји. Тоа е дел интересен за безбожниците; но на тоа ќе се навратам подолу.

Значи, од нас се бара екстремно одрекување. *Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој милува син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене* (Матеј 10, 37). Нормално, треба сите да ги љубиме, но Христос пред сите и пред сè. Тоа значи дека од секого и од сè можеме да се откажеме, ако поради некого или нешто постои опасност Него да Го изгубиме; од Богочовекот Христос никогаш не се откажуваме. Жртвата, притоа, не е битна.

Но, не се бара од нас само екстремно одрекување од светот (туѓинување), односно физичко оддалечување од светот и врвење по Господ Исус Христос, туку и одрекување од нашиот паднат ум, како и разум, и нивно ставање во процес на исцеление. *Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној што Ме пратил* (Лука 10, 16). Но некои, откако се дојдени во манастир, повторно си имаат свое мислење, си донесуваат свои заклучоци, не се откажуваат од навиките на умот паднат, и поради тоа срцето не им се чисти; а благодатта на Крштението не може да се пројави од срцето, и умот не може да пребива во него. Што ќе го привлече тогаш умот во срцето? Таму е темнина, а нормално, темнината не го привлекува умот. А, штом благодатта се пројави, од доволно очистеното срце на послушниот и смирениот, таа го привлекува умот и тој самиот сака молитвено да престојува внатре

во срцето; и тогаш тоа му е толку природно, а сѐ друго му е неприродно.

Спомнатите и ветени од Бог екстремни дарови, не се однесуваат толку на материјалното колку на духовното. Тоа се даровите на умно-срдечната молитва, на суштинско просветлување на умот, на расудување, на разбирање на Светото Писмо, на духовно раководење, на предвидување, на претскажување, на љубов и кон непријателите, на посебна Божја грижа и заштита итн., итн. Зборуваме за дарови на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*.

Но, и ветувањата, и тоа за материјални добра, се големи, и тоа уште сега, во овој свет и век. Повторно нека се чудат оние што не читаат Свето Евангелие. Сепак, материјалните добра не се за наше лично користење, туку за помагање на тие што немаат. За помошта можат да знаат само тие што ја примаат, но никогаш јавноста. Знам дека ја активираме неврозата кај безбожниците со нашиот возен парк, но битно е дека возилата не се од црковни средства. Струмичката епархија на МПЦ никогаш не купила возило, ниту имало потреба да купи за Струмичкиот Митрополит – додека сум јас во оваа служба. Фала Богу што уште има луѓе коишто нѐ почитуваат и се грижат за нашата безбедност, како и здравје, и ни ги позајмуваат своите модерни превозни средства на користење. Животот е полн со необјасниви врски, односи и со последици од нив. Кој сака да суди и осудува од страна – слободно. Еве, нека го посветат својот

живот само на Бог и тие што ни завидуваат, па нека возат скапи теренци; кој им брани? Важно, ветувањата за материјални добра, и тоа многу повеќе од тие од кои сме се откажале, се евангелски и Божји. Бог дотолку се грижи за нас, монасите, што никогаш ништо не ни недостасува и секогаш имаме сè што сакаме. Баш така. Ако некого тоа го вознемирува, тој нема проблем со нас, туку со Бог[1].

За ова да се достигне потребно е да се седне и на последното место, а тоа е екстремното одрекување од овој свет, односно заминувањето во манастир, во туѓа земја, меѓу туѓинци – чиј јазик не го разбираш и без никаква можност за некаква човечка промоција. *Но, кога ќе бидеш поканет, отиди и седни на последното место, та оној што те поканил, штом дојде, да ти каже: „Пријателе, премести се погоре!“ Тогаш ќе имаш чест од гостите, што седат со тебе*[2]. Сè додека не те поканат на друго, си седиш на последното место. Не вели Евангелието дека ќе те покани на друго место некој слуга или некој од гостите, туку Самиот Господар на свадбата. Повикот е, пред сè, Божествениот дар на умно-срдечната молитва (па потоа повикот на Црквата и благословот од својот Епископ). И тогаш ќе седнеш на вистинското место за тебе.

Погоренаведеното е сосема спротивно од тоа да станеш монах во родната земја, со ветување

---

[1] Види: Марко 10, 28–30.
[2] Види: Лука 14, 7–10.

дека ќе станеш епископ – без долгогодишен монашки подвиг и пород, без внатрешно духовно покритие на умно-срдечната молитва, и дотолку да „декомпензираш“ од делузивен месијански порив, така што да сметаш дека со секуларни методи ќе спасуваш цела помесна Црква, или цела држава, или цел еден народ, или сето тоа заедно, и наместо добро, да направиш огромна духовна и општествена штета. Значи, тие задачи се веќе завршени на Божествен начин, време и место, и Бог веќе не го бара тоа од нас. Затоа, луѓе, дајте смирено да поработиме малку на самите себе и ќе видите како сѐ, во и околу нас, ќе ни се открие и промени на подобро...

*Зашто, секој што* [сам] *се издига, ќе биде понижен; а тој што се смирува, ќе биде издигнат* (Лука 14, 11).

Пресвета Богородице, спаси нас!

# НИТУ ПОПУЛИЗАМ, НИТУ ИНДИФЕРЕНТНОСТ; ТУКУ ПАСТИРСКА ГРИЖА

Многу е интересна позицијата на Епископот на Црквата Божја, посебно во делот за односот со јавноста, и сметам за потребно нешто да се напише и за тоа. Христовиот живот, чија икона и на чие место седи Епископот, треба да ни биде пример од кој можеме да извлечеме одредени заклучоци и за оваа тема.

Прво што ни паѓа во очи е различниот однос на Богочовекот Исус Христос кон Своите ученици, од сите други останати луѓе.

Додека на Своите ученици Христос до детали им ги открива тајните на Царството Небесно, ги прекорува, им суди, конкретно ги поучува, на останатите Тој им говори во приказни – некако, општо. Но, кон никој не е индиферентен.

Тоа, секако, зависи и од односот на луѓето кон Него: прво, Неговите ученици се во однос на послушание кон Него – тие се отворени кон Него и подготвени да прифатат што и да им каже, иако Тој внимава и на тоа – колку тие можат да примат; второ, други луѓе, просто, сакаат да научат или

слушнат нешто ново, но сепак, дали тоа ќе го прифатат или не, критериум си останува нивниот разум; трето, доаѓаат при Него луѓе болни или со некои други потреби и нивниот однос кон Христос е поискрен (поради маката), но не и секогаш јасен (од аспект на верата – верен или суеверен); четврто, некои пак, доаѓаат и со зла намера, да Го искушаат и повредат; итн.

Епископот, исто така, е должен точно да процени со какви намери луѓето приоѓаат кон него и каков однос сакаат да изградат.

Најинтересен е односот на луѓето кои сакаат да го искушаат и повредат Епископот. Гледаме и во Светото Евангелие како и на Христос Му приоѓаат луѓе со лоши намери. Најчесто сакаат да Го фатат во грешка во врска со словото на Законот. Други бараат чуда и знаци. Трети, да осуди некого. Четврти, да влезе во непотребен конфликт со власта. Петти, да се откаже од Домостројот на Спасението. Многумина сакаат да Му наштетат, но времето за страдање на Христос доаѓа кога Бог промислил, а не кога демоноопседнатите посакуваат.

Истото што Му се случуваше на Господ Исус Христос денес им се случува и на Неговите Епископи.

Мнозина пазат да не случајно Епископот се огреши од некаква догма или канон, или типик на Црквата. Добро прават, но уште подобро би било кога би имале и свој внатрешен критериум – за тоа што го прават, точно да го прават. Но, нај-

често немаат. На пример, при проповед на верата, најлесно може да се забележи догматско отстапување, но при спроведување на светите Канони потребен е просветлен ум со дар на умно-срдечна молитва за нивна примена во секој конкретен случај, и тука најчесто може да згреши – и тој што ги применува и тој што од страна суди и осудува. Истото што важи и за Канонитe, важи и за типикот, затоа што луѓето не разликуваат општожителен од скитски или еремитски типик, како и нивно спроведување во секој конкретен случај (поради здравствена состојба, возраст, послушание итн.). Но, како и да е, не треба да се заборави, при спроведување на Канонитe и типикот, дека *е тука Оној, Кој е поголем од храмот* (Матеј 12, 6).

Некои бараат чуда или знаци. Забораваат дека чудото или знакот ја ограничува слободата на човекот и го принудува да верува, состојба која се коси со православната духовност. Односот со Бог треба да го градиме слободно и љубовно, а Бог знае точно кога и како да го дозира со знаци и чуда, коишто најчесто се лични, а не јавни. Денес, најголемото чудо е сострадалноста.

Некои сакаат да го стават Епископот во позиција да суди и осуди некого конкретно и јавно. Но, и Епископот, како и Христос, не дојде да им суди на луѓето, туку светот да се спаси преку него: *Оти Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него* (Јован 3, 17). Епископот може да

им суди само на своите духовни чеда, и тоа само во својата локална Црква. И тоа најчесто се случува тајно, а спаѓа во областа на духовното раководство. Епископот треба да ги учи луѓето да не судат и осудуваат – посебно преку откривање на гревовните тајни на нивните срца, како и да бидат смирени и да простуваат.

Некои сакаат Епископот, поради судир со власта, да ја упропасти Божјата мисија за која е поставен. Епископот не смее да биде политички определен; исто така, и никој од свештенството. Епископот треба да процени која власт е подобра за Црквата (не за него лично), но треба да остане со отворено срце за сите луѓе, без оглед на која партија припаѓаат; и без оглед на што било – да ги обединува.

Епископот не смее да го предаде Домостројот на Спасението, т.е. да ја напушти својата позиција или да се крие во време на прогон на Црквата. Тој не смее ни да го отфрли Домостројот, т.е. да враќа на злото со зло, како и да дозволи Евангелието да се скврнави со полагање оружје врз него. Треба да знае кога треба да се повлече од активна служба поради квантитативно или квалитативно намален работен капацитет, и поради свое восовршување и спасение. Епископот не смее јавно да проколнува никого, тоа ја покажува само неговата фрустрација поради немање никаков авторитет. Епископот може само да благословува.

Јавноста не смее да знае за милосрдието на Епископот кон сиромашните и страдалните. Не може тој да ја нарушува Божјата заповед за тајно

помагање, затоа што некаква си јавност тоа сакала да го знае или требала да го слушне. Доволно е тој да е милосрден на дело и неговата проповед за милосрдие ќе биде слово во сила. Подобар пример од тоа нема. Јавноста нека си мисли што сака. Болните од пасивна социопатија не ни сакаат да знаат дека некој некому помага, за да ја држат мирна својата успиена совест. Ако пробаш да им ја разбудиш, тие секако ќе најдат друго обвинение за тебе – на пример, помагаш за да ти се прости некој криминал, за да ја успијат повторно. На тој начин, тие одново и одново ја редефинираат и прекројуваат реалноста по своја мера со цел да го задржат внатрешниот мир и покрај своето себељубие, себичност и отсуство на емпатија. Тоа е тоа болно потиснување.

И да привршиме: Епископот, дури и своите духовни чеда треба тајно да ги води и поучува кон просветление на умот, та тие самите да знаат како да се однесуваат во конкретни ситуации, а не постојано и јавно да им дава мислења и решенија за нивните конкретни проблеми. Ако тоа важи за неговите духовни чеда, колку ли повеќе важи и за општата јавност.

Доколку Епископот се обраќа кон општата јавност со конкретни мислења и решенија, за нецрковни проблеми или за проблеми надвор од неговата јурисдикција, колку и да има свесно добра намера, тоа сепак, несвесно го прави селективно и популистички, и се изложува себеси на судот од јавноста, а исто така, придонесува и за поделбата меѓу луѓето. Целта на Епископот е да ги обедини

сите во Христос и неговите постапки мора да придонесат за таа цел, а ако некој го мрази него, тоа не смее да биде поради разединувачки постапки, туку поради неможноста на демонот да го нападне однатре – поради чистотата на неговото срце, кој затоа ги поттикнува своите слуги – луѓето, да го мразат и да го напаѓаат Епископот однадвор.

Епископот во јавност би требало да излегува со свое мислење кога е во прашање одбраната на автокефалниот статус на Македонската Православна Црква – ОА, нејзината православна вера, нејзиниот посебен пастирски идентитет и нејзината јурисдикција; за тоа за коешто е и одговорен. Во овој дел треба да биде бескомпромисен. А и тоа, секако, со расудување и избегнувајќи ја замката на ереста – етнофилетизам.

Затоа, сите Свети отци велат дека Епископот треба да има внатрешно духовно покритие за чинот што го носи, та со авторитет и личен пример, без поголеми грешки, да ги води, да ги поучува и татковски да се грижи за своите духовни чеда, во светот и векот полн со непријателски замки. Епископот треба да биде во сѐ подобен на Оној што рекол: *Ако Јас, пак, со прст Божји ги изгонувам бесовите, тоа значи дека до вас дошло Царството Божјо* (Лука 11, 20).

Пресвета Богородице, спаси нас!

## СЛОВЕСНО СТАДО

### Пастир, овци и кучиња

*Не бој се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството* (Лука 12, 32). Бог виде дека луѓето се изморени и распрснати како овци без пастир и се сожали над нив, па Го испрати Својот Единороден Син за да ги спаси од гревот, смртта и ѓаволот[1].

*Христос сам ги изнесе нашите гревови на дрвото со телото Свое, та за гревовите да умреме, а да живееме за правдата: „преку Неговата рана се исцеливте". Зашто бевте како изгубени овци, кои немаат пастир, но сега се обрнавте кон Пастирот и Владиката на вашите души* (1 Птр. 2, 24–25).

Сите ние сме овци во словесното стадо на нашиот голем Пастир – Господ Исус Христос, Кого Бог на мирот Го воздигна од мртвите[2].

Веднаш нагласувам дека сите сме обични овци за да нема забуна и завист. Единствен и незаменлив Пастир наш е Богочовекот Исус Христос. Ова е есхатолошка перспектива, ама секогаш ак-

[1] Види: Матеј 9, 35–38.
[2] Види: Евр. 13, 20–21.

туелна. Кога Господ и Апостолите ги нарекува овци, тогаш дотолку повеќе тоа се и Епископите и останатите: *Сиите вие ќе се соблазниите заради Мене уште во оваа ноќ; зашто е напишано: „Ќе Го поразам пастирот и овците од стадото ќе се разбегаат“. А по воскресението Мое ќе отидам порано од вас во Галилеја* (Матеј 26, 31–32).

Постои и времена перспектива во која некои од овците привремено земаат обличје Христово и седнуваат на Неговото место и вршат функција на пастир; повеќето од овците си остануваат овци, а некои од овците имаат дар да бидат кучиња, односно да имаат функција на куче чувар во стадото.

Но, може да стане и забуна во главите на овците, та овците од која било улога во стадото да се обидат да заземат друга улога во стадото. Е, сега, има и такви овци што дотолку забегуваат и стануваат волци, односно стануваат непријатели на стадото. Запамтете добро, таквите не се „тачни“ – барем тоа е сосема сигурно.

Сакам нешто да напишам за збрките што настануваат во главите на овците, бидејќи се работи за сериозни делузивни растројства што треба под итно да се лечат, а не постојано да се потхрануваат. Нормално, не треба и од обична овца да се очекува премногу; и тоа не би било во ред. Но, да почнеме по ред:

Овците што вршат функција на пастир во опасност се стварно да си помислат дека се пастири. Ем заборавваат дека се само овци кои имаат функ-

ција на пастир, ем немаат внатрешно духовно покритие (обоженост со непрестајна умно-срдечна молитва) за функцијата што ја вршат. Значи, да не заборавиме дека таму „горе“ ќе бидеме ништо, посебно ако не нѐ краси дарот на внатрешното, царско и есхатолошко свештенство. Тоа е првата грешка.

Втора грешка на овците што вршат функција на пастир е да не си ја вршат функцијата и да се однесуваат како обични овци. Таквите овци гледаат само да се најадат и напијат, како и да си ги задоволат останатите потреби и страсти – преку стадото, и не се грижат за напредокот и заштитата на другите овци.

Трета грешка на овците што вршат функција на пастир е да почнат да се однесуваат само како кучиња; само да воспоставуваат некаков ред и дисциплина во стадото, а да се неуки или неспособни да го нахранат и одгледуваат стадото.

Четврта и најчеста грешка на овците што вршат функција на пастир е да вршат некоја помешана улога на куче и овца, каде што улогата на куче им помага да си ги задоволат потребите на овца.

Петта и најкобна грешка на овците што вршат функција на пастир е да станат волци и да се обидат да го уништат стадото. Тоа се случува кога таквите овци свесно или несвесно работат на одржување раскол или ерес во стадото[3].

---

[3] Види: Дела 20, 28–31.

Прва, основна и главна грешка на овците што имаат дар да вршат функција на куче во стадото е да си помислат дека можат да бидат и пастири на стадото. Значи, кучето има задача само да укаже или алармира на некаква опасност за стадото со своето лаење; и тоа исклучиво во своето стадо, а не во други. Кучето не може да му кажува на пастирот што тој ќе прави или преземе во врска со опасноста, ниту пак, да се обидува да го води стадото во правец во кое тоа си мисли дека е безбедно. Значи, лај си таму и глеј си работа!

Кучето, исто така, често лае и безвезе, на нешто што му се причинува како закана, затоа не треба да се занесува и да очекува дека пастирот или стадото стварно ќе реагираат на неговото лаење. Значи, стига брлавење! Спокојно! Што е лаење безвезе? Кога, на пример, меша национални, или политички, со црковни прашања. Кога проектира свои внатрешни состојби и стравови на цела Црква.

Кучето, колку и да сака, просто не може да биде во Позиција на пастир – ниту го има тој Дар, ниту ја има таа Власт, ниту го има тоа Знаење, ниту ги има тие Информации, ниту го има тој Опит, ниту го има Гласот кој овцата го следи; нема баш ништо што би му ја овозможило Позицијата на пастир, а кое, колку-толку, го има и најјаловата овца со тој Дар.

А кучињата кои лаат кон друго стадо, нема што друго да каже човек, освен дека имаат беснило. Таквите ги издава, на пример, лаењето од

една Епархија кон друга. Епархија!? Видете го степенот на беснилото: го решил проблемот со своето срце (добил дар на умно-срдечна молитва), го решил проблемот со себеси, го решил проблемот со своето семејство, го решил проблемот со својата парохија, го решил проблемот со својата Епархија, го решил проблемот со својата помесна Црква, ги решил проблемите со соседните Цркви и сега ќе ги решава проблемите на вселенско ниво, а е обична џукела!? Просто, беснилото нема крај.

Друга грешка на овцата што има дар да врши функција на куче е да го отфрли дарот и да глуми обична овца – влечкајќи се незаинтересирано по стадото, или да ја пречекори црвената линија на своето кучешко однесување и да стане волк на стадото. Волци се најчесто тие кучиња што сакаат да станат пастири, но, во неможност и очај, се обидуваат да ги одделат овците од стадото и поставениот пастир и да ги поведат по себе во пропаст.

И обичните овци можат да згрешат. Тие грешат ако не го слушаат гласот или кавалот на пастирот, или ако не реагираат на реалната опасност на која им укажуваат кучињата со своето лаење; и си пасат каде што си сакаат.

Најчеста грешка на обичните овци е што во последно време им се појавува некоја неодолива желба и тие да станат кучиња и да лаат. Тоа им го овозможија социјалните мрежи. Тоа е уште еден доказ дека социјалните мрежи не се за обични заблудени овци.

Оваа најнова болест кај овците мора итно да се спречи, затоа што ако сите овци станат бесни псета или шугави џукели, тогаш ќе нема кој да дава млеко, кој да биде стрижен и кој да биде заколен, односно ќе нема кој да Го сведочи Господ Христос. Значи, стадото корисни овци не смее да се претвори во глутница улави кучиња скитници, кои ќе ги вознемируваат сите останати.

Навистина се претера. Насекаде се слуша само лаење, 'ржење, џавкање и квичење, па дури и завивање. Ретко веќе да слушнеш звуци на пасење, стрижење, молзење и блеење; и кавалот на пастирот.

Најголемата грешка што може да ѝ се случи на една обична овца е да помисли дека може да биде и пастир. Тоа е толкаво побркување, што од обичната овца, најчесто, наместо пастир, прави волк. Додуша, тоа се волци самотници – речиси без следбеници, но доволно за малку збрка.

Во ваквиот виртуелен глобален театар на инверзни улоги и масовна конфузија на идентитети, пред очите на целиот аудиториум, се одигруваат болни психодрами, кои само ги оддалечуваат луѓето од Црквата. Тие во нас, христијаните, гледаат сѐ, освен Христови ученици.

За да не дојде до погореопишаните аномалии, светиот Апостол Петар ги советува сите идни пастири како правилно, со личен пример, да го водат словесното стадо: *Оние, кои се меѓу вас свештеници, ги молам јас, кој сум и самиот свештеник, и сведок на Христовите страдања и соучесник во славата, што ќе се открие: пасете го*

*Божјото стадо, што го имате, надгледувајќи го не присилно, туку доброволно и според Бог; не заради неправедна корист, туку од добро срце. И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото. А кога ќе се јави Пастироначалникот, ќе добиете венец на слава што нема да свене* (1 Птр. 5, 1–4).

А свети Јован Лествичник советува: „Додека овците пасат, пастирот не треба да престане да ја употребува свирката на поуките, особено штом ќе тргнат на спиење. Волкот од ништо толку не се плаши колку од екот на пастирскиот кавал“[4].

Ве молам, немој некој да се најде навреден од називот овца, затоа што тоа е Евангелска чест, дадена од Самиот Господ. Ние, всушност, не ни разбираме колкаво достоинство е да се биде овца во стадото на единствениот вистински Пастир. Таа чест само со голем подвиг и саможртва се сфаќа, и тоа како дар. А и немаме многу избор: или ќе се однесуваме како смирени овци за колење или самите ќе отпаднеме од Новиот Завет на нашиот Господ Исус Христос.

Запамтете убаво: овцата е за стрижење, молзење, а во свое време и за колење! Овцата не може да биде кољач, затоа што автоматски ќе се исклучи од Стадото на Пастирот! Присетете се, сега, на христијанската историја: додека бевме како овци за колење – христијанството постојано и насекаде се ширеше, откако земавме нож во рака, почна назадувањето. И стигна дотаму што се испоклавме

---

[4] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 215.

и сѐ уште се колеме едни со други. Кој има уши да чуе, нека чуе[5].

Да заклучиме: олабавете сите со лоша глума, Стадото си има свој добар Пастир, Кој се грижи за сѐ...

Пресвета Богородице, врати ги забеганите и изгубени овци во стадото на единствениот Пастир и Син Твој!

[5] Види: Матеј 13, 9.

# ЈАС СУМ И ВРАТАТА И ДОБРИОТ ПАСТИР

В*истина, вистина ви велам: „Јас сум вратата на овците. Сите, колку што дојдоа пред Мене, крадци се и разбојници; но овците не ги послушаа. Јас сум вратата: кој ќе влезе преку Мене, ќе се спаси; и ќе влезе, и ќе излезе, и пасиште ќе најде. Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот вечен и да имаат изобилие“* (Јован 10, 7–10).

Христовите зборови *Јас сум вратата* имаат две значења. Едното значење, онтолошкото или суштинското или битијното, е дека треба најпрво да се соединиме со Бог, односно да се крстиме и облечеме во Христос, да учествуваме во смртта и воскресението Христово, да го примиме дарот на Светиот Дух, да се причестиме со Телото и Крвта Христови, да станеме Тело Христово, да станеме нова твар.

А второто значење на зборот *врата* е дека во духовниот живот постои духовен закон и духовен ред, и дека сите треба да го освестиме степенот на духовен развој на кој се наоѓаме и да го восогласиме начинот на нашиот живот и подвиг согласно степенот на кој се наоѓаме. Само на тој

начин можеме да влеземе низ вратата, правилно духовно да растеме и да Го сведочиме Христос, без разлика на кој од степените се наоѓаме.

Едното без другото не може. Светите отци на Црквата се затоа Свети отци, наши учители и просветители, наши добри пастири, затоа што поминале низ вратата, Христос, и во двете значења на поимот. Крадци и разбојници се расколниците и еретиците, тие му се туѓи на стадото, и тие доаѓаат само да украдат и погубат души. А волци се демоните, кои исто така, доаѓаат само да убијат и да погубат.

Наемник е оној што има обличје на пастир, но нема влезено низ вратата на своето срце, односно го нема дарот на внатрешното, царско и есхатолошко свештенство; и таквиот, вообичаено, не е подготвен да си ја положи душата своја за овците свои. Како што вели светиот Апостол Павле: *Ви зборувам вистина во името на Христос, не лажам – тоа го сведочи мојата совест преку Светиот Дух, дека ми е многу жал и срцето ме боли постојано; оти повеќе би сакал јас да бидам одвоен од Христос за браќата свои, моите сродници, по плот...*[1] Сега ви е јасно колку е гротескен политичко-психолошкиот потег со кој дваесет луѓе божем влегуваат во црква, а два милиона верни божем се исклучени.

*Сите колку што дојдоа пред Мене, крадци се и разбојници; но овците не ги послушаа* (Јован 10, 8). Се подразбира дека истото важи и за сите што до-

[1] Види: Рим. 9, 1–5.

аѓаат после Него, како и за сите што не доаѓаат преку Него: *Вистина, вистина ви велам: кој не влегува низ вратата во овчото трло, а прескокнува од другата страна, крадец е и разбојник; а кој влегува низ вратата, пастир е на овците* (Јован 10, 1–2).

Но, што значи тоа дека некој ќе влезе и ќе излезе и дека пасиште ќе најде?

Тргнувајќи секогаш од персоналното начело на македонско-светогорската исихастичка школа (без етничко алудирање – наспроти антиохиската историска и александриската алегориска школа), како основно при толкувањето на Евангелието, зборовите *ќе влезе, и ќе излезе, и пасиште ќе најде* го означуваат токму духовниот развој и восовршување на човекот, а пред сѐ, сочувувањето и остварувањето на нашата личност, нашата лична слобода и љубов.

*Ќе влезе* го означува воцрковувањето и ставањето на умот во процес на исцеление – под духовно раководство на духовен отец, т.е. првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите. И ќе излезе* го означува дарот на аскетската умно-срдечна молитва и просветлувањето на умот, после кое веќе нема послушание кон духовен отец, т.е. вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, со дарот на умно-срдечната молитва. А, *и пасиште ќе најде* е обожението на личноста преку постојаното молитвено чистење на суштината на својот ум, сѐ до добивањето на дарот на непрестајната умно-срдечна молитва и гледањето на несоздадената

Божествена светлина, т.е. третиот степен од духовниот развој.

Треба да се нагласи уште дека нашиот личен однос со Господ е вечен и дека е единствен и неповторлив, дури и за Самиот Него. *Јас дојдов за да имаат живот вечен и да имаат изобилие.* Тој личносен однос ни е даден како дар уште во Предвечниот Совет и е запечатен во нас како образ и подобие Божјо, така што, ако не поради чистотата на срцето, тогаш барем поради добрата намера интуитивно го препознаваме гласот на нашиот Пастир и одиме по него. *И кога ќе ги изведе овците свои, оди пред нив, и овците одат по него, бидејќи му го познаваат гласот негов; а по туѓ човек не одат, туку бегаат од него, оти гласот на туѓиот не го познаваат* (Јован 10, 4–5).

*Јас сум добриот Пастир: и ги знам Моите, и Моите Ме знаат Мене. Како Мене што Ме познава Отецот, така и Јас Го познавам Отецот; и душата Своја ја полагам за овците Свои. И други овци имам, што не се од ова трло, и нив треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир* (Јован 10, 14–16). Ова последново нема да го толкувам; нека остане Тајна.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЗА НЕКОИ НЕОДГОВОРЕНИ ПРАШАЊА

Секое прашање си има и свое место, и свое време, и свој субјект за одговор. Или, не секое прашање се одговара кога било, каде било и кому било.

Некои прашања прво се одговараат во пракса, на дело, а потоа и теоретски или со збор. Некои, пак, никогаш не се одговараат. За сѐ треба расудување.

Има едно прашање за кое, кај нас, не баш докрај се изведоа сите заклучоци. Сега ќе изведеме уште некои, доволни за понатаму...

На пример, прашањето за болестите и учеството во Светите Тајни на Црквата отсекогаш им било кристално јасно на христијаните. Тоа го посведочи и Неговата Сесветост Вселенскиот Патријарх Вартоломеј: „Ние непоколебливо веруваме дека, причестувајќи се со Телото и Крвта Христови, не постои никаква опасност да се заразиме... Затоа ние, како Вселенска Патријаршија, не го променивме начинот на давањето на Божествената Причест“[1].

---

[1] Види: *Вселенскиот Патријарх: „Не го менуваме начинот на причестување“*, http://mpc.org.mk/svetaktuelno.asp?id=7313

Ова е вера на сите православни од сите векови, од почетокот на Црквата до денес; и до крајот на времето. Но, од оваа вера, Епископи од повеќе Помесни Цркви[2] извлекоа и други логичко-теолошки заклучоци. Имено, веруваме дека и Црквата – литургискиот собор на верните, како Тело Христово, исто така, не е место, време и состојба во кој може да се заразиме од некаква болест. Ова важи и за самиот храм, кој поради самиот Евхаристиски Собор го нарекуваме и црква. Истото важи и за целивањето на светите икони или на светите Мошти, или за земањето благослов од свештеното лице.

Следствено, не треба да се плашиме од зараза и ако ја извршуваме мисијата Христова и надвор од Соборот или храмот. Сѐ е мисија, сѐ е Литургија и секое место е храм и олтар, осветени од Христовата крсна жртва и Крв. Но, треба и да сме внимателни и да не Го искушуваме Господ Бог непотребно и да не ги соблазнуваме другите со нашата слобода. И за ова е потребно духовно знаење и расудување.

Исто така, поради нашите гревови или поради некаква Божја Промисла, Бог може, кога било, да допушти и да се разболиме или да умреме. Фала Богу! Но, тоа не значи дека ние треба нешто да промениме, а кое би значело и растурање на нашата вера. Болест си е болест – дар, свето Предание си е свето Предание – и должни сме по се-

[2] Види на веб-страницата на МПЦ – ОА: *Акшуелносши од йравославниош свеш*, http://mpc.org.mk/worldnews.asp

која цена да го сочуваме; а сѐ е Евхаристија, сѐ е Благодарење.

Ако државните власти нешто привремено (на краток или подолг период) ни забранат или наредат, а тоа не е во директен судир со суштината на нашата вера, ние формално ќе послушаме – некако ќе се прилагодиме. Но, внимавајте, едно е самите ние, како Црква, да направиме нешто што е во некаков судир со нашата вера, а друго е тоа привремено да го трпиме, или снисходиме, извршувајќи разбирлива наредба на државата. Едното нѐ прави предавници, а другото маченици. Мислам дека цел на демонот, засега, е првото, а не отворен прогон.

Не е одговорно, и непотребно е, да ги провоцираме државните органи, посебно кога во време на криза покажуваат толерантност кон нас, а нашата јавна постапка, сепак, би можела да им наштети на некои други, кога би ја следеле.

Секогаш може да се случи (не во блиска иднина – уште е време само на општ тренинг), како што се случувало низ вековите, државните власти нешто трајно да ни забранат или наредат, а коешто ќе биде во директен судир со нашата вера во Богочовекот Исус Христос. Нормално, во таков случај нема да послушаме! Жртвата што ќе треба да ја поднесеме, не е важна. Рековме, од сѐ можеме да се откажеме, но никогаш од нашиот Господ и Создател, Исус Христос! Тоа е барем јасно.

Разбирливо е, исто така, некои наши ближни, поради послаба вера, да се исплашат од некоја

болест (или од заканата со казна). Не треба никако да ги отфрламе и осудуваме, тоа не е одлика на христијаните, туку треба со многу љубов да ги покриеме нивните слабости. Сѐ додека истите се причестуваат (или сакаат да се причестат) од едниот путир, за нив има надеж. Но, истовремено, тоа не значи дека кому било ќе дозволиме своите слабости да ги претвора во теолошки доктрини (или да префрла вина на други – „понадлежни“).

Без големи искушенија нема духовен живот; не можеме да видиме што се крие и што има во нашето срце, ниту во срцето на ближниот; колку што ни е тоа дозволено. Ниту може да го очистиме нашето срце од тоа што го валка. Ниту можеме да преземеме превентивни мерки за во иднина, ниту да испланираме стратегија. Народната мудрост убаво го изразила тоа со зборовите: јунаците во мака се познаваат. Очигледно нѐ очекуваат интересни времиња, но запаметете: сѐ од нас зависи, од нашата љубов (или покајание); и од никој друг!

Инаку, нема поплодна атмосфера за развој на Црквата од физичкиот прогон; ако се случи и кога ќе се случи. Тоа ви е и добропознато и многупати докажано. Затоа, секој оној што, свесно или несвесно, шири страв на тема антихрист и физички прогон – не е од Бог пратен. Отфрлајте го стравот од себе. Навлезениот страв е подготовка за предавство. Ние, како слаби, смирено се молиме за живот во мир и покајание, но ако бидеме удостоени на прогон, со радост и храбро ќе прифатиме.

Многу полош од физичкиот е суптилниот прогон на модерниот начин на живот, кој преку потсвеста, постепено ги раслабува христијаните во верата. И демонот знае дека ваквиот прогон е многу поделотворен од физичкиот. Многу светители би се радувале да живеат во нашето време, арно ама, Бог нас нѐ удостои.

Да се вратиме на темата. Јасно е дека и самиот начин на причестување со Телото и Крвта Христови е суштинско прашање на верата и е непроменлив.

Но, да не заборавиме дека токму тоа што нѐ исцелува, може и да нѐ разболи или убие, ако пристапуваме без вера (без дела): *Оној што недостојно јаде од овој леб и пие од чашата Господова, виновен ќе биде спрема Телото и Крвта на Господ. Но, човекот да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша. Зашто, кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува Телото Господово. Па затоа меѓу вас има многу немоќни и болни, а мнозина и умираат* (1 Кор. 11, 27–30). Очигледно, недостојното причестување, па и непричестувањето, се многу поголема опасност отколку заразата со која било болест, а ретки се тие кои се грижат за тоа; не е „во мода“.

Јасно е, исто така, дека нашето однесување, како и резултатот од истото, потполно зависат од тоа колку и каква вера имаме: *Нека ви биде според верата ваша!* (Матеј 9, 29); *Како што си поверувал, нека ти биде!* (Матеј 8, 13). А сето она, пак, што со

вера го правиме треба да биде во слава на нашиот Бог – Света Троица, на Отецот и Синот и Светиот Дух, на Кого единствено Му се поклонуваме; Амин! Не – во своја сопствена!

Пресвета Богородице, спаси нас!

P.S. *Па им рече: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден. А знаците на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат бесови; ќе говорат нови јазици; ќе фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им навреди; на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат“* (Марко 16, 15–18). *Кој има уши да слуша, нека чуе* (Матеј 13, 9).

## МОЛИТВА ЗА ЦЕЛ СВЕТ

Еднаш порано ви реков[1]: доколку веруваме и знаеме дека ние сме никој и немаме ништо, а дека Господ Исус Христос ни е сè – и што сме и што имаме, тогаш свесноста за оваа наша состојба ја покажуваме единствено со подвигот на постојано собирање и држење на умот во зборовите на молитвата, односно со концентрација на Неговото име во молитвата.

Нема друг начин, освен овој молитвен подвиг, да покажеме дека сме свесни дека Господ Христос ни е сè – и покајание, и сострадална болка, и божествена љубов при молитвата, а дека ние немаме ништо и сме ништо. Плод на собраноста на умот во молитвата, со таа свесност, е дарот на солзите.

Што точно значи ова што ви го кажав, само молитвата може да ви покаже.

Затоа и свети Григориј Палама нè поттикнува во подвигот на молитвата како единствен учител на молитвата. Колку сме никој и ништо, можеме да видиме само молитвено стоејќи пред Богочовекот Исус Христос и Неговата Мајка. Исто така, ќе дознаеме и колку сме љубени...

---

[1] Види: „Свесност“, стр. 73.

Но, тоа не е доволно. За молитвата да биде колку што може посовршена, таа не смее да биде кажувана само за себе, туку треба да го опфати целиот свет – секој човек; и од сегашноста, и од минатото, и од иднината. Всушност, ние не треба никогаш нешто посебно да се молиме за нас, освен за покајание, иако самиот начин на молитва за целиот свет е покајание на дело.

Затоа уште и ви објаснив дека еден и единствен лек против пасивната социопатија – оваа модерна пандемија, е молитвата за целиот свет. Времето е такво што сите треба да се префрлиме на постојана молитва за цел свет, и тоа треба да ни биде единствената идеја секогаш кога ќе застанеме на молитва. Само тогаш нашата молитва ќе добие потполна сериозност и покајание. Само таква молитва Бог слуша. Само на тој начин ќе развиеме лична сострадалност.

Кога застануваме на молитва со свесноста дека Христос ни е покајание и сѐ, тогаш сериозноста и покајанието произлегуваат од таа свесност, а кога се молиме за целиот свет, а посебно за оние коишто конкретно страдаат, тогаш сериозноста, покајанието и концентрацијата ни доаѓаат, покрај од Богочовекот Христос, и некако природно, од нашата човечност – што е најдобра комбинација.

Со ваквиот начин на молитва ние ги восогласуваме Божјиот и нашиот поглед на светот; ја градиме нашата лично-соборна свест. Значи, секогаш кога се молиме, треба да се молиме за сите луѓе – посебно за непријателите, и за целиот свет,

и за нивно спасение, зашто Му се молиме на Оној Кој ги создал и Кој промислува за секој човек и за целиот свет. Нашата молитва, во тие мигови, се восогласува со Неговата промисла и со Христовиот Домострој за спасение на секој човек и на целиот свет (*Оче, прости им, оти не знаат што прават*[2]). Но, нашата молитва се восогласува и со дејството на Божјата несоздадена благодат; и со молитвата на Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија; и со неискажливите воздишки на Светиот Дух во нашето срце – Ава, Оче![3] – за целата твар. Плод на ваквата молитва е дарот на солзите за целиот свет.

Кога цел на молитвата (се мисли на молитвата во која постојано го повикуваме името на Богочовекот Исус Христос) е Бог, односно заедницата на секој човек и на сѐ создадено во Бог, тогаш молитвата, проземена од Духот, се кажува во покајание; и го чисти, го отвора и духовно го проширува нашето срце. Молитвата за целиот свет исцелува, и нас и сите луѓе. И обратно, ако цел на молитвата сме самите ние и нашите потреби, тогаш молитвата на почетокот се кажува со распалена крв, потоа механички, и на крајот згаснува – откако ќе остане без одговор.

Кога нашиот поглед и животен подвиг ќе ги восогласиме со Божјиот поглед и Домострој – со крсната жртва на Неговиот Единороден Син, тогаш ќе влеземе во Духот – на молитвата „Оче наш“, во

---

[2] Лука 23, 34.
[3] Види: Гал. 4, 6.

просторите на Царството, внатре во нас, и ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва.

И еден практичен совет: покрај тоа што секогаш кога ќе се молиме, ќе се молиме за доброто и за спасението на целиот свет, и секогаш кога ќе чуеме некоја вест за некое зло и нечие страдање, секогаш таа информација треба да ја примиме, правилно обработиме (јас сум виновен за сè) и испратиме со молитва за добро, Божја утеха и исцелување на конкретните страдалници. Се подразбира дека ваквиот начин на молитва треба да е поддржан и со конкретно помагање на дело – според силите. А за редовно учество во Светите Тајни на Црквата и да не зборуваме.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## НА РЈЕКАХ ВАВИЛОНСКИХ...

### Основни човечки дарови

*Чујте друга парабола! Имаше еден човек домаќин, кој насади лозје, го загради со плот, ископа бунар, направи кула и, откако го предаде на лозарите, си отиде. И кога наближи времето за берење, тој ги испрати при лозарите своите слуги, за да му ги приберат плодовите. Но лозарите, кога ги фатија неговите слуги, едниот го претепаа, другиот го убија, а третиот со камења го засипаа. Тој испрати сега други слуги, повеќе од првите; но и со нив направија исто. Најпосле го испрати при нив својот син, велејќи: „Ќе се засрамат од сина ми“. Но лозарите, штом го видоа сина му, си рекоа меѓу себе: „Овој е наследникот; ајде да го убиеме и да го присвоиме наследството негово“. Па, како го фатија, го изведоа надвор од лозјето и го убија. А кога ќе дојде господарот на лозјето, што ќе им направи на тие лозари? Му одговорија: „Злочинците ќе ги погуби, а лозјето ќе го даде на други лозари, што ќе му ги даваат плодовите навреме“. А Исус им рече: „Зарем не сте читале во Книгите: ’Каменот, што го отфрлија*

*ѕидарите, стана глава на аголот: Тоа е од Господ и чудесно е во очите наши*‘“ (Матеј 21, 33–42).

Што не разбираме ние, христијаните?

Не разбираме дека Бог од нас бара основни човечки дарови, оние дарови што се нормални, што секој роден човек е должен да Му ги принесе на Бог, оние што се во согласност со здравата човекова логика, односно оние за кои Христос воопшто не мораше да се воплотува и да страда.

Кои се тие дарови?

Па, нели, тоа е секое она човечко однесување кое е нормално. Нормално е луѓето да се сакаат и да имаат деца; и тоа повеќе деца. Нормално е родителите да се грижат за своите деца. Нормално е децата да се грижат за своите родители. Нормално е браќата и сестрите да се грижат едни за други. Зарем сето ова не е многу јасно и нормално?

Што уште е нормално?

Нормално е, уште, да се грижиме и за своите роднини, пријатели, комшии, сонародници. Нормално е ако кој било од нив видиме во некаква потреба да му помогнеме; без оглед дали се работи за мала или голема потреба, нормално и човечки е да им помогнеме – ако не сами, тогаш многумина или сите заедно.

Нормално и човечки е да им помогнеме, посебно, на луѓе кои се во голема неволја, кои многу страдаат или кои се во смртна опасност, дури и без оглед на тоа дали ги познаваме и дали се воопшто наши сонародници.

Не е нормално да им чиниме свесно зло на луѓето и не е нормално да ги злоупотребуваме на каков било начин, а посебно кога се во некаква неволја.

Зарем не е сето ова нормално и човечки?

И зарем за сето ова требаше Христос да доаѓа и да ни покаже и да нè поучи што да правиме?

Не!

Затоа Бог и ги испрати Своите слуги, пророците, за да ги научат луѓето да Му ги принесуваат основните човечки дарови.

Што направија луѓето, видовме.

*Најйосле Бог Го исйрати йри нив Својош Еднороден Син, велејќи: „Ќе се засрамаш од сина ми“.*

Дали се засрамија?

Не! Оние што на Бог не сакаат да Му ги принесат ни основните човечки дарови, не можат никогаш да Го препознаат Синот Божји, ниту пак, можат да го сфатат тоа што Тој имаше да им покаже и да ги научи.

А Синот Божји, Богочовекот Исус Христос, на луѓето кои сакаа, покрај тоа што ги потсети на основните човечки дарови, им ја покажа и ги научи и на духовната надградба. Таа надградба, да запаметиме, може да се оствари само доколку постојат основните човечки дарови.

Што подразбираме под духовна надградба?

Што уште ни покажа и со дело нè поучи Богочовекот Исус Христос?

Ни покажа, најважно и најглавно, дека треба да ги љубиме и непријателите. Љубовта и кон непријателите е основна и главна карактеристика

која нас, луѓето, нè прави синови Божји и богови по благодат; и ништо друго. И нема друг начин.

Ни покажа и нè поучи и како духовно да пораснеме и да ја достигнеме оваа Божествена љубов. Нè поучи дека, покрај лоши дела и зборови, срцето треба да го очистиме и од зли чувства и мисли. Нè поучи како да се смируваме во Божјата волја. Нè поучи да Му благодариме на Бог за сè, посебно за злото кое ни се случува; нè поучи како целиот наш живот да ни биде благодарење. Нè поучи дека, во секое искушение треба да ја бараме Божјата правда, а не човечката. Нè поучи како непрестајно да Му се молиме на Бог за сите луѓе, без исклучок. Ни покажа и нè поучи што значи преобразување и обожение на човековата личност и неговата природа, и што е тоа гледање на несоздадената Божествена светлина. Ни покажа како обожениот човек може да ја победи смртта станувајќи обожено Тело Христово, во микро и макро смисла, во Црквата чија единствена Глава е Он – Господ Исус Христос; нè направи автентични сведоци на Неговото Воскресение. И ни ја дарува вистинската вера.

Што направија луѓето?

Видовме.

А што прават денес? Потполно го отфрлија христијанскиот идентитет поради државни, национални и партиски, односно лични интереси. На пример: една православна Црква не сака да признае, а може, друга православна Црква, поради претходно наведените интереси. И тоа, ова е најбаналниот пример – врвот на ледениот брег; има

пострашно – неправилниот личен „духовен“ подвиг.

Што нè очекува, ако не се покаеме?

*Злочинциите ќе ги погуби, а лозјето ќе го даде на други лозари, што ќе му ги даваат плодовите навреме.*

Кои се тие други лозари?

Тоа се оние луѓе кои на Бог Му ги принесуваат барем некои од основните човечки дарови, на пример: коишто си помагаат меѓусебно во семејството и во родот; кои ги помагаат едноверните браќа и сестри; кои не си ги убиваат своите неродени деца уште во мајчината утроба и кои се размножуваат (*Плодете се и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа...* – 1 Мој. 1, 28).

Треба ли тие, други лозари, да имаат и вистинска вера?

Не! Вистинската вера е својство на духовната надградба. Доволно им е да ги принесуваат само некои од основните човечки дарови.

Што сме ние, христијаните, тогаш?

Ние сме тие што сè уште не се засрамија.

Пресвета Богородице, спаси нас; Ти си наша единствена надеж!

# ЛУЃЕТО СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ПРОМЕНАТ СÈ, ОСВЕН СЕБЕ

Луѓето имаат проблеми. Просто, нема човек без проблеми. Некои проблеми се акутни, актуелни. Некои проблеми се хронични, траат повеќе време. Некои се решаваат, некои изгледаат нерешливи. А има и такви кои само делумно се решаваат.

Едни проблеми ќе се решат, па други ќе дојдат. И во време кога мислиме дека некаков голем проблем сме решиле и дека е време на мир и спокој, сепак, сенка од некој друг проблем веќе се надвиснала над нас.

Општопознат е принципот дека од нашиот внатрешен однос кон проблемот што се појавува однадвор во многу зависи дали ние ќе го сочуваме нашиот мир и спокојство. А од тоа, пак, зависат многу други работи: нашето општо здравје, правилниот одговор на проблемот, траењето на проблемот, решавањето на проблемот и многу други работи поврзани со нас и нашите ближни – од потесен или поширок круг.

Јасно ни е на сите дека човековиот внатрешен однос кон проблемот што се појавува однадвор е клучен.

Вообичаено, препознатливи ни се два вида однесување: прв, луѓето се обидуваат да ги променат само надворешните околности; и втор, луѓето се обидуваат најпрво да се променат себеси.

Најчест е првиот начин на однесување, и тоа е главно погрешен пристап. И, вообичаено, пред луѓето да дојдат и да се посоветуваат со духовниот отец, тие веќе ги пробале сите можни начини да го решат проблемот: тие консултирале стручни лица (не дека не треба), посетиле некој биоенергетичар, биле кај гатачи и бајачи, и направиле некоја „бела“ магија за да ја истераат „црната“, и што ти ли не, само да се извлечат од проблемот, односно несреќата што ги снашла. Сепак, ништо од ова не може целосно да им го реши проблемот; а можат да претрпат и поголема штета.

Очигледна е тенденцијата и подготвеноста на луѓето повеќе да сменат нешто надворешно, отколку да се променат себеси. Тоа им се чини дека е најбрзиот и најлесниот начин да се соочат со проблемот, додека, тогаш или другпат, не сфатат дека, всушност, тоа е најтешкиот пат; и тоа пат кој никаде не води.

Луѓето заборават дека нема ништо случајно во нашиот живот и дека сè ни се случува по Божја Промисла, како и дека тоа што ни се случува, ни се случува ние самите и, пред сè, внатрешно, духовно да се промениме и да го поправиме нашиот однос со Бог. Не постои друга причина за тоа што ни се случува освен, и само, претходно наведената.

Добро би било духовниот отец да процени дали допуштеното е само опомена или е веќе самоказнување. Едно е да знаеме дали има надеж нешто и надворешно да се промени – на пример, во случај на болест, друго е да знаеме дека нема.

А зошто самоказнување? Затоа што Бог никогаш не нѐ казнува, туку само допушта да ни се случи нешто, кога ние веќе со некој грев отпаѓаме од благодатната заедница со Него, што само нѐ освестува дека се наоѓаме во областа на заедница со демоните и смртта. Затоа велиме дека, на пример, и болеста е дар. Инаку, сѐ е опомена од аспект на вечноста.

Како и да е, решението е само едно: пред сѐ, внатрешна, духовна промена на мислите и чувствата во согласност со Божјата волја, следена и од надворешна телесна промена, на дело и со збор, во исполнување на Божјите заповеди во нашиот живот.

Сето ова го имам опишано како главен метод на христијанското лечење на душата и го нареков „Метод на пет контролни точки“[1]. Да се потсетиме: секој проблем, од мал до голем, го прифаќаме како дар Божји, Му благодариме на Бог за него, за проблемот не обвинуваме никого освен себеси, не покажуваме никому како се чувствуваме и ја продолжуваме молитвата – со цел градење заедница со Бог, а не молење помош за прекин на проблемот.

---

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, стр. 59–67.

Не треба да заборавиме дека со Бог треба да градиме однос на давање, а не на барање. Ние сме главно себични, а себичноста не носи внатрешни промени – како основ на севкупна преобразба на човекот. Односот на давање на (кон) Бог е единствен однос што ни обезбедува внатрешна духовна промена.

Бог ни има сѐ дадено – и постоење и живот; и толку многу постојано ни дава, што сѐ околу нас е дар Божји, и просто е неописливо. Само ние сме духовно слепи. Вообичаено, очите ни се отвораат – на ниво на душевност, кога ќе се соочиме со смртта. Давањето ни ги отвора и духовните очи; со други зборови тоа ни дарува – просветлување на умот. А колку ние Нему Му даваме се мери со времето поминато во молитва. Тоа е, и самите знаете, речиси ништо.

Кратко речено: освестете дека сѐ што ви се случува, ви се случува за да се промените себеси, не нешто друго и не некој друг. А се менуваме себеси за да го восогласиме нашиот живот со Христовиот живот и да излеземе од ропството на гревот, демонот и смртта. Затоа, не губете време променувајќи некој друг или нешто друго – затоа што проблемите може само да се усложнат, туку променете се самите себе.

Помошта на духовниот отец, барем на почетокот, е неопходна. А вистински духовен живот – што преобразува, постои само во Црквата.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЗА КОМФОРОТ

Од една страна, постојано тежнееме да ни биде убаво – што е нормално, затоа што Бог не нѐ создал за да страдаме; а од друга страна, ние често страдаме (ако не физички, тогаш психички) – што е, исто така, нормално поради падот.

Прашањето е како да најдеме рамнотежа помеѓу овие две состојби – помеѓу тежнеењето кон физичката и душевна благосостојба и реалноста во која страдаме?

Тука, навидум, не ни помага и една друга состојба. Имено, од една страна, луѓето се повеќе заинтересирани за материјалната благосостојба – и мислат дека од неа извира и душевната, а од друга, распределбата на материјалните блага во светот е таква што несразмерно повеќе се наоѓа во рацете на малкумина отколку кај повеќето од останатите заедно.

Има ли решение?

Има, ама како да е многу полесно остварливо за сиромашните отколку за богатите. Во продолжение ќе видиме зошто.

Целиот наш живот е дар Божји. И сиромаштвото е дар Божји, кога сиромавиот со смирение

и трпение Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. И богатството е дар Божји, кога богатиот со смирение и трпение им служи на сиромасите со своето богатство, и на тој начин Му благодари на Бог за него и го препознава овој дар.

Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната смисла, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за нивно лично и соборно надградување и остварување на нивната заедница во Богочовекот Христос – Кој е нашиот најголем дар Божји – и би служеле како средство за наше духовно богатење и преобразување.

Овој однос на благодарење на дело се исполнува со нашето редовно учество и причест во Светата Евхаристија (Благодарење), т.е. Литургија на Црквата Божја. Тука, ние својот живот на Бог Му го предаваме, а Он нам Својот, во Телото и Крвта Христови. Со други зборови, само на таков начин и можеме да Му благодариме на Бог, кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сѐ“[1].

Гледаме дека Господ се поистоветува (дури и најмногу) со секој еден страдалник. Затоа, секогаш кога со своето материјално богатство ќе му помогнеме на еден од овие најмали Христови браќа

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

што страдаат, ние Нему Му помагаме[2].

Така, никој не може да се нарече богат, односно подобен на Бог, без да ја прифати Божјата промисла за себе, односно без да ги збогатува и другите околу себе – пред сè, во духовна, но и во материјална смисла на зборот.

Но, животот нè научил дека мала е надежта таканаречените богати да нè разберат и да ни помогнат, односно да го восогласат својот живот со Христовите заповеди.

Со прашањето – зошто е тоа така? – се враќаме на почетокот од беседата.

Тежнееме да ни биде убаво, што и од аспект на пад и од аспект на подигање е нормално природно движење – затоа што Бог нè создал да ни биде убаво; само што од аспект на пад тежнеењето кон убаво значи задоволување на страстите, а од аспект на подигање значи духовен раст, од икона кон Богоподобие, т.е. обожение.

Во тоа се состои и искушението на богатиот – ако не е верен кој работи на себе, тој оди по патот на задоволувањето на страстите, а на тој пат сè му е малку. Затоа што славољубието никогаш не се задоволува; среброљубието никогаш не се задоволува; и сластољубието никогаш не се задоволува. Самољубивиот човек тешко да помогне некому, а и ако го направи тоа, ќе биде за задоволување на неговото славољубие.

Затоа на сиромавиот му е полесно, односно има подобра позиција, да го восогласи својот живот

[2] Види: Матеј 25, 40.

со Божјите заповеди. Треба само да ја прифати и да Му се заблагодари на Бог за својата состојба; што не значи дека не треба и да се бори за да ја подобри. Додека богатиот, кој стекнал животна навика да зема, треба сега да ја промени и да почне да дава; што е далеку потешко.

Еден посебен проблем што овде се јавува е комфорот. Тој е проблем за сите, и за богатите и за сиромашните, затоа што, денес, начинот на живот и стандард е „подигнат“ на друго, повисоко цивилизациско ниво. Мислам на воведувањето на електричната енергија, затоплувањето на целиот дом, автоматски и компјутерски поврзаните машини, брзината и ефикасноста на сите видови комуникации и информации – посебно теле и видеокомуникациите, па дури и смарт домови и што ти ли не...

Едноставно, да не должиме многу, комфорот којшто ни го пружа моменталниот цивилизациски дострел, односно уживањето во него, станал наша навика, а со тоа и наша втора природа. Влијанието на комфорот, посебно на нашите тела, а со тоа и на нашите души, е разорно. Станавме луѓе раслабени – во секој поглед, навикнати на нежно, на меко, на топло или ладно – зависи, на широко, на светло, на брзо, на лесно итн., итн. Не сме способни да поднесеме ни најмала нелагодност, а камоли глад, жед, студ или врукина – зависи, напорна работа итн., итн.

Кога бев дете, единствената топла соба беше дневната, која истовремено беше и кујна, и трпеза-

рија, и сè. Спиење, тоалет, капење итн. се одвиваше во ладно. Бевме здрави деца, кои добар дел од денот го поминувавме на улица. Знаевме и да се степаме и да се смириме. Ги знаевме сите игри и се натпреварувавме во сите достапни спортови. И, одеднаш се појавија генерациите од скопскиот т.н. Градски ѕид, деца на парното греење. Деца, најчесто, нежни, зиморливи, неотпорни, неподготвени за многу работи.

Модерниот и комфорен начин на живот се одрази и на Света Гора. Кога јас дојдов во манастирот Григоријат, немаше ни парно затоплување, ни струја. А камоли, пак, мобилни телефони, компјутери, Интернет и телевизија. Сега, сето тоа го има, нешто е општо достапно за сите, а нешто само за поединци. Денешните генерации млади не би можеле ни да помислат да одат во манастир без да има некои од овие олеснувања; на пример, електрична енергија и парно затоплување.

Како што реков, комфорот нè раслабува и телесно, и душевно, и духовно. Колку повеќе се потпираме на комфорот, толку повеќе ја губиме благодатта Божја (ова е цела една посебна тема). Тоа, од своја страна, прави од нас луѓе параноични – исплашени за својата удобност и себични, а тоа, пак, ја изгонува Божјата љубов од нас. Од такви луѓе можеш да очекуваш само несреќа.

Ова убаво и накратко го има опишано американскиот писател Џефри Мајкл Хоф, велејќи: „Тешките времиња создаваат цврсти луѓе. Цврстите луѓе создаваат добри времиња. Добрите времиња соз-

даваат слабаци. Слабаците создаваат тешки времиња“[3].

Главната лоша последица на комфорот, што најмногу го оштетува модерниот човек, е бесчувствителноста кон оние што страдаат, или како што ја нарековме – пасивната социопатија. Пасивниот социопат дотолку е бесчувствителен, што не ни сака да знае дека некој воопшто страда. Таквите информации му се непријатни. Но, кој не сострадува, ќе страда. Така вели духовниот закон.

Оваа појава убаво ни ја објаснува свети Серафим Роуз: „Зошто луѓето учат преку болка и страдање, а не преку удобност и среќа? Многу едноставно, затоа што преку удобност и среќа човекот се навикнува да биде задоволен со нештата од овој свет, додека болката и страдањето го принудуваат човекот да бара подлабока среќа, која го надминува овој свет“. (...) „Печатот на тешките страдања останува засекогаш, па колку и да се промени животот на добро. Тој печат, носен во срцето, ја смекнува и ја истанчува душата, и човекот станува двојно почувствителен за туѓата болка и неволја.“[4]

И по третпат да се вратиме на почетното прашање: како да најдеме рамнотежа помеѓу овие две состојби – помеѓу тежнеењето кон физичката

---

[3] G. Michael Hopf, *Those Who Remain: A Postapocalyptic Novel (The New World Series Book 7)*, Kindle Edition, 2016.

[4] Hieromonk Damascene, *Father Seraphim Rose: His Life and Works,* St. Herman of Alaska Brotherhood, Kindle Edition, 2003.

и душевна благосостојба и реалноста во која страдаме? – и да дадеме еден краток и заокружен одговор.

Решението ни го пружа православниот духовен живот на Црквата Христова. Животот во Христос е и така антиномичен, но и холистички; истовремено: и смрт на Крст и Воскресение, и тага и радост, и болка и утеха; и аскеза и преобразување; и смирение и Вознесение; и анонимност и небесна слава; итн.

Главно, избегнувајте го комфорот, тоа е сеопфатна смрт за духовниот живот. Во овој свет и век секако ќе страдаме – поради нашата отпаднатост од Бог. Но, подобро да страдаме своеволно – подвижнички, отколку неволно – во болести и несреќи. И во двата случаја треба да Му благодариме на Бог за нашето страдање. Во првиот случај, главно, и сме благодарни на дело, преку подвигот на давање на Него, а во вториот случај, главно, со благодарно трпение на тоа што е допуштено од Него, а што сме го предизвикале со своите гревови. Благодарноста кон Бог нè поврзува со Крстот Христов, а тој со Неговото Воскресение и со секоја Божествена утеха и радост.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЗА СУДЕЊЕТО И ОСУДУВАЊЕТО НА ДРУГИТЕ

Долга и широка тема. Но, да запишеме неколку мисли. Секогаш и одново се чудам на осудувањето. Страшна појава. Сеопшта болест. Препрека за каков било духовен напредок и развој. Многу тажно однесување. Поништување на љубовта. Отпаѓање од Христос. Заедница со сатаната. Крајно малоумие.

Сите сме склони кон судење и осудување. Ама некои се „сецнуваат" и се каат, а други како и да не се свесни. Некои се борат против тоа зло, а на некои тоа им станало начин на однесување. Тешко некој конечно да се ослободил.

Една тежина има – да судиш во себе или пред еден или двајца, а друго јавно и пред сите. Едно е да го познаваш човекот, а друго да не си го ни сретнал во живо. Едно е нешто да си видел со свои очи, а друго е прераскажано од втора-трета рака.

Потоа, друго е да судиш од позиција на христијанин и вообичаено „внатре" во Црквата, а друго е да судиш од позиција на безбожник, некому во Црквата.

Добро е да сме свесни за оваа демонска замка самите и постојано, затоа што ако го освестуваме овој демонски феномен само кога другите нас нѐ осудуваат, во тој случај, најчесто, се работи за моментално освестување кое ни служи да осудиме назад.

Многу нешта превидува тој што осудува. Којзнае дали и ќе ни текне на сите. И се чудам од каде да почнам. Од некаде мора...

Прво, превидуваме, на пример, дека таканаречената прва светлина на умот, која ја добиваме на почетокот од нашиот духовен живот, при очистувањето на енергијата на нашиот ум – светлина во која треба да ги видиме само нашите недостатоци и сила со која само себеси и можеме да се исправиме – ако ја користиме за осудување, судење и исправање на другите, односно, во таков случај, го користиме единствено знаењето што од неа останува, тогаш тоа е веќе крај на нашиот духовен развој; и пад.

Не знаеме дека само просветлувањето на умот и дарот на умно-срдечната молитва, преку кои човек добива власт и сила да продре до длабочините на своето срце, ни овозможуваат иста таква власт и сила да продреме и до длабочините на срцата на нашите ближни и подобро да ги познаеме. Без просветлувањето на умот ние ништо не знаеме за другиот, за другите, и кога се знаеме со нив. Просветлениот ум не ги осудува луѓето и кога точно знае какви се, туку сострадува со нив.

Второ, премногу очекуваме од луѓето. Превидуваме дека секој еден човек се наоѓа на одреден

степен од духовниот развој. Некои се наоѓаат на надолните степени од противприродниот начин на живот: религиозна невроза, религиозно растројство на личноста (психопатија, социопатија), психоза или демонизираност. Некои, пак, се наоѓаат на нагорните степени од природниот начин на живот: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на умно-срдечната молитва, и *обожение*.

Од невротичен човек се знае што може да се очекува: бидејќи тој слабо ги контролира своите мисли и чувства, тоа обично го пројавува со лоши зборови. Од психопатот или социопатот се знае што може да се очекува: бидејќи тој не сака да си ги контролира своите мисли и чувства, покрај лоши зборови, тоа го пројавува најчесто и со лоши дела. Другите и да не ги спомнуваме. Секое влегување во дијалог за разјаснување, со последните две категории, е залудно.

Трето, се превидуваат многу едноставни и нормални работи, како што спомнав: дали лично го познаваме или не го познаваме човекот на кој му судиме.

Најчесто лично не го ни познаваме човекот, а тоа би требало да е доволен факт за да се „сецнеме“ и да застанеме. Посебно кога, лично, и ништо не сме виделе или чуле. Но, малоумноста не би била тоа, ниту демонот тој, кога тука би се застанало.

Ако е човекот јавна личност, тогаш и без да го познаваме можеме да правиме некаква проценка за него – не да му судиме, но само врз основа на неговите дела или пишан и изречен збор – кои

вообичаено се јавно достапни, а никако врз основа на озборувања – рекла-кажала.

Да те прашам, човеку, зошто ти е помило да судиш и да осудуваш некого врз основа на озборување, кога веќе ти се достапни и познати неговите дела и неговото слово? Посебно неговите дела, затоа што тие најмногу говорат за секого. Да ти кажам директно: од злоба, од завист, од проекција и од демоноопседнатост.

Најчесто, ние во Црквата, им судиме и на јавните личности (Епископите), а официјалните податоци за нив ни се најлесно достапни. А, ако човекот не е јавна личност и лично не го познаваме, дури тогаш ништо не знаеме за него, и дури тогаш многу промашуваме и паѓаме со осудувањето.

За јавните личности постојат и многу други околности кои ја отежнуваат нашата проценка за нив, на пример: од каде да знаеме во какви сѐ односи човекот влегол и какви сѐ односи (души) треба да изменацира и избалансира, на локално, регионално, меѓународно и глобално ниво. Колку повисоко во општеството е позициониран човекот и колку понапред е на скалилото од духовниот развој, толку поголем број луѓе и демони привлекува околу себе и толку повеќе се комплицира проценката за него. Тоа е, просто, недостапно и несфатливо за другите.

И четврто, судењето и осудувањето нѐ дефинираат нас, а не оној што го судиме. Познато е дека судењето и осудувањето се најчесто проекција – она што си ти им го припишуваш на другите, а

поретко завист и љубомора – затоа што за второво ти треба и некаков успех во животот, што би го споредувал со успехот на оној кому му завидуваш, а ти немаш никаков успех. Освен, ако за успех го сметаш отворањето на сопствен профил или некаква аналитичка страна на социјалните мрежи. Така што, непослушниот во другиот гледа непослушен, блудникот во другиот гледа блудник, расколникот во другиот гледа расколник, еретичкиот ум во другиот гледа еретик, предавникот Христов во другите гледа предавници итн.

Да не должам многу, памтете ги барем овие четири нешта: зошто ни е дадена првата светлина на дар; да не очекуваме многу од луѓето, туку од себеси; пред што било да кажеме за некого, да си поставиме едно просто прашање – дали ние воопшто и сме го сретнале тој човек во нашиот живот и што може ние да знаеме за него, при таков случај, а да не зборуваме за тоа дали сме виделе нешто со свои очи или чуле со свои уши; и дека судењето и осудувањето нѐ дефинираат нас, а не тој што го судиме.

Судењето и осудувањето се par exellence дело на антихристот. Тоа најмногу ги прави луѓето слични нему. Богочовекот Христос е нашиот единствен судија, а тие што судат и осудуваат се поставуваат себеси на Негово место. Судењето е пророк на појавување на антихристот во светот, тоа е тајната на злото што веќе дејствува во светот (види: 2 Сол. 2, 7).

Ниту божемната, превентивна заштита на православната вера не може да ви биде оправдување

за осудување и судење. Ќе речете дека вие не судите, туку дека критикувате и заштитувате. Но, за таков подвиг потребна е и просветленост на умот – со умно-срдечна молитва, а очигледно вие тоа го немате. За благотворна критика е потребна сострадалност, а за сострадалност е потребна просветленост; а дека сето тоа сигурно недостасува се гледа од некултурниот (со многу лични навреди) и самоуверен начин на обраќање.

Само заедничкото сослужување, заедничкото принесување на бескрвна жртва со иноверни и очигледното намерно отстапување од догмите на православната вера е оправдана причина за бунт против воспоставениот поредок – и без просветленост на умот. Ги спомнав само овие две работи, затоа што за толкување на канoните на Црквата, сепак, е потребна просветленост. Така што, дури и силно ве поттикнувам да внимавате првите две работи да не се случат – причестување заедно со еретици и отстапување од учењето на православната вера, односно, како верни, и должни сте да внимавате и без поттик; а за третата – спроведување на светите канони во пракса – има кој да внимава.

Има ли надеж? Не знам, незнаењето не знае дека не знае.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ЗА САМООПРАВДУВАЊЕТО

Самооправдувањето е болест која е пораширена, понезабележлива и потешка од судењето и осудувањето. Самооправдувањето и осудувањето се две страни на една гревовна состојба – гордоста.

Пораширена – затоа што, најчесто, дури и тие што внимаваат да не осудуваат и да не им судат на другите, не внимаваат дека се самооправдуваат.

Понезабележлива – затоа што, најчесто, тој што се самооправдува не го фаќа моментот на гревот на самооправдувањето.

А потешка – затоа што, за разлика од судењето или осудувањето, тој што се самооправдува, покрај гревот на самооправдувањето, прави и повеќе други гревови, како на пример: непослушание, лажење, осудување, дрскост, противење на Божјата промисла, отфрлање на Божјата благодат итн. А сето тоа покажува многу лоша душевна состојба.

Ајде, по ред, нешто од нешто.

Кога нѐ прекорува духовниот отец, а ние не прифаќаме, директно Го осудуваме Богочовекот Христос дека нешто греши во однос на нас. Истовремено, не ја примаме Божјата промисла за нас, не го примаме Божјото слово за нас и со тоа ја одбиваме и Божјата благодат од нас.

Се сеќавате како жената Хананејка го прими Божјото слово за себе, кога Христос ја нарече куче, и како со тоа ги прифати и прими и Божјата благодат и Божјата промисла за себе, и како оздраве нејзината ќерка[1]. Да ве потсетам...

Нема полош грев од самооправдувањето пред духовниот отец. Тоа сведочи за многу суета, доста гордост, високо мислење за самите себе. Самооправдувањето е пречка за каков било духовен развој и напредок; ја разорува самата суштина на христијанскиот идентитет – преку кој ја споделуваме вината за гревот на целиот свет. Итн.

Сè што директно значи самооправдувањето пред духовниот отец, индиректно има значење кога се самооправдуваме пред својот ближен; а тоа е исто...

За монах, пак, што се самооправдува, можам само да кажам дека – напразно дошол во манастир и слободно може веднаш да си замине. Самооправдување може да се случи само ако духовниот отец побара објаснување, и во никој друг небитен случај.

Самооправдување може да се изведе и без зборови – со говор на тело. Исто така, не треба пребрзо – за време додека некој нè прекорува, да побараме прошка, и тоа е вид на самооправдување Некојпат треба да се почека. Итн., итн.

Доаѓаме во манастир со првична цел да го ставиме умот во процес на исцеление преку послушание кон духовниот отец, до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва и просветлува-

[1] Види: Матеј 15, 21–28.

њето на умот; не и потоа. Во овој процес не треба да паѓаме во логички или во сентиментални замки и да се самооправдуваме.

Логичка замка е ако, на пример, духовниот отец нѐ прекори за нешто кое ние сме го направиле според критериумите на одредено знаење или умешност или занает и, согласно тоа, ние сметаме дека сме во право. Но, ние не сме дошле во манастир заради, на пример, земјоделие или информатика или иконопис, туку да го ставиме умот во процес на исцеление.

Сентиментална замка е, на пример, ако духовниот отец ни се обрати нервозно. Исто така, ние не сме дошле во манастир за некој да ни ја гали суетата, туку да го ставиме умот во процес на исцеление, а со тоа и волевиот и желбениот дел на душата, како и чувствата.

Иста е целта и на самото влегување во Црквата – анонимност до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва и просветлувањето на умот, а не бесрамна – самопромоција, на пример, на социјалните мрежи или општо; која секогаш со себе носи осудување и самооправдување. Оној што има малку памет, ќе се присети и ќе сфати што зборувам кога спомнувам привремена анонимност; на тој што нема – нема што да се објаснува.

Така што, не може да има истовремено и самооправдување и покајание. Каде што има самооправдување, нема покајание.

Тоа е...

Пресвета Богородице, спаси нас!

## СЕКТАШКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ЦРКВАТА

### Да застанеме смирено, да стоиме со страв

*Браќа, ве молам, во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате едно и исто, и помеѓу вас да нема делење, туку да бидете соединети во еден дух и во една мисла.*

*Оти од домашните на Хлој чув за вас, браќа мои, дека помеѓу вас имало карање.*

*А ова ви го велам, затоа што еден од вас вели: „Јас сум Павлов“, друг: „А јас сум Аполосов“, трет: „Јас сум на Кифа“, а друг: „Јас, пак, Христов“.*

*Па зарем Христос се раздели? Дали Павле беше распнат за вас? Или, пак, во името Павлово се крстивте?* (1 Кор. 1, 10–13).

Ајде накратко и јасно за секташкото однесување во Црквата.

Духовното чедо не смее со духовниот отец или исповедникот, од кој и да било свештенички ранг, да гради посебен однос, одвоено и наспроти односот со Епископот на локалната Црква. Тоа е душевност и секташки однос што одвојува од благодатта Божја.

Духовниот отец или исповедник, од кој и да било ранг, не смее со духовното чедо да гради посебен однос, одвоено и наспроти односот со Епископот на локалната Црква. Тоа е душевност и секташки однос што одвојува од благодатта Божја.

Епископот на локалната Црква, исто така, не ги привлекува и не ги насочува духовните чеда кон себе, туку ги насочува кон Господ Христос и Му ги принесува Нему. Спротивното однесување од претходно опишаното е душевност и секташко дејствување, засновано на суета и гордост, кое одвојува од благодатта Божја. Од друга страна, Епископот не смее да одредува кој кај кого ќе се исповеда и со кого духовно ќе се советува. Антиномично, ама вистинито.

Секој Епископ на локалната Црква треба да има смирен, своевиден однос на послушание кон првиот по Чест на помесната црква; а сите Епископи заедно треба да имаат смирение и своевидно послушание кон соборните одлуки на Светиот Синод на помесната црква. Спротивното однесување е секташко дејствување.

Сите помесни цркви (Епископи) треба да имаат соодветен однос на почит кон Првиот по Чест на Православната Црква, односно кон Вселенскиот Патријарх. Тоа првенство по чест не е без духовни права и обврски – и од двете страни. Односот без почит кон Првиот по чест е секташко дејствување.

Паралелните односи во црковната заедница се, исто така, секташки односи. Со некои луѓе, со кои секојдневно сме заедно, градиме душевен, сенти-

ментален однос, а со други – хиерархиски поставени над нас од Епископот, градиме службен (најчесто заснован на страв или одбивност – исто така, душевен однос). И двата вида односи не се исправни. Сите ние сме повикани со сите наши ближни, преку себепреобразување, да градиме духовен, љубовен и личносен однос.

Јас сум свесен дека секој однос на почетокот е душевен и телесен – барем во едната насока, но исто така, тие односи мора постепено да се преобразуваат, преку аскетско-исихастичкиот и светотаинскиот живот на Црквата, сè до своето потполно совршенство, според единството и заедницата на Отецот и Синот и Светиот Дух: *за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно* (Јован 17, 21).

Гарант за правилно и вистинско градење на личносните односи во Црквата е правилниот личносен однос кон својот Епископ, т.е. Епископот на локалната Црква. Затоа што, Црквата воопшто не е старецоцентрична, ниту игуменоцентрична, ниту презвитероцентрична, ниту духовникоцентрична, ниту исповедникоцентрична, туку е Епископоцентрична, т.е Христоцентрична.

Богочовекот Исус Христос е единствената Глава на Црквата. Епископот на локалната Црква е икона Христова, седи на место Христово и претставува обличје Негово. Тој не е Самиот Христос, туку е икона Христова; а почитта кон иконата се пренесува на оригиналот. Послушноста се подразбира –

потврдена е и од Самиот Христос во Светото Евангелие: *Кој ве слуша вас* [значи Апостолите или, денес, Епископите], *Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној Кој Ме пратил* (Лука 10, 16).

Од вака воспоставениот цврст однос може и да се отстапи. Да ве потсетам: само заедничкиот принос на дарови и заедничкото причестување со друговерни, како и очигледното намерно отстапување од догмите на православната вера, е оправдана причина за бунт против вака воспоставениот поредок на односи кон епископот и тие што го следат – и без просветленост. Значи, не патријарх или архиепископ, туку и ангел од небото ако падне во ерес – не го следиме! Ги спомнав исклучиво овие два случаја, затоа што за толкување на канонитe на Црквата, сепак, е потребна барем просветленост на умот. Така што, и ве поттикнувам да внимавате првите две работи да не се случат, а за третата – спроведување на светите канони во пракса, има кој да внимава – Светиот Дух и соборот на Епископите.

Од својот епископ отстапуваме, освен за ерес, и во случај правосилно да биде осуден од црковен суд надлежен за него и за други дела предвидени од светите канони на Црквата; што, исто така, не значи дека не треба да сострадуваме и да се молиме за него. Секој може да згреши.

Затоа, не се исклучувајте од несоздадената благодат Божја со погрешен однос кон Епископот

на локалната Црква, односно градејќи погрешни односи со кого било друг, на штета на односот со Епископот на локалната Црква, сѐ додека е тој официјално ваш надлежен, правоверен Епископ.

Погрешните односи – со кого било друг, а на суштинска штета на односот со Епископот на локалната Црква, можат трагично да завршат. Имате доволно примери и кај нас; и доволно сте паметни и сами да ги препознаете, согласно описот што ви го дадов.

Ништо од ова што го напишав немаше да биде потребно ако секој Епископ имаше внатрешно духовно покритие за чинот со којшто е украсен. Но, за својата работа секој Епископ ќе си одговара пред Бог, додека пак, вие ќе одговарате пред Бог за вашиот однос кон својот Епископ. Јасно е, полесно се следи Епископ со духовен авторитет, отколку некој што живее немарно.

Наша задача е само да го зачуваме нашето единство во Христос, во Црквата, а сѐ друго однапред ни е дадено со Христовата победа над ѓаволот, смртта и злото, и сѐ друго ќе ни се додаде и оствари, и на личен, и на црковен, и на државен план. Верен е Бог, не е неверен. Почитувањето на хиерархиската поставеност на Црквата е многу важно во моментите на колебање на заедницата. Товарот на одржувањето на единството ќе падне на сите, но најмногу на духовните (силните).

Зборот ми е, не ширете паника непотребно, со нагаѓања што ќе се случи. Немојте да поттикнувате раздор во црковната заедница. Затоа што,

ништо од тоа што нагаѓате нема да се случи. Нашата црковна состојба е неспоредлива со чија било друга, за оттаму да извлекувате заклучоци. Лажните информации и неосновани тврдења се како вирус. Кај здравото ткиво на црковниот организам, преку нив, само се создава имунитет – што е добро. Но, номиналните христијани се доразболуваат до сеедност за сè, што е многу лошо; а тие се многу повеќе. А да не зборуваме за некаква мисија, што ни е основна задача. Просто, не личиме на ништо сериозно.

Времињата се сложени. Ни се случува специјална војна. Се изнесуваат многу лажни и збунувачки информации. Да застанеме смирено, да стоиме со страв[1], околу својот Епископ. Да стоиме со љубов околу нашата света Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, односно Јустинијана Прима. И да си ги чуваме душите. Тоа...

Пресвета Богородице, спаси нас!

---

[1] Види: Архимандрит д-р Јустин Поповић, *Житија светих за новембар*, „8 новембар: Сабор Светог архистратига Михаила арханђела и осталих Бестелесних Сила Небеских“, Манастир Св. Ћелије код Ваљева, Београд, 1998, стр. 136; *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

# КУЌА БЕЗ ТЕМЕЛИ

*Изошто ми велите: „Господи, Господи!“, а не го извршувате она што ви го кажувам? Секој што иде при Мене и ги слуша зборовите Мои, и ги исполнува, ќе ви кажам на кого прилега. Тој прилега на човек кој прави куќа, па ископа и продлабочи, и постави темели на камен; а кога настана наводнение, реката напна на таа куќа и не можеше да ја помести, оти беше основана на камен. А оној што слуша и не исполнува, прилега на човек што направил куќа на земја, без темели; и кога напна реката, веднаш ја урна, и паѓањето на таа куќа беше големо* (Лука 6, 46–49).

*Оној што слуша и не исполнува* е оној што нема опит од духовната борба. Опитот во духовната борба ни овозможува и себепознание и познавање на демонските лукавства и замки. Опитот од духовната борба во Црквата нè прави причесници на соборниот опит на сите Светии; затоа демонот, иако многу постар и поопитен од нас, не ни може ништо.

Опитот од духовната борба не се стекнува со световно знаење. Духовниот опит и знаење се стекнуваат со восогласување на нашиот живот со сте-

пенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата.

Накратко речено, духовниот опит се стекнува во духовната борба во која учествуваме, само откако сме го ставиле умот во процес на исцеление, духовно раководени од духовен отец, во Црквата. Восогласувањето на почетокот не е ништо друго туку послушание.

Значи, со световно знаење и опит може да се основа дом, бизнис, политичка кариера, да се стекне човечка слава, но без духовен опит, и при првиот налет на посериозни искушенија, сето тоа е во голема опасност да се распадне.

Посебно *оној што слуша и не исполнува*, а изградил куќа – под што се подразбира успех во која било област, при првиот демонски напад, сѐ му паѓа, оти нема опит од духовната борба, нема скен за духовните случувања, нема предвидување за движењето на нештата, просто – не е пророк, а можел да биде.

Така е кога човек има световно знаење, но нема духовно знаење. Тој може да има знаење и вештини од разни области како бизнис, економија, политика, што јас знам, градежништво, земјоделие, иконопис, информатика итн., но тоа знаење не е укомпонирано со духовното знаење, и затоа не спасува од пад, затоа што е само парцијално знаење. Трудете се да стекнете и духовен опит и знаење.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# СЕКТАШКИ ДУХ

Луѓето се различни и таа различност е една од убавините на животот. Дури и многу повеќе – без различноста не би постоел ни живот. Но, таа различност може да биде и проклетство.

Различноста е атмосфера без која би било невозможно да растеме и да се восовршуваме во љубовта. Но, различноста може да биде и причина за раздор, непријателство и човекоубиство.

Како што Светиот Дух Господ се радува на слободното и љубовно единство на различните, така паднатиот ангел се сити со расколот и непријателството поради разликите.

Токму дејството на паднатите ангели, коешто го препознаваме како секташки дух, е тема на денешната лекција.

Главна карактеристика на секташкиот дух е да ги потенцира разликите до крајност и да го оневозможи нивното хармонично вкомпонирање во сведоштво на љубовта. Главна карактеристика на Светиот Дух Господ е токму спротивното – ги открива различните таленти и прецизно ги вклопува кон совршено функционирање на црковниот организам, кон заедничко растење, а истовремено го оневозможува дејствувањето на секташкиот дух.

И уште нешто. Секташкиот дух не го познава и признава покајанието. Тој дух во луѓето бара зло, вистинско или привидно, и на тоа се задржува. Се фаќа за еден збор, наместо за илјадници запишани; се фаќа за една слика (на пример, со витези на виното и ги претставува како масони), наместо за безброј други; се фаќа за една случка, наместо за цел живот; се фаќа за дел што му изгледа погоден и од него обликува целина што му одговара за да ги оцрни тие што ги смета за непријатели.

Секташкиот дух е клеветнички. Осудувањето е одраз на внатрешниот духовен расцеп (шизофренија), и затоа е само проекција: тоа што си ти, го гледаш и кај другиот. Оттаму називот, на пример: „Слово против сектите“. Божем против сектите, а тоа партиски војници пишуваат против Македонската Православна Црква.

Основа на секташкиот дух е паднатата природа на човекот. Дуализмот меѓу умот и разумот, односно расцепот меѓу примарната и секундарната функција на умот, се одразува како расцеп и невосогласеност меѓу умот – како словесна сила на душата, и волјата и желбата – како бесловесни сили на душата; така што умот не управува со волјата и желбите. Овој расцеп и невосогласеност се пројавуваат како неконтролираност и збрка на чувствата. Конфузноста на чувствата се пројавува, пак, како недостаток на контрола врз зборовите и делата. И обратно...

Сето погореопишано со еден збор би го дефинирал како збркано или темно и тесно срце.

Затоа што, духовното срце е центарот на словесната и бесловесните сили, на сите чувства, извор на мисловното и говорното слово, и на сите човекови дела. Ако тоа е збркано, сѐ ќе биде темно и тесно.

Зошто е темно и тесно? Затоа што, откако човекот влегол во Црква, не успеал да го восогласи начинот на својот живот со нивото на душевноста со која влегол – кон духовен развој, како и со местото и улогата што ги имал во Црквата. Тоа е причината за развојот на секташкиот дух. Со други зборови, луѓе непросветлени, без дарот на умно-срдечната молитва, се занимаваат со многу комплицирани теми.

Заборааат дека ниту местото што го имаат во Црквата тоа им го дозволува; ниту претходниот порочен живот (наркоманство, алкохолизам, криминал и сл.), со последиците што сигурно ги имаат од него, тоа им го дозволува; ниту сегашниот начин на живот (блуд, вонбрачна заедница, долга непричестеност со Крвта и Телото Христови) тоа им го дозволува. Би рекол дека, ниту и отселувањето од родниот крај и несвесното предавство на мајката Македонија тоа им го дозволува. И најобичниот Македонец што живее и остава потомство овде е многу побитен и од најголемиот патриот што се отселил и чие потомство веќе не знае што е, и кое не го ни говори македонскиот јазик.

А што е мотив за манифестација на секташкиот дух? Секташкиот дух се буди кога гледа дека нешто добро се случува во Црквата. Секташкиот

дух тоа не може да го поднесе и се обидува, сиротиот, со сите сили да го спречи.

А против кого е најмногу насочен секташкиот дух? Ова е најинтересниот дел. Нормално е дека секташкиот дух ќе биде најмногу насочен против носителите на Светиот Дух, против миротворците, против оние што макотрпно се борат и што изнаоѓаат решенија за црковните проблеми, против оние што го градат единството на Црквата, против оние што ги спречуваат расколите во Црквата...

Но, има и уште поинтересен дел. Секташкиот дух е насочен најчесто против оние што лично им помогнале во животот или барем се обиделе да им помогнат; кои им го посветиле своето време, своите ресурси, своите финансии, кои ги советувале, кои духовно ги растеле, некои од нив и ги замонашиле, па дури и ракоположиле; на некои дури и брачниот другар му го нашле, па и за децата што им се родиле (да им се здрави и живи), на некој начин, ним им се должни. Но, фала Богу за сè! Неблагодарноста е исклучиво секташки дух.

И уште нешто е интересно – зошто секташкиот дух е насочен токму против своите добротвори. Затоа што неговите носители знаат дека никогаш нема со зло да им биде вратено, иако се лесно достапни и таму каде што биле и таму каде што се. Нема да ги натераат своите добротвори со зло да им вратат и кога повторно на врата ќе им чукнат, како што си е редот...

Затоа, ве молам, за ваше добро, не бидете тесни во срцата! Особено што во Царството на мојот Отец Небесен има многу места за живеење,

место за сите[1], а вие не сте тие кои одлучуваат кој ќе биде примен таму. Волјата на мојот Отец Небесен е да ви го даде Царството на Светиот Дух на сите[2].

Не бидете тесни во срцата![3] Ако некој е верен – прими го, ако е некој неверен, и за него најди место. Ако луѓето партиски се делат, ти не ги дели во своето срце. Ако се поделиле Константинопол и Москва, не значи дека и Светиот Дух се поделил, не значи дека и ти треба да учествуваш во поделбата. Ако се раководиш по стар календар – не го менувај, ако некој го сменил – не го отфрлај. Ако некој сака да носи маска во црква – нека носи, ако некој верува дека не треба да носи – нека не носи, пригрли ги сите; и слично. Остави ги луѓето слободно да се определат, да размислуваат, да се изразуваат, ти си должен единствено да ги љубиш. Само за едно грижи се – да не отстапиш од православната вера и Црква – ни со збор, ни на дело, и со тоа да не Ги ожалостиш Бог и нашата Царица Небесна – Богородица.

Пресвета Богородице, спаси нас!

P.S. Ако во ова време си противник на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, тогаш или си душевно болен или си платен. Нема друго.

---

[1] Види: Јован 14, 2.
[2] Види: Лука 12, 32.
[3] Види: 2 Кор. 6, 12–13.

P.P.S. Морам да ви признаам дека, мене лично, за разлика од предавниците, зилотите ми се допаѓаат. Сметам дека нивното постоење е многу важно во секоја Црква. Но, зилотизмот треба и да е здрав; треба да се критикува тоа што заслужува критика, а не безрасудно; затоа што безрасудната критика носи со себе забуна, страв, очајание и темнина, а сето тоа им користи само на непријателите кои сакаат да нè поделат. Со еден збор, здравиот зилотизам треба да дејствува однатре во Црквата и со оправдана критика, за да има резултат.

# ЗА ОНИЕ ШТО СЕ МИСЛАТ БЕЗГРЕШНИ, ПРЕЧИСТИ И СИГУРНО СПАСЕНИ, ПА СЕГА ЌЕ ЈА СПАСУВААТ И ЦРКВАТА

Секогаш се чудам кога ќе видам дека луѓето, кои себеси се нарекуваат христијани, не ја сфаќаат основната христијанска вистина – најубаво кажана од преподобниот отец наш Јустин Ќелиски, парафразирам: Секој од нас живее во сите и преку сите, и сите живеат во секого и преку секого; и секој поради секого[1]; не ја сфаќаат соборната, благодатна поврзаност во Црквата, што е Христос продолжен низ сите векови[2]. Едноставно, во нив не е препознатливо дејството на Светиот Дух.

Исто така, не помалку се чудам кога ќе видам дека денешните христијани го имаат изгубено чувството за целиот Адам, за човештвото како еден Човек, како еден организам, како една природа, и за таа заемна поврзаност која и без Црквата постои, а камоли во Христос. Затоа и Отците на Црквата говорат за плачот за целиот Адам.

---

[1] Види: Архимандрит Јустин Поповић, *Православна Црква и екуменизам*, Манастир Хиландар, Света Гора Атонска, 1995, стр. 32–33.
[2] Види: Архим. Др Јустин Поповић, *Свeтосавље као философија живоƚа*, Манастир Ћелије, Ваљево, 1993, стр. 80.

И што зборувам – чувство за целиот Адам? Свети Јустин Ќелиски вели дека првиот човек, Адам, кога се освестил, кога погледнал сѐ околу себе, сето тоа што го видел на небото и на земјата, сето тоа го доживувал како дел од себе[3]. Значи, сето создание Адам го чувствувал и доживувал како дел од себе; и тоа било така. Ама, така е само кога е човек исполнет со благодатта на Светиот Дух, на понапреден стадиум од просветлувањето, во природниот начин на постоење.

Денешниот модерен човек, без оглед дали е активен или пасивен социопат, го има изгубено чувството за другиот човек, дури и за најближниот. Пасивниот социопат не повредува директно никого, но и не му помага на својот ближен во неговото страдање, дури по малку и како да се радува кога ќе чуе дека тој страда.

Дури и некои „христијани“, поради својата внатрешна душевна расцепеност (која не им дозволува да ја видат целата слика, туку мал искривен дел од неа – од кој си прават целина што им одговара), се однесуваат како отцепени, не само од човештвото – како целина, туку, за жал, и од самата Црква. И таа своја отцепеност, перспективата што произлегува од неа, се обидуваат да ни ја наметнат и како теолошки критериум; согласно кој, да не должам, само тие да ти биле чисти,

---

[3] Види: Преподобни отац Јустин, *Пут Богопознања (Сабрана дела, књига 8)*, „Проблем личности и познања по учењу Светог Макарија Египатског“, Наследници оца Јустина и Манастир Ћелије код Ваљева, Београд, 1999, стр. 48.

безгрешни, правоверни и спасени. Ајде да видиме дали е така...

Што тие луѓе не сфаќаат во својата отцепеност, што им бега од перцепцијата, каде промашуваат? Не сфаќаат дека ако не се активни учесници во злото од овој свет, тогаш секако се пасивни – ако воопшто може пред Бог да има вакква поделба. Еве им јасен пример на „пасивно“ учество во злото: сите тие купуваат гориво за автомобилите, т.е. плаќаат користење на некаков превоз на истото и, во својата самодоволност, сосема заборавaат дека тие со свои пари ги плаќаат сите минати, сите сегашни и сите идни војни за тоа гориво, како и сите убиства во тие војни.

Ова се однесува буквално за сето тоа што го плаќаш и купуваш, човеку! Затоа што, за сето тоа што го плаќаш и купуваш треба некој превоз, има некаква борба со конкуренцијата за монопол, во таа борба се користат многу валкани средства – поткуп, криминал, злоупотреба на политичка власт и сл., во таа борба има многу лични и семејни трагедии; да не зборуваме за злоупотребата и неплаќањето на работната сила и многу друго... И сето тоа ти го плаќаш, дури и однапред.

Сега да те прашам, каде ти е чистотата, о „чисти“!? Каде ти е безгрешноста, о „безгрешен“!? Каде ти е правоверноста, о „правоверен“!? Каде ти е сега спасението, о „спасен“!? Нели ти беше неизвалкан? Нели ти немаше ништо страшно згрешено? Нели ти беше дотолку правоверен што поради, на пример, само еден календар им одредуваше пекол на едноверните браќа, а да не зборуу-

ваме за неправославните, за друговерните, за идолопоклониците или за атеистите? Нели само ти беше спасен, а сите други осудени? А види што испадна, ти да си бил обичен убиец, и тоа не само на човечките тела, туку тоа им го посакуваш и на нивните души – прав демон!

За некој да се смета себеси за чист од гревот во овој свет би требало сосема да нема врска со овој свет и да живее надвор од него, надвор од целиот воспоставен општествено-економски систем, а не уште и вмрежен на социјалните мрежи. Затоа, смири се, намали го своето болно доживување. Да се претставуваш како христијанин – бранител на верата, а да немаш чувство дека активно учествуваш во гревот на овој свет, е голема прелест, да не речам висок степен на демоноопседнатост!

И не е само тоа проблемот. Ние, христијаните, од чувството, од доживувањето на соборноста, на единството со сите луѓе, требаше да знаеме, ако ништо друго, дека учествуваме и во вината на гревовите на нашите ближни; ако не од аспект на пасивната соборност, тогаш секако, од аспект на активната соборност. То ест, ако ние бевме личен пример за вера, за љубов, за молитва, за подвиг, за добри дела, сигурно многу помалку зло ќе имаше во светот отколку сега. Ама, не сме. Овој наш грев требаше да го освестиме и за него да се покаеме.

Значи, ем живееме во овој свет и автоматски учествуваме во неговото зло, ем не сме некаков посебен пример на вера, на љубов, на молитва, на подвиг, на добри дела, со еден збор – на светост.

Ние сме христијани, ама од оние – за греота. Затоа, основна наша карактеристика требаше да биде смиреноста, а не – запалената крв.

Пак ќе те прашам, уште ли се гледаш како чист!? Уште ли се гледаш како безгрешен!? Уште ли се гледаш како правоверен!? Уште ли се гледаш како спасен!? Гледаш, сега, ако си нормален, дека нема ништо од тоа? Освен милоста Божја и милоста на Пресвета Богородица, кои нè прават и чисти, и безгрешни, и правоверни, и спасени, иако самите по себе не сме. А Нивната милост, на дар, ја добиваме внатре во Црквата – по која ти плукаш, каде што се причестуваме со пречистите Тело и Крвта Христови. Гледаш? Не ти ја спасуваш Црквата, туку Црквата те спасува тебе.

Затоа, покажи барем малку повеќе благодарност и почит кон Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, како и кон какви-таквите Епископи и свештенство што ги имаш – оти лесно можеше и да не ги имаш.

Да видев дека ти сфаќаш од каде произлегува твојот грев, т.е. ако сфаќаше дека гревот ти произлегува од современата општочовечка поврзаност и системска вмреженост, како и од соборната одговорност, ќе ти поверував и дека ја браниш чистотата на верата. Ама ти, иако обичен убиец, гледам негуваш голема идеја за себе, и се фаќаш за небитни, претпоставени или непостоечки проблеми, и правејќи потреси во Црквата, сакаш и човечки души да збркуваш и убиваш; така што, прости, ама не можам да ти верувам.

Токму затоа не си ти никаков ревнител, туку школски пример за религиозен социопат со запалена крв. Посебен доказ за тоа е запрепастувачката и неоснована самоувереност со која настапуваш, како и недоверливиот и навредлив однос што го демонстрираш кон своите Епископи. Тоа му се случува на секој оној кој неисцелен, односно без просветленост на умот – со дарот на умносрдечната молитва, без должност која произлегува од неговата позиција во Црквата, без вистински проблем на терен (на пример, не постои тема во нашата Црква за промена на календар) и без точни информации, се самоповикува да ја брани православната вера.

Светиот Дух е, пред сѐ, Дух на единство, на соборност, на сострадалност, на љубов, на смиреност, а не на болна подвоеност и елитизам (на пример, само тој и тие како него ќе се спаселе, а сите што прифатиле нов календар ќе одат во пекол). Ако веќе гледам дека нема Дух на соборност и на сострадалност во тебе, тогаш знам дека ја немаш ни несоздадената благодат Негова. А каде што нема Божја благодат, таму нема ни вистина, ни просветленост, ни православна теологија, ништо. Ама, затоа има душевна болест и демони. Тоа е...

А зошто јас пишувам? Јас сум надвор од светот и безгрешен? Не! Должен сум, инаку – нема зошто. Должност ми е, како Епископ, да се грижам за единството на нашата помесна Црква, односно за Македонската Православна Црква – Охридска Ар-

хиепископија – тоа што ти, свесно и платено или несвесно, сакаш да го срушиш. Должен сум да се грижам за чистотата на православната вера, како и за духовниот живот и канонскиот поредок во Епархијата со која раководам. Сигурно сум можел повеќе и подобро да направам, ама пак, секако е, по Божја милост, повеќе и подобро од пред да дојдам на ова место. Но, тоа Господ ќе цени; ни јас, ни ти.

Но, ако забележиш некаква грешка во учењето на верата, слободно опомени ме и ќе се исправам. Или, ако има некој човек кој може да ми посочи дека некакво зло лично сум му направил за овие 25 години, или ми побарал помош и не сум му помогнал, а сум можел, нека ми напише јавно, ќе му се извинам. Ако видиш дека нема, објасни си – ако можеш, на самиот себе, што зло тебе лично сум ти направил и зошто ти ме напаѓаш. Оти нели, ако на Црквата сум ѝ направил зло, таа сигурно ќе ме осудела; ако на државата сум ѝ направил зло, и таа сигурно ќе ме осудела; тоа е барем неизбежно... Ако не – една власт, тогаш – некоја друга...

Ако нешто ми завидуваш, тука не можам да ти помогнам – таков сум, не можам, а да не работам[4]. Ако ти смета тоа што пишувам за умно-срдечната молитва, а ти не се разбираш во тоа, па пишуваш за календари и други зилотски работи, те разбирам, тоа е полесно. Ако мислиш дека мојот христијански идентитет му смета на твојот политички или

[4] Види: Јован 5, 19–20.

национален, или не знам каков твој друг демонски идентитет, тука никој не може да ти помогне, освен самиот ти, ако се покаеш и ако Му го отстапиш на Христос централното место во твоето срце, за твое добро... јас од Христос не се одрекувам!

Свесен сум дека на многу луѓе им сметам, но и дека многу луѓе ме сакаат. Но, луѓето се променливи, а и не сум поставен – на луѓето да им угодам, туку на Бог.

Единствено сигурно знам дека му сметам на ѓаволот и знам зошто му сметам. Само на оваа позиција никогаш нема никаква промена. Е, сега, гледај и ти ептен да не станеш негов инструмент; исто така, нека внимаваат и тие што те поддржуваат и ти одобруваат. Да ве предупредам дека секако ќе настрадате – можам; да ве спасам од страдањата – тешко... Предолго сум во оваа војна со демоните, за да не знам како завршува таа; односно како завршуваат тие што им служат на демоните, како и нивното потомство.

Пресвета Богородице, спаси нас!

P.S. Ако некој т.н. патриот го чита ова – посебно од оние што сосе семејството ја напуштиле Македонија, а постојано ни солат памет што сме требале да правиме, само да го потсетам дека сите видови војни, минати, сегашни и идни, главно се водат за ресурси и патни правци. Тие ресурси моментално се енергетските извори, но и слободниот проток на таа енергија. Тоа е единствената и главна причина за сите досегашни и идни

војни, во кои малите и слабите не се прашуваат ништо, а преку националните чувства биваат злоупотребени; сè друго се митови, приказни, лични, семејни и народни трагедии. Нема повеќе од ова да објаснувам. Кој има уши да слуша, нека чуе[5].

[5] Види: Матеј 13, 9.

## СО КОГО МОЖЕ ДА СЕ РАЗГОВАРА И ЗА ШТО

Видете што интересно размислување ми кажа еден човек; ќе се обидам што поточно да го парафразирам:

Постојат некои непишани правила, со кого и за што може да се разговара. Не можам да ти објаснувам сега опширно, но зборот е сила со која треба многу внимателно да се располага. Со зборот можеш да убиеш и исцелиш; и себеси и друг.

Ќе ти откријам некои од моите правила.

Генерално, одбегнувам да разговарам за проблеми и прашања од некоја стручна област, кои лично ме засегаат, со луѓе кои не се стручњаци од конкретната стручна област. Тука нема што да научам.

Генерално, одбегнувам да разговарам за политика, тука секогаш повеќе има интерес отколку специфична стручност; освен ако е нешто битно за Црквата или за тој што слуша. Релевантна политика се случува и се разговара на друго ниво и ретко со кого.

Бизнисот е специфично искуство кое не го познавам и во кое, не знам зошто, не сум се испробал. Но, би разговарал и на таа тема, ама

само со луѓе кои се успешни во бизнисот и ако од тоа има општа корист.

За спортот што го знам и ме интересира, за здравата исхрана, за природните лекарства, за живот во природа, сакам да разговарам, ама со луѓе што се разбираат. Овој вид разговори можеби се и најинтересни, лично – за мене. Многу сме оддалечени од природата, а тоа ни ја одзема слободата.

За патриотски работи, ако треба, може да разговарам, ама само со луѓе кои имаат три деца или повеќе. Со партиски определени и со традиционални христијани не би разговарал за патриотски прашања; а комбинацијата, пак, од нив, е најлоша за разговор. Не би разговарал, на таа тема, ни со луѓе кои не делат со мене исти геополитички и економски услови за живот; би сменил некој збор само од учтивост.

За патриотски работи не би разговарал со луѓе кои формално се декларираат за христијани, од проста причина што на својот национален идентитет му даваат суштинска предност во однос на својот христијански идентитет. Јасно ми е дека тој што го маргинализира својот христијански идентитет, ја губи Божјата благодат, а со тоа многу го оштетува и својот национален идентитет. Самите најчесто не се свесни за тоа, но многу лесно се препознатливи. Таквите посебно ме демотивираат за разговор. Ние сме два различни света. Значи, за таков вид разговор со мене би требало да се вистински христијани, да делиме иста „судбина“, да го исполнат и условот од три деца – па нагоре, како и да не се партиски определени.

За некој, со мене, сериозно да разговора за црковни работи, исто така, треба многу услови да исполни: христијанскиот идентитет да му е на прво место, да е венчан во црква и да има од три деца па нагоре, или да е монах, да е свештеник или да е член на Светиот Синод; и, секако, да е лојален на МПЦ – ОА. Исто така, може да е член и на друг Синод, што е релевантен за решавање на нашето црковно прашање. Сѐ и секому, никогаш не се кажува; посебно не предвреме, а на крајот, и така сѐ ќе се знае – затоа што мора и да се аминува. За оние што се умни, доволно информации и јавно се изнесуваат, затоа и си се мирни.

Некои мислат дека, за црковните работи, знаат повеќе и од Епископите; арно, нека мислат; мислењето не е забрането. Има и такви кои јавно, и верувам – со добра намера, ги предупредуваат или, тргнувајќи од одредени погрешни претпоставки, полемизираат со Епископите; и тоа може. Сѐ е слободно, иако не е сѐ од душевна полза. Можни се и други варијанти на темата. Но, сето тоа е нивен проблем; мене ме интересира само едно: дали некој исполнува услови за разговор со мене или не. Ако – не, ништо...

Тоа што е очигледно, за секој нормален, е дека, во овој период, против Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија се води специјална војна чијашто цел е растурање на нејзиното единство. Препознатливи се експонентите на таа војна, како и оние кои со своето однесување, несвесно, ја помагаат таа војна. Таквите се игнори-

раат без збор. Тоа е војна однапред осудена на неуспех, но добра е за тренинг на сите нас. Проверка на зрелост пред формалната автокефалност.

Со оние што јавно ме напаѓаат по медиумите, клеветат и обвинуваат, исто така, не разговарам, не се правдам, не се објаснувам, не демантирам – ниту некој од моите. Колку им допуштил Господ, толку нека зборуваат; Му благодарам на Бог. Ние имаме знајни и незнајни гревови; така Господ нè чисти од незнајните гревови.

За духовни работи, ако видам дека е соговорникот отворен да слуша, може да разговарам. Но, само ако самиот се отвори и самиот почне да прашува – јас такви разговори, лично, не започнувам; и ако прашува согласно своето ниво и од желба за развој, а не од радозналост. Значи, за духовни разговори отворен сум за секој кој нема со кого за тоа да разговара; барем колку за вовед.

Е, сега, има и исклучоци од правилата. Луѓе сме. Некој ти е, просто, драг и сакаш да си поразговараш со него, па не е важно што тема ќе биде. Ама е исклучок. Вообичаено, од зафатеност, стигнувам да разговарам само со луѓе кои ме бараат.

Мислам дека се многу јасни и дека не треба да ги објаснувам моите правила. Всушност, мој живот, мои правила, мое време. Ако некому му одговара – арно. Но, моето неприфаќање на разговор секогаш е поврзано со молитва за оној кој пројавил интерес за разговор, за да не се почувствува повреден. Нормално, сè треба да се одвива со благ збор и смирено.

Времето поминува, тоа што останува станува сè поскапоцено, не е дозволиво да се губи на секаков разговор и со секаков човек; мислам – некомпетентен или, пак, деструктивен. Некои луѓе, за чудо, посебно се расположени да дебатираат за проблеми коишто, најчесто несвесно, со својот живот и ги предизвикуваат.

Не сум ни јас на не знам ти каков духовен развој, па од секоја ситуација да можам да извлечам секого; и мене ми треба духовно растење, восовршување и молитва, како и време за тоа; и така молитвата е најкреативниот човечки акт.

Сè почесто размислувам за повлекување од овој и ваков живот, и мислам дека успешно работам на тоа. Додуша, кога би можел, веднаш би се вратил на живот во мир и анонимност. Речиси сите услови се исполнети.

Но, Господ како да чека, да си ја дозавршам работата и официјално...

Тука завршувам со прераскажувањето. Интересен некој човек.

Се надевам дека ќе ви биде од полза неговото размислување.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## ШТО Е РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ ОПСЕСИЈА, ИЛУЗИЈА, ПРЕЛЕСТ И ПОМИСЛА?

Сум пишувал и порано на оваа тема, но изгледа дека повторно има потреба. Ајде да ја проследиме демонската помисла на славољубието, на гордоста, на високото мислење за себеси, од почеток до крај; додека да стане опсесија.

Најпрво треба да се потсетиме дека има разлика помеѓу човечката мисла или ангелската или Божјата, наспроти демонската мисла, што ја нарекуваме помисла. Всушност, нас нè интересира дали мислата што во нашата умствена сфера ни доаѓа е од страна на Бог или е демонска, односно како тоа да го разликуваме?

Постои еден општ, прв начин за препознавање на мислите, дали се правилни според Бог или не, а тоа е – дали се согласни со Евангелието на нашиот Господ Исус Христос или не. Втората проверка е дали се во согласност со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, како и со местото што го имаме во Црквата. Третата проверка е дали се согласни со нашето послушание. На пример, нешто може да ни изгледа побожно, ние да имаме некаква позиција да го оствариме, но

може да не е согласно нашето послушание. Секоја мисла треба да ги помине и трите проверки.

Ова е многу важно потсетување во моменти кога некои „христијани“ си го толкуваат Евангелието како сакаат, восогласеноста на начинот на својот живот со степенот на духовниот развој – сосема ја отфрлиле, а како на такви кои духовно се самораководат – внатрешното послушание им е сосема туѓо.

А послушанието е кон Светиот Синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, односно оттаму е насоката; а се пренесува на „терен“ од Епископот на локалната Црква, преку чие слово се проверуваме дали сме, или не, во послушание. Замислете на што би личела Црквата и дали воопшто би постоела ако секој си правел што си сакал.

Демонската помисла ја препознаваме по тоа што е настојчива, се повторува и сака насилно да се пробие и наметне во нашата мисловна сфера. Ни носи немир и темнина, кои зависат од постепеното, или од конечното, повлекување на Божјата благодат. И ни носи, тоа што Светите отци на Црквата го нарекуваат, запалена крв, возбуда – посебно ако ја прифатиме. Демонската помисла нè вади од послушание кон Црквата.

За разлика од демонските, мислите што ни доаѓаат од Божјата страна се суптилни, смирени, срамежливи, не сакаат да ја нарушат нашата слобода, а ни носат, главно, смиреност, покајание и плач. Мислите што доаѓаат од Божја страна нè

учат на послушание, кон Црквата, кон Богородица и кон Бог. Тоа не се мисли што нѐ затупуваат, да не разликуваме добро од зло, туку мисли кои нѐ учат како да ги покриеме несуштинските грешки на ближните и да го сочуваме мирот во Црквата.

Прелеста се појавува и нѐ опфаќа во оној момент кога ќе се согласиме со демонската помисла и ќе ја прифатиме во нашето срце, а кога благодатта ќе отстапи од нас. Надвор од благодатта Божја сѐ е прелест. Значи, клучен е моментот на прифаќање на помислата, зашто тогаш прелеста добива доминантна и одлучувачка сила над нашето срце како духовен центар, а благодатта Божја се повлекува.

Основа на прелеста се неочистените страсти од срцето (славољубие, среброљубие, сластољубие), а посебно славољубието. Славољубието или гордоста, или суетата, или високото мислење за самите себе, тоа е таа страст-прелест која, за разлика од другите две, доволно се чисти од нашето срце дури откако ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва и просветленоста на умот. Сѐ дотогаш, ние сме нејзини заробеници.

Сите се наоѓаме во прелест – кој помалку, кој повеќе. Најголем проблем кај прелеста е тоа што таа нѐ одделува од Божјата благодат и реалност, и ѝ го отвора патот на илузијата. Што е разликата помеѓу прелеста и илузијата?

Ако прелеста е нешто како неостварена илузија, како илузија во можност, како пасивна илузија, како лага која со умот и срцето сме ја прифатиле, но која немала услови да се оствари и

притаено чека, тогаш илузијата е прелест која добила можност и започнува да се остварува – прелест која стапува во акција. Тенка е линијата помеѓу прелеста и илузијата.

Илузијата не ни ги залажува само умот и разумот како прелеста, туку и самите чувства и целото тело. Делува како опиеност. Што е најлошо, поради илузијата ја губиме и силата да му се спротивставиме на гревот и правиме нешто што никогаш не сме имале намера да го направиме, односно, потоа, откако ќе помине нејзиното активно дејство, многу се чудиме како сме можеле таков грев да направиме.

Илузијата нè тера на акција; посебно кога имаме реална можност за истата. Илузијата, а посебно од областа на славољубието – што е наша тема денес, си бара и потврда, бара да е прифатена; бара да дојде до израз, бара влијателност. Додека среброљубието и сластољубието, кај оние што имитираат духовен живот, сакаат да останат скриени, илузијата на славољубието има потреба да се распространи, да го шири своето влијание, да стане општоприфатена, и затоа од својот носител сака да направи медиум (преносник), сака што повеќе да го прослави. Високоумието е почеток на најопасната демоноопседнатост.

Кога се отвори можноста за прелеста на високоумието, гордоста и суетата лесно да се претвори во илузија, а истовремено нејзиниот носител во демонски медиум? Со појавата на социјалните мрежи славољубието го доби својот клучен инструмент за појава во димензии на илузија

и опсесија. И самите сте сведоци на реалноста: порано, само домашните и најмногу комшиите знаеја дека некој дома има религиозно растроена личност, а сега може да знае целиот свет.

Освен што е многу лесно забележлива – од страна гледајќи, илузијата на славољубието не е можно, а да не се „самодијагностицира“, посебно во моментите кога ја откриваат и ја разобличуваат. Се чита, се препознава и бурно реагира, повредена. Самата се открива и се објавува. Сме го забележале тоа многупати.

И, што е најлошо, религиозниот социопат – демонскиот медиум, има постојана потреба да е во судир, во конфликт со нешто големо (Црква – Свет Синод) или со некој кој е голем и познат (Епископ), за самиот да се зголеми и да стане познат. И, има постојана потреба големиот и познатиот да го оцрни за себеси да се обели, односно прослави. Но, таквиот ништо битно не може да направи – едноставно, социјалните мрежи засега се сѐ уште виртуелен свет, а може само да се доразболи – и себеси и малкумината што го поддржуваат. Јасно ви е сега што се случува на македонската религиозна Фејсбук сцена?

Многупати повторената илузија станува опсесија, то ест демоноопседнатост. Секогаш кога субјектот или објектот на нечија опсесија се појавува во сетилното поле на демоноопседнатиот, тој мора да се вознемири и да реагира.

А и сите вие што ја поддржувате демонската опсесија – си знаете вие како тоа се прави на социјалните мрежи, ќе настрадате. И веќе многу

страдате, знаете и самите. Не се залажувајте, поддршката на демонскиот медиум не може да остане без одговорност. Повторно ви кажувам, речиси четири децении активно духовно војувам и веќе премногу пати имам видено како завршуваат оние што ја фаќаат демонската страна и се обидуваат да го рушат единството на Црквата. Не сте вие нешто ново; вие сте само нови изгубени души.

Знам дека напразно ви кажувам, ама што знам – должен сум да ве опоменам: покајте се, додека уште имате време!

Пресвета Богородице, спаси нас!

# КАКО ОДАТ РАБОТИТЕ...

Ѓаволот, полека но сигурно, го гради апокалиптичниот свет на илузијата. За таа цел најчесто ги користи таканаречените јавни личности или разни селебрити, како медиуми, односно преносители на неговата илузија, кои станаа урнек според којшто целиот свет се сообразува. Колку поголема слава или позиција има јавната личност во овој свет и колку повеќе е оддалечена од Богочовекот Исус Христос, толку е поголема веројатноста дека демонот ќе ја искористи како свој медиум. Техничката поддршка за сето ова е овозможена од развојот на науката, посебно од областа на современите електронски, интернет телекомуникации...

Улогата на човекот – демонски медиум, е да дејствува директно на страстите (славољубие, среброљубие и сластољубие), да ги разбуди, а посебно да ја активира страста на славољубието од која луѓето се и така заробени, да ги убеди да ги задоволат своите страсти и од нивниот живот да направи уште поголема илузија. Состојбата на илузија, пак, од своја страна, уште повеќе ги буди страстите во човекот и затоа е така лесно приемчива и општоприфатена од безличните маси. Но, општество засновано само на страсти е општество

на поделби, на конфликти, на непријателства, на војни – со еден збор: општество на незадоволени страсти.

Истото се случува и во областа на јавните црковни комуникации и односи, каде што демонот сака да го прошири своето влијание. Токму затоа и религиозниот социопат – демонскиот медиум, има постојана потреба да е во јавен судир, во конфликт со нешто големо и познато (Црква – Свет Синод), или со некој кој е голем и познат (Епископ), за самиот да стане голем и познат. И, има постојана потреба големиот и познатиот да го оцрни за себеси да се прослави. Религиозниот социопат има потреба да се наметне како битен фактор на влијание во Црквата. Оттаму и појавата на разните познати и „анонимни" страни, групи и профили на социјалните мрежи кои сакаат да привлечат внимание и да предизвикаат поделби и конфликти.

Но, што точно се случува со нас кога ќе прифатиме демонска помисла на непријателство кон некого со кого лично комуницираме? Ајде малку да се вратиме на нашето лично и реално ниво на доживување на нештата. Кога за некој човек донесуваме осудувачки заклучок, само врз основа на еден негов збор, или поглед, или најмал гест, или дело, или наше внатрешно непријатно чувство кон него, или помисла, тогаш демонот успеал од еден негов неконстантен или имагинарен дел да произведе во нас константен и целовит заклучок, суд, односно слика, што е секако прелест, т.е. илузија на непријателство во однос на конкретниот човек.

Оваа илузија потоа го одредува целиот наш душевен пад и конечно го попречува нашиот премин од противприроден (религиозна невроза или растројство на личноста) во природен начин на живот.

Сето погореопишано демонскиот медиум сака да го постигне со ширење на својата илузија на злоба и преку електронските медиуми, во виртуелниот интернет простор, за човек или луѓе што воопшто не ги познаваме. Зарем не е глупавост да носиш каков било заклучок за човек што воопшто не си го ни сретнал во својот живот, а камоли лош? Гледаш ли како прифаќањето на демонската, виртуелно создадена илузија те заглупува и те држи во противприроден начин на живот?

Носењето на негативен заклучок многу лесно се надоврзува на трите посебно опасни илузии што ги имаат прифатено „христијаните", во текот на својата историја, кои ги одделуваат од Вистината Христос, од Црквата, од христијанскиот идентитет: поистоветувањето со државата, поистоветувањето со нацијата и поистоветувањето со политичките партии. Ова поистоветување многу му помага на демонот да ја наметне својата илузија. Полесно го сметаш за непријател оној што не е жител на твојата држава, што не е припадник на твојата нација, што не е член на твојата партија, како и оној што на својот христијански идентитет му дава првенство пред твојата главна самоидентификација[1].

---

[1] Види: „Дарот на Светиот Дух Господ", стр. 124–128.

Нашиот проблем е што за разбивање на илузијата на злото ни треба да се појави Вистината, односно носител на Вистината, односно личност – партиципиент во Вистината и медиум на Вистината, т.е. пастир кој, со својата појава во сила, ја разбива илузијата и носи трезвеност и покајание меѓу луѓето, а таквите се реткост.

Но, таму каде што ќе се појават вистинските пастири, илузијата исчезнува како темнината од светлината, се случува духовното прогледување, како и можност за здобивање со плодовите на Светиот Дух: *љубовта* [кон сите]*, радоста, мирот, долготрпеливоста, добрината, милоста, верата, кротоста, воздржливоста* (Гал. 5, 22–23), како и единството и заемното помагање. Против носителите на овие дарови нема „закон“ или световна и демонска сила.

Во одредена мера сѐ е илузија додека сте на првиот степен од духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*), освен словото на духовникот. Внимавајте, не реков дека не е илузија вашиот однос кон духовниот отец, туку дека не е илузија само неговото слово кон вас. Односот ви е душевен, а тоа убаво се гледа – сликички од духовникот со дечиња, со птички, со животинки и патетични коментари на Фејсбук.

Потребно е да правиме разлика кога сме заробени од некоја страст и кога не сме заробени. Кога сме заробени, илузијата веднаш се активира. На пример, штом ни ја повредат суетата, односно високото мислење за самите себе, илузијата вед-

наш се активира, нѐ опфаќа и паѓаме под нејзина власт, односно тој што нѐ повредил ни станува непријател. Истото важи и кога ќе ни ја повредат суетата во областа на илузијата на поистоветување со државата, нацијата и партијата. А сосема друго е кога илузијата треба прво да продре во нашето срце преку демонската помисла, односно таа да нѐ наведе на разговор, да предизвика интерес и на крај, согласување и прифаќање – како во случај на сластољубието и среброљубието.

Што треба да направиме за да се спасиме од оваа општа, гревовна и демонска состојба наречена прелест, односно илузија, откако ќе бидеме заробени од неа, под услов навреме да се освестиме и да ја забележиме; и без оглед во која сфера од нашето постоење ја доживуваме (биолошка, душевна, „духовна“)?

Исповедта пред духовниот отец – поврзана со аскетско покајание, плач и послушание, најчесто целосно ја обессилува илузијата, зашто го отвораме срцето, т.е. го откриваме местото од каде што илузијата дејствува и се откажуваме од неа, за истото повторно да биде заземено од Божјата благодат.

За жал, илузијата ја има таа сила над нас – сето ова погореобјаснето во момент на искушение да го заборавame. Затоа Отците инсистираат на аскетски подвиг – прво да научиме и запаметиме, а потоа и да се принудиме да го восогласиме нашето однесување, нашите зборови, мисли, чувства и дела со Христовите, иако во моментот на илузија

ништо од тоа ниту чувствуваме, ниту сакаме да направиме. Но, не изумувајте, илузија и Причест не одат заедно...

Пресвета Богородице, спаси нас!

## *Содржина*


| | |
|---|---|
| Предисловие:<br>*Капки мед од саќето Небесно,*<br>*за Адам паднатиот*<br>проф. д-р Венко Андоновски | 7 |
| Вовед:<br>д-р Ангелина Илиевска | 45 |
| *Прочитани* | 65 |
| *Кога Те видовме?* | 69 |
| *Простување* | 70 |
| *Фејсбук православие* | 71 |
| *Свесност* | 73 |
| *На Крстот Твој се поклонуваме, Христе* | 74 |
| *Своеволен идентитетски подвиг* | 75 |
| *Покајание* | 76 |
| *Цветници* | 77 |
| *Распнување* | 79 |
| *Не плаши се, мало стадо* | 80 |
| *Лесно предвидлива разврска* | 81 |
| *Прирачна психоанализа* | 83 |

| | |
|---|---|
| *Дијагноза и терапија* | 90 |
| *За Божјите дарови* | 95 |
| *За жените мироносици* | 98 |
| *Депресија и надеж од православен аспект* | 101 |
| *Како се сведочи Човекот* | 105 |
| *Пробивање низ темнината* | 110 |
| *Недела на слепиот* | 114 |
| *Повторување* | 118 |
| *Дарот на Светиот Дух Господ* | 124 |
| *Никогаш човек не говорел така како овој Човек* | 129 |
| *Недела на сите Светии* | 134 |
| *Антиномичност* | 140 |
| *Умно-срдечната молитва – критериум за вистинско маченештво* | 147 |
| *Кој се гневи, без причина, на братот свој* | 153 |
| *Како да ја достигнеме молитвата на срцето* | 157 |
| *Слово за фарисеите* | 165 |
| *Кажи само збор* | 167 |

| | |
|---|---|
| *Умно-срдечната молитва – критериум за вистинско богословие* | 173 |
| *Првенство по чест* | 180 |
| *Прелест на умот и прелест на срцето* | 187 |
| *Бесчувствителност* | 193 |
| *Екстремно одрекување – екстремни дарови* | 199 |
| *Ниту популизам, ниту индиферентност; туку пастирска грижа* | 205 |
| *Словесно стадо* | 211 |
| *Јас сум и Вратата и добриот Пастир* | 219 |
| *За некои неодговорени прашања* | 223 |
| *Молитва за цел свет* | 229 |
| *На рјеках Вавилонских...* | 233 |
| *Луѓето се подготвени да променат сѐ, освен себе* | 238 |
| *За комфорот* | 242 |
| *За судењето и осудувањето на другите* | 249 |
| *За самооправдувањето* | 255 |
| *Секташко однесување во Црквата* | 258 |
| *Куќа без темели* | 264 |

| | |
|---|---|
| *Секташки дух* | 266 |
| *За оние што се мислат безгрешни, пречисти и сигурно спасени, па сега ќе ја спасуваат и Црквата* | 272 |
| *Со кого може да се разговара и за што* | 281 |
| *Што е разликата помеѓу опсесија, илузија, прелест и помисла?* | 286 |
| *Како одат работите...* | 292 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

159.91

МИТРОПОЛИТ Струмички, Наум
Прирачна психоанализа / Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2021.
- 304 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Предисловие: „Капки мед од саќето Небесно, за Адам
паднатиот“ / Венко Андоновски: стр 7-43.
- Вовед: Ангелина Илиевска: стр. 45-62.
- Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-893-31-5

COBISS.MK-ID 53587205

Печати:
„Европа 92“ – Кочани

На корицата:
*Воскресение Христово*, икона, 14 век,
Охридска галерија на икони